Кажувања на еден желеец

Книга за Ристо Мавровски



Средил, припремил и искоментирал неговиот син

Спиро Мавровски

Кажувања на еден желеец

Книга за Ристо Мавровски

Published by:

Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2015 by Spiro Mavrovski & Risto Stefov

e-Book Format

July 28, 2015

СОДРЖИНА

Предговор 5
Кратка автобиографија 6
Семејството на прадедоми Ристо Шкаврев 7
Моето семејство 9
Татко ми Михаил Бојков (1903 – 1964 год.) 9
Мое видување за стрико ми Ѓорги 11
Мои лични видувања за дедо ми Мијал 12
Мојата мајка Неда Јотева Шкаврева (Маврова) (1900–1948 год.) 12
Мојот брат Спиро Михаил Шкаврев (Мавровски) (1925 – 1948 год.) 16
Мојата сестра Софија Михаил Шкаврева (Стефова) родена 1932 год 21
Мои сеќавања за средбата со тетка ми Софија 22
Најмалиот брат Никола Михаил Шкаврев Мавровски (1937 – 2007) 25
Неколку збора за мојот стрико 26
Мојата снаа од брат Христина Васил Беќарова, Шкаврева 28
Моето сеќавање за првата средба со Ристана 28
Мојот брачед Васил Христо Шкаврев, Мавровски (1914 – 1990 год.) 29
Кратка историја на село Желево (Andartikon), Леринска околија (Florina) 30
Планините 32
Плодови дрва и растенија 32
Води во нашето село 32
Животни диви и домашни 34
Развој на селото 34
Село Желево географски по маала 37
Куќата 41
Аурот (штала за воловите) 43
Храна 43
Облека што ја носевме 44
Христо Михаил Шкаврев, Мавровски (1928 – 2004 год.) 45
Детските игри во Желево 47
Даскали што не учеа во школото 48
Нашето имање во с. Желево 49
Човечки капацитети 49

Како живееше и како се прехранувваше селото во времето од 1928 – 1940 год. 50
Војните во Желево 1939-1945 год. 52
Граѓанската Војна во Грција 1945-1949 година 62
Последиците од војните за желевци (преселби) 1949год. 67
Раселени желевци после Граѓанската Војна во Грција 68
Моето излегување во партизани 1947 година 74
Во болницата во Тирана – првото ранување 82
Повторно во борбите на Грамос 1948 год. 83
Второто ранување, одење во Булкес, октомври 1948 год. 85
Повторно на фронт, април 1949 год. 87
Третото ранување, 12.08.1949 год. кај Лисец 89
Мое кажување за болница „250“ 90
Културно уметнички живот во Швидница 112
Запознавање и брак со Софија Роси 114
Принова во семејството, првиот син Спиро 115
Нашата преселба во Македонија 117
01.09.1957 год. ФНР Југославија, НР Македонија 118
Хотел „Солун“ 118
Како ја најдовме Битола во 1957 год Битола 120
Егејската зграда 122
Кажувањата на мајка ми Софија Роси Мавровска 124
Мое видување за семејството на мајка ми 127
Вториот син Васил 131
Нашата најмала ќерка Неда 135
Периодот 1958 –78 год. 135
Мојот општествен живот 138
Спортот во Битола 139
Мое видување за спортот 140
Настани во мојот живот 142
Моето видување за татко ми Ристо Мавровски 145
ВИДУВАЊА НА РИСТО ЗА СВЕТСКАТА ВОЈНА 155
Мои видувања за изгубената граѓанска војна 160
Мое видување за помошта од Америка и крајот на Граѓанската војна во Грција 162
Мое видување за раководството на ДАГ 168
Пролог 170
Епилог 172
КРАТЕНКИ 173
Литература 174

Предговор

Оваа книга не претендира да ги каже историските факти, не е историографски прецизна со време, настани и личности. Зошто? Ова се белешки од мојот татко кој ги пишувал некаде во далечните 90-ти години, со временски интервал од повеќе од 40 години од некои случувања. Тоа беше напишано во 2-3 тетратки, многу од настаните се повторуваа, за многу личности се забележани само имња, или села од каде се личностите, но почувствував потреба сето ова да го средам, да го подредам, да го претставам мојот татко на нашите семејства, кои допрва доаѓаат каков и што бил нивниот дедо, прадедо, што оставил, за што се борел во животот. За да ние денес можеме да го продолжиме неговото дело и бидеме горди што сме имале таков родител кој оставил многу во самите нас. Ние до крајот на животот со гордост ќе го споменуваме неговото име и дело. Доколку со моето пишување го задржам вниманието и на случајните читатели на оваа книга ќе ви бидам благодарен, и една замолница до сите Вас, доколку имате нешто со што би го дополниле или исправиле текстот би Ви бил многу благодарен, податоците да ги доставите до мене, за да ги искористиме во некоја друга прилика.

Во книгата ќе ги прочитате основните податоци за семејството на татко ми од прадедо му Ристо, до неговите наследници денес. Историографски, географски, етнолошки, културолошки и други видувања за село Желево и живеењето во него. Лични видувања за војните, втората светска во Грција и пошироко, граѓанската војна во Грција, видувања за ДАГ, неговата борба и ранувањата. Одењето во Полска и целото негово делување таму, партиски, воени школи, работа во фабрики, учество во организации, културни и политички. Доаѓањето во Република Македонија, животот и настаните во Скопје, Битола, работата во фабриката за фрижидери, општественото живеење, семејството и на крај спортот тој неизбежен дел од неговото живеење. Накратко ова е тоа што ќе можете да прочитате, се разбира тука се и нашите размисли од нашето семејство за него како човек, родител, сопруг, дедо. Во прилог ќе има фотографии за оние кои ги имаме и за настани кои се значајни за нашето семејство. Во книгата има мали делови од пронајдени

историски факти кои говорат за истите настани за кои зборува мојот татко, само го потврдуваат неговото видување на настаните, за жал за многу од настаните, не можев да ги пронајдам личностите, во некој следен обид ќе го направам и тоа, засигурно му го должам тоа, по се она што тој направил за мене.

Ова е мое прво пишување, прв обид да изнесам нешто и од моите видувања за Беломорска Македонија. За тоа многу пати сум зборувал, била моја тема и во Македонскиот парламент, во многу говори во најразлични здруженија за Беломорскиот дел и јавно. Овој мој прв обид се надевам дека нема да биде и последен, во долгите разговори со мојот татко за многу работи имаше многу недоразбирања во однос на некои настани, личности и дела, дури и кога истите беа сеуште живи, а не потоа кога не ќе можете да ги слушнете двете страни.

Следното ако го има би напишал нешто лично и мои размислувања за одредени настани, малку или многу поразлични од неговото видување и доживување на настаните каде тој беше директен учесник. Од временска дистанца некои работи изгледаат поразлично.

Кратка автобиографија

Мавровски Ристо (Mavru Hristo), роден 1928 год, во село Желево, Леринска околија, Егејска Македонија, од татко Михаил и мајка Неда.

Основно училиште од 6-ти клас завршив во селото, а после завршувањетso останав со родителите. Поважни датуми во историјата и мои се: 28.10.1940 год. започна грчко – талијанскиот бој, 1941год. капитулација на Грција, во селото после тоа дојдоа германци и италјанци, се до капитулацијата на Италија 09.07.1943 год. после тоа повторно се враќаат германските војски и остануваат до 20.10.1944 год. После нивното заминување доаѓаат војските на ЕЛАС кои останаа до март месец 1945 год. За цел овој период јас сум во селото и работам во позадината.

После заминувањето на ЕЛАС-то во селото доаѓа монархо фашистичката војска и останува во селото до април – мај 1947 год. Пролетта 1946 год. започнува граѓанската војна во Грција и завршува на крајот на Август 1949 год.

Јас излегувам партизан во јуни 1947 год. и се борев во граѓанската војна се до нејзиниот крај, три пати сум рануван, бев лечен во Албанија, Југославија и Полска, при тоа сум четири пати оперисан, останат со траен воен инвалидитет од 70%, неспособност до крајот на мојот живот. Имам семејство сопруга, два сина Спиро и Васил, ќерка Неда снаи Елена и Маријана, зет Здравко, внуци Цветанка, Христо, Васко, Методија, Марика и сега веќе правнуци и зетови и снаи од внуците.

Ова го пишувам и посветувам на моето семејство, за кое сум премногу среќен дека се толку на број и ќе се множат, нека тие проценат за се што направив во животот и оставам на нив да го продолжат делото и да ја завршат нашата почната и незавршена работа.

Се надевам дека со ова ќе го задржам вашето внимание, и за се она што не ви го кажав во животот ќе се потрудам да го напишам за вечно да го имате пред вас.

Семејството на прадедоми Ристо Шкаврев

Прадедо ми Ристо со неговата жена имале четири деца, три сина: Јоте, Трпо и Јован и една ќерка Митра.

Првиот син го крстиле Јоте. Дедо Јоте се жени за баба Стојна, тие се нашите претци. Тие имале три ќерки и еден син. Ќерките ги крстиле: Мара, Таса, и Неда мојата мајка, и синот Ристо.

Тетка ми Мара се мажи за Ѓорѓи Трендов и имаат два сина Пандо и Танас, и три ќерки Дафина, Велика и Митра.

Тетка ми Таса се мажи за Ѓорги Перелов и имаат четири синови: Филе, Вангел, Пандо и Иљо, и една ќерка Фанија.

Вујко ми Ристо се жени за Вана, невеста од село Јановени, костурско и имале еден син кој го крстиле Васил. Но за жал вујко ми умира а Вана го остава детето кај баба и, и мајка ми па тој расти заедно со нив и нас. Вана се премажи за Крсто Јандревски.

Мајка ми Неда се омажи за татко ми Мијал. Имале четири синови: Крсто, Спиро, Ристо и Никола и една ќерка Софија.

Ова дотука е семејството на дедо ми Јоте кое го продолжуваме ние неговите потомци.

Вториот син на прадедо ми Ристо е Трпо кој има три сина: Коте, Павле и Васил, една ќерка Дафина со мажот и Трајко, оваа фамилија е комплетно во Канада и јас немам некои поголеми информации за нив.

Третиот син на прадедо ми Ристо е Јован и тие имале само еден син Лазо. Лазо се жени и има два сина: Танас и Доне и две ќерки Петра и Велика.

Тука се случува еден немил настан пред да биде оженет дедо Јован. Арамиите геги го беа фатиле Јован додека берел дрва, го врзале и го носеле по патот, каде ги сретнало некое дете на кое му рекле ќе одиш во селото и ќе му кажеш на Ристо Шкаврев, да донесе златни лири оти ако не, ќе го убијат неговиот син Јован. Прадедо ми Ристо земал пари и ги пречекал гегите кај Бачорно орниче. Јован бил врзан, но се случило нешто неочекувано тие сакале и него да го носат за Албанија, но прадедо ми Ристо пошто знаел нешто албански ги разбрал гегите, па им понудил да запалат по една цигара а на Јован му кажал да слези за по надвор и да бега колку што може подалеку. Така детето избегало но останал прадедо ми Ристо со нив, тие го однесоа до село Трнаа и тука го заклаа, главата ја однесоа во Корча, а телото го закопаа во нивите трновски.

Во Корча некои власи од село Псодери ја познаа главата и за тоа јавија во село Желево дека Ристо Шкаврев е заклан, и прикажан како голем ајдутин, но вистината е оваа.

Танас се жени за жена од Гиновци, Доне зема жена од Трпчеви, Петра се мажи за Јане Манџуков, а Велика за момче од Јован Беќаров.

Ќерката на прадедо ми Ристо е Митра, таа се мажила за Илија, кој станува поп и се сега Поп Илиеви. Тие си изродија многу деца и тоа: четири синови Никола, Богоја, Пандо и Павле, шест ќерки и тоа Мара, Елена, Софија, Цвета, Кала, Архонда од нив по една се омажи во село Герман и Арменско а сите други во село Желево.

Ова е она што јас го знам за семејството на прадедо ми Ристо Шкаврев.

Моето семејство

Моето семејство беше од следните членови: Татко Михаил, мајка Неда, браќа Крсто, кој почина многу млад, Спиро, јас Ристо, сестра ми Софија, малиот брат Никола, тука беше и мојот братучед Васил Шкаврев и баба ми Стојна, вкупно осум членови.

Братучедот Васил беше роден 1914 год. но откако умре татко му остана со баба ми и мајка ми и со нас. Баба ми Стојна почина во 1936 год. но пред тоа ослепе и цел товар и за нас и за неа и за брачедо беше на мајка ми Неда.

Татко ми Михаил Бојков (1903 – 1964 год.)

Во меѓувреме мајка ми се омажи за мојот татко Михаил кој беше со потекло од сегашниот албанскиот град Билишта, роден 1903 год. православен македонец. Имаше три сестри кои беа мажени во село Ореово, Преспа и тоа Мара во семејство Џамбазови и Сандра омажена за Мијал Мијаловци, а Ристана беше мажена во село Раби, Преспа за Божин. Татко ми се презиваше Бојков, од татко му Бојко, но во селото го зеде презимето од мајка ми Шкаврев, но во селото го викаа Мијале Арнаутчето, како за секој дојденец и тој имаше прекар. Татко ми беше добар мајстор за градење куќи и други мајсторски работи, на тој начин се грижеше за цело семејство. Татко ми

работеше и по селата, а најповеќе во село Буф, тука цело село го познава како Мише мајсторот. Во селото работеше со многу семејства ќе ги напоменам оние каде сум работел и јас: Опашинови, Поповци, Јанкулови, Еминагови, Чинчеви, Тргачови, Србинови, Василеви, Гагачеви, Бејкови, и многу други кои не ги помнам, но татко ми остави голем печат во село Буф. Други села каде што работеа се: Арменско, Свата Петка, Горно и Долно Клештина, Клондораби, Лажени, Герман, Раби, Рудари, Штркоо, Папли, Оровник и Лак во Преспа. Има работено на патот за Преспа, на караулата на грчко албанската граница (телониото) во село Смрдеш. Работел на грчко бугарската граница во 1936 год. каде се градеше одбрамбената линија (Grami Metaxa), и тоа за да Грција се брани од бугарски напад така да преку цело лето работеа добри мајстори, меѓу нив и татко ми, го правеја одбрамбениот sид од Аргирокастро се до Кавала на крајот. Тајфата на татко ми со кои работеше беа: Трпо Попов, Коле Алтано, Гиро, Ламбро Тркалов, Стерјо Тркалов, Спиро Ласко, Коле Пучугов, Дане Чаков (подоцна стана воденичар), овие беа постарите и најдобри мајстори а со нив имаше и помлади кои помагаја, меѓу нив беа: брат ми Спиро, Коле Карафилов, Ристо Тркалов, Ѓорги Гушев и многу други.

Татко ми беше секогаш многу работлив и почитуван човек во селото, никогаш никому не борџел, а не сакал ниту караници, секогаш весел прв на орото посебно Тешкото, и покрај сета работа секогаш наоѓаше време за нас децата. Тој стално не учеше да бидеме работливи, чесни, ценети, према секого, да не крадиме, не лажиме, и секогаш велеше „ Со работа се ќе имате“.

Тој беше и работник и педагог и организатор, никогаш не велеше да било која работа е завршена, беше прогресивен, зошто неправдите ги чувствуваше на својот грб, многу работа и мала плата. За време на окупацијата 1941-45 год. тој пак најдваше време и начин да копаме нови нивје, ги сееме со рж и кртули (компири), јачмен, овес и се тоа да проживееме. Тој беше организиран во покретот со чеканот во раце, а од 1947 – 49 год. и ако во постари години зеде учество во редовите на ДАГ, беше на Грамос, Вичо, Албанија, се до крајот на јуни 1949 год. кога беше поставен за полјак во селото се до 16.08.1949

год. кога е заробен од грчката војска на Превал, така да не се префрли со останатите во Албанија, продолжи да живее во селото и да работи но уште во потешки услови отколку претходно. Тој остана во селото само со ќерка му Софија, а децата Спиро загина во месец јуни 1949 год на Шестевската Бука, јас бев во Полска, а Коле во Унгарија, мајка ми почина во април 1948 год. така да тои остана вдовец на 45 год. Беше принуден да се ожени за жена од село Оштима, со која имаше машко дете Ѓорги Бојков, но поради децата кои ги имале и двајцата од претходните бракови, детето го дале на посвојување во село Лажени, леринско кај луѓе што немаа деца.

Мое видување за стрико ми Ѓорги

Уште една средба со човек од семејството на татко ми, за жал таа средба траеше не цел ден. Таа средба беше со пара братот на мојот татко Ѓорги Бојков. Бев директен учесник на таа средба, летото 1978 год. кога на вратата на нашиот стан зазвони едно симпатично младо момче кое го побара Ристо Мавровски. Татко ми беше на работа, а пошто детето говореше грчки ја повикав мајка ми за да се разберат. Таа ми кажа дека тој е брат на татко ми, по што јас бев доста изненаден затоа што претходно не ми кажал никој ништо, за ова младо момче малку постаро од мене. Откако ручавме дојде татко ми се запознаа, затоа што и тој за прв и последен пат го виде тогаш и тргнавме кај стрикото Коле. Кога него го прашавме дали го познава, тој гледајќи го млад мислеше дека е мој другар, но откако научи кој е имаше многу солзи радосници, затоа што го виде својот брат. Жалното во сето тоа беше, што тој мораше да се врати назад и да замине за Канада каде тетка ми Софија го повлече кај себе. Понатаму тој беше еден од најредовните кој секогаш се јавуваше за да ги честита Божиќните и Велигденските празници, се ожени си има деца и посакувам таа врска со него, да не прекине со смртта на татко ми, ние го сакаме како дел од нашето семејство сега и за секогаш до век. Те сакаме наш човеку.

Покасно сестра ми Софија се омажи за Коле Филев од село Оштима, па така татко ми работеше и живееше кога во Желево кога во Оштима, а после разводот со новата невеста, се пресели

и живееше со сестра ми Софија во село Оштима. Тука останува до крајот на животот во септември 1964 год. и неговата желба да дојде и живее со своите синови во Битола никогаш не се оствари. Тука дојде само еднаш кога го видовме, за жал после тоа се разболе и почина.

Така завршува неговата историја, но неговото дело продолжува од неговите деца Ристо, Коле, Софија и парабратот Ѓорги Бојков, неговите внуци секогаш ќе го споменуваме и почитуваме како најсакан и почитуван наш родител, татко и дедо. Нека му е вечна славата и нека почива во мир. Од неговиот син Ристо.

Мои лични видувања за дедо ми Мијал

Дедо ми успеав да го видам само еднаш во животот. Се сеќавам дека дојде и зборуваше. Татко ми и стрико ми да бараат место или готова куќа, за да можеме сите заедно да живееме. Дедо ми како sидар мислеше дека ќе го направиме тоа, носеше доста пари со него, кажа дека ќе се врати да го продаде имањето во Желево и ќе се врати, за жал никој повеќе од нас него виде мојот дедо Мијајле, ни останаа сликите каде е прв на орото, и со соселаните на кафето. Нека му е лесна земјата, споменот остана.

Мојата мајка Неда Јотева Шкаврева (Маврова) (1900–1948 год.)

Мојата мајка Неда Јотева Шкаврева (Маврова), родена 1900 год. во село Желево, од татко Јоте, мајка Стојна со моминско презиме Бачкова покасно Шкаврева. Неда беше последно дете на тоа семејство. Неда не заврши школа но беше многу бистра, убава и паметна жена. Пошто претходно сестрите и братот се оженија само Неда после смртта на татко и Јоте, а покасно и брат и Ристо остана дома за да ги гледа сите останати, друг избор немаше, за да биде блиску до мајка си. По смртта на брат и Ристо, сната се премажи за Крсто Јандровски и го остави синот Васил да го гледаат тетка му и баба му. Бидејќи Неда беше најмала сестрите ја замолија да остане дома и тие му најдоа момче, домазет од далеку дури од град Билишта.

Разликата меѓу нив беше три години, постара мајка ми од татко ми. Мајка ми продолжи да ги гледа Мајка и и внук и, а во 1923 год. му се раѓа првото дете по име Крсто, второто Спиро се раѓа 1925 год. така да постепено семејството се зголемува со нови членови и нови усти за хранење. Таа се принудува да работи повеќе и тоа како аргатка кај сестрите, и кај други по богати селани за да можат да се прехранат.

Внук му Васил кој се родил 1914 год. веќе пораснал и го пратија на школо во Лерин за да учи, да не речат селаните дека е сирак, но мајка ми Неда во 1927 год. и се случила голема трагедија, синот Крсто трчајќи по некоја кола, паднал и потоа починал само на 4-ри години, и останува само со Спиро. Но следната 1928 год. се раѓам јас Ристо, третото машко дете, името го добивам по мојот вујко кој починал порано. После моето раѓање баба ми Стојна од многу плачење по син и и внукот Крсто, ослепе така да тоа беше уште еден проблем за мајка ми. Но таа не потклекна никогаш ниту во еден момент, и со помош на мажот и Михаил, сестрите, со работа дење ноќе, успеа да се справи со животот. Така со работа дома и на ниви времето бргу си врви, а 1932 год. се родило девојче кое го крстиле Софија. Во 1935 год. умира нејзината мајка Стојна, а 1935 год. внук и Васил заминува да служи во грчката војска така да сега семејството е од трите деца и моите родители. Со тоа олесна работата, бидејќи Спиро беше поголем и ги чуваше своите браќа и сестри, па мајка ми работеше кај сестрите, но имаше време да ја гледа сопствената стока. Треба да кажам дека баба ми и сестрите на мајка за животи цел имот го поделија на пола помеѓу брачедот Васил и нас останатите. Негде 1936 год. Васил се вратил од војска и работел пољак во селото.

Во 1937 год. се роди и последното машко дете Никола (Коле), така семејството сега има седум члена, се до 1939 год. кога внукот Васил се оженил за Елена Сандрина, и од тука се почнува да се движи право удолу, се направи делбата а за Неда и Мијал остана само работата и маките келепур. Почнаа расправи и караници, гибање по камарите каде кокошките несеа јајца, така да Мијал и Неда решија да во дворот изградат нова куќа за Васил со Елена, а нашето семејство остана во старата кашта.

Дојде есента 1940 год. 28.10. Италија ја нападна Грција, започна бојот во нашите места. Грција ги затвори школите, по патот од Лерин покрај нашето село дење ноќе врвеа само колони со војски, фронтот беше само на 24 километри од селото. Само после три дена над селото три италјански авиони го бомбардираа селото, така да тука паднаа и првите жртви, а беше ранета Кала на глигуровци која остана без рака.

По неколку дена стана евакуација на селото, така да ние со мајка ми останавме три недели во село Буф во куќата на Бејкови. За тоа време грчката војска го зазеде аеродромот во Корча така да не постоеше опасност од бомбардирање и ние се вративме во селото, каде за цело време остана татко ми да ја чува куќата и имотот.

Внукот Васил и многу други желевци беа на фронтот, татко ми заради тоа што имаше четири деца беше ослободен од војската.

Војната продолжува а и животот продолжува, дојде Велигден 1941 год. кога во селото пристигнаа германците. Така Грција падна под окупација на германците, но многу скоро пристигнаја и италјанците, така да границата беше поставена на Бигла планина, кај нас и во преспа германци а во костурско италјани. Со нивното доаѓање почна и гладоста, тие испразнаа се по магацините така да резервите се потрошија. Во Грција илјадници изумреа од глад, не помогнаа ниту пари ниту злато.

Неда со Мијал се трудеа да не дозволат нешто лошо да им се случи на семејството, со голема економија, малку храна, со кртули, граф, малку брашно, некои лоши работи не станаа, цело село го проживеа сето тоа. Мијал работи за малку мисир само да не дозволи да страдаат децата.

Дојде и 1942 год. сега сите селани копаат, ораат нови ниви, садат рж, јачменч мисер, и повеќе кртули и така нема опасност од гладување.

Есента 1943 год италјаните почнаа да ни ја зеват стоката, овци, говеда, крави, телиња, му текна на некој си Марино од село

Гавреш да клади пари и ги наговори костурчани кои работаат со кожи, така да италјаните во селото даваат наредба на 10 овци се зема една, ако имаш два волови се зема еден, ако имаш крава и теле се зева телето итн. Така на мајка ми му го зедоа телето, оти ние немавме овци, туку само крава, теле и магаре. Во истото време доаѓаат наоружани луѓе на Калчев да го опљачкаат селото оти било „мрсно“, гркоманско, но селаните побараја помош од италјаните и тие не дозволија да се направи пљачка, само ручаа и си заминаа. После тоа италјаните поделија пушки на некој од селаните. Во ова време се делеше жито во село Арменско за тие кои се пишуваа бугари, но тоа беше далеку од нашето семејство, моите не се мешаа во тие ора.

Пролетта 1943 год се разви партизанското движење, во кое учествуваше активно мојот брат Спиро, кој секогаш кажуваше издржете уште малку ќе паднат овие гадови. Навистина на 09.09. 1943 год. Италија капитулира, но истиот ден во селото дојдоа германците и се сместија во кафето на Фото Сотиров, во куќата на Танас Јановски (шофер), на Брода и кај Нановци каде што беше штабот на германците во селото.

Кога паднаа италјанците Неда со децата собра доста пљачки, војнички работи, муниција и м у ја предаде на внукот Пандо Трендов како помош за партизаните. Бидејќи синовите работеа и помагаа во движењето Неда и Мијал беа вознемирени и секогаш ги учеа да бидат претпазливи. Но летото 1944 год. мајка ми заедно со мене се враќаше од нивата во Долни Купот со магарето товарено со трева. Германците СС единица ја застанаа пред кафаната, тука врвеше јазот за водениците со вода, каде германците направија голем вир во кој се ладеа, ја фатија за раменици два војници и ја турнаја во вирот, го пуштија кучето кон мајка ми, така да таа почна да се дави, тие смеејќи се ја извадија од вирот и ја фрлија тревата на ливадата. Јас тогаш отидов кај другите германци во куќата на Танас шоферот, викнав еден болничар, тој ја прегледа и стави инекција но мајка ми беше во несвест и остана долго да лежи во тревата. Покасно ја зедоа и ја донесоа дома да лежи, од тој момент Неда никогаш не се опорави и не беше онаа жена што секогаш се борела. Неда беше фрлена во вирот зошто беше накажана од некои селани дека носела храна за партизаните во

планина, но причината многу попроста, кавга за водата кои да полева во нивите во Долни Куп. (Токму поради тоа почина мојата баба Неда која за жал сем во сликите не сум успеал да ја видам). Но покасно истите германци што ја уморија мајка ми беа убиени близу до селата Трнаа и Руља од партизаните и истите се закопани до кафаната во нашето село. Неда после победата над германците 1945 год. остана да лежи во постела, летото 1945 год беше однесена во болница во Лерин но ништо не помогна, таа и понатаму остана да лежи дома полумртва и непокретна.

Во 1946 год. Мијал со децата ја преправи старата куќа и направи нова на истото место. Во оваа година Неда го жени својот син Спиро со Ристана Беќарова на Васил Беќаров ќерка, доста сиромашна но млада и убава невеста, така да Неда се израдува само на оваа невеста, но за жал во почетокот на 1947 год Спиро заминува во партизани, нешто покасно јуни 1947 год заминувам и јас во партизани, семејството се намалува, а кога Никола заминува со децата пролетта 1948 год. Неда останува со Мијал, Спировица и ќерката Софија. Не можејќи повеќе да го издржи сето тоа со големи болки во срцето таа почина на крајот на месец април 1948 год. Во борбата таа го даде својот и македонски голем син Спиро Шкаврев Мавровски кој беше ранет во Шестевската бука, почина кај Буката, донесен во селото и закопан до гробот на мајка си.

Мојата мајка постојано не учеше да бидеме мирни, храбри, поштени и чесни деца. Почина но остана за постојано срцата на останатите деца Ристо, Софија и Коле, нека му е вечна слава на таква мајка што самата борејќи се со сите тешкотии што ги проживе од кога се роди се до неговата смрт. Мајка ми почина на 48 години возраст но таа уште од 1944 год беше во умрените од германскиот фашизам.

Сето ова го пишува нејзиниот син за да никогаш не се заборави. Битола 1988 год. по повод 40 години од смртта на мојата мајка.

Мојот брат Спиро Михаил Шкаврев (Мавровски) (1925 – 1948 год.)

Роден е во село Желево, Леринска околија, Егејска Македонија 1925 год. како второ дете на Неда и Мијал Шкавреви. Потекнува од сиромашно работничко семејство, школото до шестти курс на грчки јазик го завршува до 1938 год. во селото. Бидејќи немаше можност да продолжи со школувањето, а татко му Мијал беше мајстор ѕидар, така почна да го учи занаетот мајсторлукот од татко му, но таков бунтовен не се сложува со експлоатацијата кон него и на останатите работници. Спиро се организира во младинската организација на КПГ, во селото главен организатор, раководител, беше стариот комунист Пандо Трендов. Спиро работаше во селото во партиската организација од почетокот на војната 28.10.1940 год. до пролетта 1941 год. кога за Велигден доаѓаат германските војски во селото, која набргу беше заменета со чета на италјански војници и специјална единица полиција „карабинерија“.

Под раководство на Пандо Трендов, Спиро Симовски, Илија Марков, Тоде Кировски и Коле Николов кои беа организација на КПГ во селото, брат ми Спиро заедно со други младинци собираат пушки, разна муниција, војничка облека, санитетски работи од повлечената грчка војска која се растури формациски, работите се криеја на строго доверливи места. Покасно истата година ги помагаа сиромасите и гладните фамилии.

Септември 1941 се формира ЕАМ, но и покрај неговата работа на ова поле тој заедно со татко му и останатите членови на семејството работеше земјоделски работи. Со истото се продолжува и во 1942 год. со организациска работа, а преку зимата брат ми Спиро со останатите желевци го ринат снегот на џадето што доаѓа од Лерин.

Талјаните не мируваат носат во селото пушки и вооружуваат одредена група на селани, од друга страна бугарските војски даваат пушки и пченка за тие што се изјаснуваат за бугари. Спиро не се меша во овие манџи, зошто веќе е организиран во КПГ. Италјаните прават рација во селото и носат една група селани во Костур, а малку потоа уште една од седум члена. Првата група се ослободи и врати но во втората се враќа само Поп Спиро од Балковци, а се стрелани следните желевци:

Пандо и Павле Поповски браќа, Пандо Ласку Стерју, Васил Ѓамов, Иљо Јандровски.

Пролетта 1943 год. излезе и првата група партизани и тоа: Пандо Марков, Ѓорги Сидери, Ѓорги Богданов, Коле Финдако, Лазо Јановски Глигоров и други што ги изуми. Така почна борбата против непријателот, а во летото 1943 год. излегоа нови партизани во одредите. Спиро како член на КПГ, е во групите што останууваат во селото за извршување на разни курирски и диверзантски акции, до капитулацијата на Италија 09.09.1943 год. Спиро под раководство на КПГ носи оружје во село Буф на партизаните од македонската војска, врши разни акции со кинење на телефонските врски, собирање храна и облека, така да на водици кога се фрла крстот Спиро успева да го фати и сите пари, храна собрани во селото ги пратија за партизаните. Помага за разоружување на вооружените селани во селото од италјаните, ги префрла Ерменците од германските војски кај партизаните, и друга пропагандна работа.

После заминувањето на германските војски есента 1944 год. во селото останаја само единиците на ЕЛАС-то, сега веќе немаше непријатели од надвор, но треба да се помага населението со разни агитации и акции за градење на нов живот. Малку порано во септември 1944 год. некој македонски единици на чело со Гоце се отцепија од ЕЛАС и преминаја во Вардарска Македонија, така да започна следна расправија во движењето, едни за грци други за македонци но војната не беше завршена.

Англичаните во декември 1944 год. прават инвазија во Атина и тука гине многу народ, но Грција полека станува англиска колонија, пошто ЕЛАС, ЕАМ, ДАГ од порано склучиле некои договори со англичаните и кралската бегалска влада во Египет. Покрај тоа што имаше 160.000 борци не можеа да ја добијат и станат господари во својата земја Грција.

Во тоа време Спиро е во селото и се бори според дадени партиски задачи. Пролетта 1945 год. во селото пристигаат првите монархо фашистички војски покасно и една чета англичани, кои не се задржаа долго во селото, така да селото повторно се најде окупирано но сега од друг непријател, така да

од тој момент почнува нова борба многу посурова од претходната.

Монархофашистите почнуваат да вршат претреси по куќите на борците, да ги тепат на јавни места на средсело, да ги затвораат и други гадости. Спиро тоа време се врати заедно со татко му да ја прават новата куќа, а во 1946 год. се жени за Ристана Беќарова, убава мома но малку сиромашна. Истата година требаше да има парламентарни избори во Грција, но партијата КПГ даде проглас никој прогресивен да не излегува на избори, Спиро максимално се вклучи во агитацијата никој да не гласа, што покасно го почуствува жестоко. Грчката влада направи мобилизација и војска отидоа само лојалните лица. Спиро со поголема група ги вратија со образложение дека е болен (дека е червен). Така Спиро не отиде грчки војник.

Во пролетта 1946 год. почна граѓанската војна која траеше се до август 1949 год. Плашејќи се од затвор или интернација што тогаш се случувајa масовно, Спиро пролетта 1947 год. со поголема група младинци заминива во партизани на планината Вичо, и станува борец на ДАГ. Оттука започнува неговата голема храброст, пожртвуваност, одрекување од неговата другарка, од неговато сакано семејство. Спиро се спрема со Леко Марков и други борци во специјална единица, за поставување мини, фрлање панцери на тенкови, рушење на бункери, телефонски столбови, мостови и патишта. Оваа група беше во штабот на Вичо. Спиро учествуваше во битките 1947 год. кај: Раково, Невеска, Горна и Долна Клештина, Овчарени, Дамбени, Четирок костурско и во други. Во борбата есента 1947 год. во село Сребрено, леринско, се ранува многу тешко, го губи едното око, но не ги напушта другарите, туку покажува голема храброст, за која преку радио Слободна Грција и главниот штаб на ДАГ му оддаваат признание и го прогласуваат за народен херој. Така после оваа борба беше префрлен на лечење во Албанија, Тирана за да биде префрлен во логорот Сукт.

Кога почна офанзивата на Грамос летото 1948 год. иако со едно око тој самиот побара да се приклучи на борбите се среќава со Цветко од Лерин, се бори цело време но повторно во една борба

од авионска бомба е затрупан во бункерот и повторно се ранува, и пак го префрлаат во Албанија овој пат во Корча. Но Спиро повторно не мирува, моли пак да се врати на фронтот и есента 1948 го. повторно се враќа на Вичо планина, но не за долго затоа што во битката кај Шестевската Бука повторно се ранува и сега е префрлен во Југославија во местото Булкес. Ова трае повторно кратко и во јануари 1949 год. Спиро е пренесен во Будимпешта, Унгарија, поради тешките повреди на окото, парчиња од граната во главата, тој на негово барање пролетта 1949 год. побара од тамошните власти да се врати на фронтот. Преку Албанија влезе во Преспа на слободна територија на ДАГ, каде е поставен за политички комесар на чета во месноста Врро над село Поздивишта, Костурско. Тука остана се до неговото последно четвртто,смртно ранување на 28.06.1949 год. во месноста Буката при една голема битка, поголем број од борците смртно страдаа а Спиро тешко, смртно ранет е пренесен во село Трнаа во болница, но тука почина. Неговите соборци Фана Симовска, Севда Станишева, Тена Темовска и уште еден борец што не го познавам, го однесоа во село Желево каде е погребан до гробот на својата покојна мајка. На сите оние кои го донесоа телото во Желево му благодариме за овој хуман гест кој никогаш нема да го заборавиме, сполај му на сите. Направена е голема почит кон Спиро како на комунист, борец и командант на ДАГ.

После смртта на Спиро во селото останууваат неговите татко Михаил, брат Ристо, сестра Софија, сопругата Ристана кои сите се директни борци во редовите на ДАГ и најмалиот брат Коле кои се наога во Унгарија со децата.

Ние ја продолживме борбата, по истиот пат по кој се бореше Спиро, за жал борбата ја изгубивме, но неговиот ведар лик и дух никогаш нема да го заборавиме, му останuваме верни со заклетвата што ја зедовме да се бориме и ќе се бориме до крајната цел Слободна, Демократска и Братска Мила Татковина, ова ќе го пренесеме и на неговите внуци, бидејќи тој не остави свое потомство.

За жал неговото семејство не успеало никогаш повеќе да се собери на едно место, сопругата Ристана во Полска се

премажува, татко му останува во селото се до смртта 1964 год, дотогаш со ќерката Софија, а после и Софија заминува во Канада, браќата Ристо и Коле после Полска заминуваат за Македонија и останууваат тука вечно во Битола.

Никогаш нема да биде заборавено неговото име и ликот на комунист, борец а пред се чесен, храбар младинец почитуван од сите. Нека му е вечна слава и вечна памет, од неговите браќа Ристо, Коле и сестрата Софија.

Мојата сестра Софија Михаил Шкаврева (Стефова) родена 1932 год

Родена 1932 год. во село Желево, од татко Михаил и мајка Неда, како најмала и единствено женско дете беше сакана и галена од родителите и браќата. На училиште тргна 1938 год. но кога започна војната 1940 год. училиштата се затворија, затоа не знам колку школо заврши, нека ми прости што не знам, мислам дека 1945 год. продолжи да учи. За време на војната и окупацијата таа беше мала и работеше низ куќата домашни работи. Од 1945 год. Софија останува покрај мајка и, и лично му прави измет на болната мајка и тоа продолжува и 1946 год. Истата година Спиро се жени и носи млада невеста, но веќе пролетта 1947 год. Спиро и Ристо заминуваат во партизани, а веќе 1948 год. Коле со децата е испратен во народните републики, така да само Софија останува од сите дома. Во месец април 1948 год. умира и мајка и, така да сега е само со татко и и невестата, но само за кратко време, кога почнаа борбите на Грамос, Мијал, Ристана и Софија се приклучија во партизанските единици така да целото семејство на Софија е со пушка во рака, така е се до август 1949 год.

За жал Софија со татко и, не успеваат да ја преминат албанската граница во август 1949 год. останууваат обиколени и заробени од непријателот во селото. Така Софија со татко и останууваат во селото, овој пат понижени, потурнати, мачени од другите селани. Тоа време 1949-50 год. беа најтешки за Софија, татко и зеде нова невеста со туѓи деца, а таа е во лоша состојба зошто знае каде се закопани мајка и, и брат и Спиро, зошто таа лично ги погреба и двајцата. Но благодарејќи и на брачедата Велика

Трендовска (Николова), која му помогна и ја наговори да се омажи за некое момче од село Оштима по име Никола Стефов Филев. Во 1951 год. Софија отиде да живее во Оштима каде им се раѓа првото машко дете Ристо покасно и девојче Катина. 1964 год. умира татко и Михаил го закопува и него и 1965 год. заминува во Канада каде им се раѓа уште едно машко дете Лазар. Зетот Никола во Канада има браќа сестри и друг голем сој. Софија таму има еден пара брат Ѓорѓи кој таа го донесе во Канада и многу брачеди.

Нашата средба со Софија и Никола се случи 1987 год. кога Софија и Никола дојдоа во Битола после толку тешки и долги години. Сега Софија и Коле (за жал 2011 год. почина, да му е лесна земјата), се канадски пензионери, а нивните деца паметни, учени и чесни работници во Канада. Семејството на Софија и Коле е следно:

Ристо со невестата Лори и децата Филип роден февруари 1982 год. и Давид роден декември 1983 год.

Лазар и невестата Лори со децата Никола роден декември 1992 год, и Лук роден август 1995 год.

Катина и зетот Даниел со децата Горди роден октомври 1982 год. и Лора родена август 1985 год.

Тоа е семејството на сестра ми Софија кое ќе ја продолжи нашата лоза во Канада.

За жал и покрај големата желба да отидам во Канада и сите напори што ги направивме со синот Спиро, не успеавме поради глупавите процедури, да одиме во Канада

Мои сеќавања за средбата со тетка ми Софија

Моите средби со мојата тетка Софија Стефова, и со нејзината фамилија во Битола. Првата средба беше во далечната 1965 год. Тетка ми за прв пат беше дојдена во Битола, да ги види своите браќа Ристо и Коле и нивните семејства. Браќата ги немаше видено од 1948 год. цели 17 години, затоа што тетка ми остана

во селото заедно со татко и, а Коле со децата замина за Унгарија, а Ристо после партизанството преку Албанија замина во болница во Полска. Средбата се сеќевам како во сон, со многу солзи, со недоискажани работи за минатото и големи желби за иднината.

За жал семејството на тетка ми не успеав да го запознаам, се до касните седумдесетти, кога од Канада дојде мојата тетка со тетин ми Коле, кога јас бев студент на Електро технички факултет во Скопје. Таа средба ќе ја паметам по еден во тој момент, непријатен разговор и повторно за Македонија.

Тетин ми Коле за прв пат беше во Р. Македонија, затоа што за Канада заминаа директно од Грција. Неговите кажувања беа дека во Торонто тогаш имаше амбасадор кој беше од Желево и истиот им кажувал дека во ООН ќе се постави македонското прашање и ќе биде со позитивно решение за нас. Јас како млад бев доста многу заинтересиран за политика и ја пратев, но во Македонија за такво решение никогаш не се зборуваше, црквените работи беа далеку од подршка на државата и јас тоа му го кажав на тетин ми кој ми врза еден шамар, (трешница) затоа што тој имал лично информација од амбасадорот дека тоа е завршена работа. Со него носеше наши македонски весници од Канада со многу црковни написи, но кога тетинот ги виде тогашните наши весници „Нова Македонија“ и „Вечер“, во кои немаше никакви написи ни за црквата а уште помалку за независна Македонија, се замисли дали е во право.

Во разговорите за партизанството со татко ми, научив многу за мојот тетин, за неговите страдања по затвори и острови уште повеќе, за тешкиот живот во Грција и неговата одлука за заминување во Канада со цела фамилија, што тогаш беше спас за целото семејство. Ми кажуваше за неговите деца, за учењето, за воспитувањето и се останато. Во однос за науката најповеќе ми кажуваше за мојот брачед Ристо кој тогаш исто како и јас, студираше на Електро факултет и веќе беше при крај. Втората средба беше после неколку години кога тетка ми и тетин ми сакаа и престојуваа во хотел Молика на планината Пелистер, од каде однесоа незаборавни спомени, од природата, убавината, питомоста на планината и бескрајно убавиот мирис на

единствената Молика, борот кој во другите околни предели го нема.

Моето задоволство да ги запознаам моите брачеди Ристо, Лазо и Катина и нивните семејства не ми се оствари се до блиската 2008 год. кога го запознав мојот брачед Ристо Стефов. Со другите сеуште се немам видено за жал, за прв пат беше во Р. Македонија, за да ја промовира книгата „Историјата на македонскиот народ“. Го видов воспитувањето од неговите родители кај него, неговиот благороден дух, вечерта до касно наутро го читав неговиот речник на Оштимски дијалект и долго, долго во ноќта плачев и ја проколнував нашата судбина, другите брачеди ги немам видено ниту пак децата на било кој од нив. Нашите и нивните деца веќе имаат и самите деца и не знам дали на оваа дуња некогаш и некаде ќе се видат.

Средбата со Ристе беше многу емоционална, со многу љубов и желба да ја види Македонија, посетивме многу градови, историски и културни споменици, ги видовме езерата, прекрасните планини, Крушево, Смилево, Прилеп, Охрид, Кичево, Тетово, Гостивар, Струга, Охрид, Вевчани, Свети Наум, Отешево, Ресен, Претор. Но првата средба беше во Скопје, по неговото доаѓање од Торонто, во истиот ден кога и Љубе Бошковски се врати од Хаг. Никогаш нема да го заборавам муабетот, кога после кажувањата за семејствата, го прашав дали е гладен а тој ми одговори „гладен скинат“, што татко ми велеше многу пати дома, така да вечерта останавме до касно да се најаде, јас бев на Петровденски пости, имаше уште 2-3 дена до Петровден, но неговото задоволство и искреноста кон мене како да сме биле заедно за цело ова време, ме увери дека крвта вода не бидува и ние сме многу блиски. Ми е жал што татко ми Ристо не успеа да го запознае, а тој секогаш кога сакаше да ни кажува за добрите работи во учењето го спомнуваше мојот брачед Ристо Стефов, кого бескрајно го почитувам, го почитувам неговото дело и се што тој прави за Македонија, Ристе да сте здрави и живи и секогаш да се споменваме додека можеме и да најдеме начин децата да се видат. Моите дедо Петар Стојковски Бабец како Дедо Мраз, заедно со бабата Милица, родители на сопругата Ленче, и снаата Јулијана од синот Васко, како актер во Битолски театар

имаа можност да ги посетат во Канада, останаа со многу убави спомени и големо гостопримство. Втората средба имаше уште поголема блискост, средбата во Ниже Поле со моите другари од зградата, за прославата на Денот на независноста 8 ми септември, остана во сеќавање, а и запознавањето со моите другари од детството што ми беше многу важно.

Нека ова пишување го завршам со почитта кон големиот борец, страдалник, маченик, човек кој остави големи дела зад себе за Македонија, нека ти е вечна славата голем јунаку, мој тетин Коле Стефов.

Најмалиот брат Никола Михаил Шкаврев Мавровски (1937 – 2007)

Никола Михаил Шкаврев (Мавровски), роден е 1937 год. во село Желево од татко Михаил и мајка Неда. Школо почна да оди во 1945 год. и тој беше последното машко дете на моето семејство, и воопшто последното дете. Коле растеше во многу лоши времиња и ги почуствува сите недобри работи од војните уште на три годишна возраст, кога за да се спаси од бомбардирањето на селото беше однесен во село Буф 1940 год. За време на војната расти со своите врсници низ селото, со сите борби за преживувања. За ова време со него се случија две несреќи од кои тој остана жив и здрав, првиот пат си го касна и пресече јазикот, со многу маки и лекување остана целиот, без последици, а вториот пат играјќи со децата се парализира. Татко ми го однесе во Албанија кај некој оџа, тој му даде некоја вода со која се миеше и некои други лекарства и таа епизода помина без последици. До 1947 год. тој е дома кога веќе го испраќаат да ги паси говедата и да помага во семејството. Но доаѓа пролетта 1948 год. кога Коле со многу други желевски деца е испратен за да се спаси од партизаните во народните републики. Неговото патешествие почна од Желево преку Браилово, Прилепско е испратен ва дом во Унгарија, каде се школува и останува се до летото 1955 год. Тогаш тој се преселува во Полска каде бев јас Ристо. Прво е испратен во град Згоржелец, од каде го земам кај мене во Швидница се до август 1957 год. кога заедно заминуваме за Македонија. Тоа

време Коле почнува да учи полски јазик, а истовремено и дограмаџиски занает.

На 01.09.1957 год. заедно со моето семејство се преселуваат во ФНРЈ, во Македонија, во прво време во Скопје, но веќе на 09.09.1957 год. заминуваме во Битола каде се сместивме во хотел Солун. Коле кога дојде во градот беше беќар, прво почна да работи во едно градежно претпријатие „Биграп“ од Врање, а малку покасно 1958 год. се префрла кај мене во фабриката за фрижидери „Ѓорѓи Наумов“ покасно „Раде Кончар“. Тука продолжува да работи како дограмаџија, а покасно 1961 година се жени за својата другарка Василка Крсте Џуклева од село Герман. Василка исто беше дојдена од Полска, кратко време живеаа под кирија во куќа во близина на саат кулата, за потоа со помош на еден роднина на Василка да купат куќа на ул. Сремска Митровица бр. 5 каде живеат и денес, им се роди машко дете Мијал кој се ожени 1987 год и сега има две деца Никола и Александра. Сето ова го пишува неговиот брат, Коле за секогаш да остане во сеќавање за идните генерации. Коле беше мојата слабост во животот.

Неколку збора за мојот стрико

За него мислам дека треба да напишам цела книга, единствениот роднина во Битола, човек со големо срце, човек кој во татко ми гледаше се и бескрајно беше поврзан со него. Од кога паметам сакав да бидам во негова близина, како дете преспивав во една куќа покрај градскиот часовник каде живееа под кирија со стрина ми и ми беа најубавите неделни утра. Се сеќавам на многу наши излети покрај реката Драгор дали е тоа Топла Вода или во диховскиот дел каде се капевме, се правеа ручеци, игравме безгрижно и се радувавме на животот. Со стрикото не врзуваше уште една голема работа спортот. Тука бевме секогаш тројцата без пропуштање на ниеден настан, најчесто се гледавме на игралиште и во спортската сала Младост, без разлика дали имаше тренинг или натпревар. Често бевме кај него во неговата куќа која беше во близина на нашиот дом на ул. „Сремска Митровица“ бр. 5. Сме береле и продавале на пазарот кајсии и сливи од дрвата во дворот кај стрикото. По смртта на татко ми од жалост не издржа уште многу, нецели 6

месеци почина и тој. Тој пушеше знаеше и да се поднапие по некоја чаша ракија, но никогаш да не претера а татко ми секогаш го караше како свое дете. Имаше проблеми со срцето, но татко ми и на болница и дома секогаш беше со него да му помага, теши и да му помага. Имам многу спомени со стрико ми но една работа би сакал да ја споделам со вас, нашето одење во Скопје и средбата на децата бегалци во Сарај. Тука имаше средби, солзи радосници, жалост за оние што ги нема, за оние кои останаа по светот. За сите нив а за спомен на стрикото им ја посветувам оваа прекрасна песна од Васил Пујовски, еден од тие деца бегалци.

ИМА ЕДНА СУДБИНА

Деца бевме, кому згрешивме
Виновни што бевме без вина
Толку тешко кој не проколна
Животот по светот ни мина.
А, плачат, плачат за нас планините
Сенките под маслините
А во нас, боли во нас и векува
Рана што пече, не се лекува
И низ светот нам секаде
Срцата ни ги отворија
Само таму нема враќање
Портите ни ги затворија.

А, плачат, плачат за нас планините
Сенките под маслините
А во нас, боли во нас и векува
Рана што пече, не се лекува....
Ех, колку тежат таму планините
Тешки се и горчините
На сите клета ни е судбината
Исто не боли далечината!

Кај и да сме не го заборавивме
Детството што таму го оставивме

Мојата снаа од брат Христина Васил Беќарова, Шкаврева

Христина Васил Беќарова, Шкаврева е родена 1928 год. во село Желево,од многу сиромашно семејство со повеќе женски деца од кои Ристана беше последното дете. Завршува 6 ти клас на грчки јазик во селото. За време на окупацијата на селото таа е дома и работи да поможи да опстане семејството. Како младинка се запознава со Спиро Шкаврев, мојот брат, таа врска станува се посериозна и на крајот стануваат брачни другари. Значи на крајот на 1946 год. таа станува член на семејството Шкавревци, но не за долго, потоа брат ми Спиро излегува партизан пролетта 1947год. таа останува кај нас до пролетта 1948 год. кога и таа заминува за во планина и се бори во редовите на ДАГ, до крајот на август 1949 год. од каде заминува за Албанија, од каде е префрлена во Полска, каде летото 1950 год. се премажува, зема момче грк и ствара ново семејство. Така од страна на брат ми Спиро немаме потомство, а Ристана престанува да е Мавровска. Во тоа кратко време што беше кај нас беше доста вредна и работлива, со некои грешки што ги направи покасно за кои таа си знае, и ќе се присети кога ќе го чита ова. Ристана сега живее во Скопје со својот другар и децата, адреса не знам, го пишувам ова за спомен.

Моето сеќавање за првата средба со Ристана

Мојата средба со мојата стрина Христина (Спировица) Шкаврева. Беше тоа некаде 1970 год. во Битола во мојата Егејска зграда, периодот после светското првенство во кошарка одржано во Љубљана, кога Југославија стана првак. Ние децата после ова игравме кошарка на секој чекор дури и во дворот и во влезот на зградата, така да тој убав пролетен, саботен ден, дојде една непозната жена со поголема торба во рацете, и ни ја прекина играта влегувајќи во влезот. Ненадејно се заврти на кај мене и ме запраша дали во зградата живее Ристо Шкаврев, но наеднаш се заврти накај мене ме гушна и почна силно да плаче, прашувајќи дали сум јас Спиро синот на Ристо, откако потврдив стисокот и писокот уште повеќе се зголеми и заедно заминавме на третти спрат кај нас во станот, каде после време се врати и татко ми со кого се немаа видено од Полска веќе 13 години, после долго плачење заминавме кај стрико ми Коле.

Паметам дека донесе како поклон една голема, прекрасна стаклена риба од Полска. После имавме уште неколку средби во Скопје, така да јас се сеќавам во добро светло на неа, покој и на нејзината душа да почива во мир, несреќата со мојот стрико ја пратеше цел живот.

Мојот брачед Васил Христо Шкаврев, Мавровски (1914 – 1990 год.)

Васил Христо Шкаврев, Мавровски е роден 1914 год. во село Желево од татко Ристо и мајка !!!!!!!, Школата ја заврши во селото, а после тоа продолжи да учи во Лерин угостителска школа. Васил уште од мал остана сирак, почина татко му Ристо а мајка му се премажува за Крсто Јандровски, тој останува да расти со баба му Стојна и тета му Неда. Затоа Васил остана кај нас и стана дел од нашето семејство, со завршен занает. 1934 год. Васил заминува војска каде служи цели 2 години, и кога се враќа станува селски пољак заедно со Павле на Поповци. Васил работи до 1940 год. кога повторно е земен војник и веќе на 28.10.1940 год. се наоѓа во првите борбени линии на албанскиот фронт. Тука продолжува да се бори во редовите на 303 полк каде и се ранува но повторно се враќа на фронт. После капитулацијата на Грција тој се враќа дома во своето семејство кое го основа заедно со Елена Сандрина и имаат две чупиња Јана и Тена а покасно и син Ѓорги. Така Васил се дели од тета му Неда живее свој живот, за време окупацијата беше во резервите на ЕЛАС, а во 1947 год. се приклучи во редовите на ДАГ, каде е ранет и префрлен во Катлановска Бања, Македонија. Од тука е префрлен во Скопје, до 1956 год. но во меѓувреме поради желбата да се врати кај своето семејство во Грција, паѓа во затвор. После затворот се остварува желбата и тој се враќа во Желево, кај своето семејство, но животот станува претежок и тој заминува за Белгија каде работи во рудници, а од таму се преселува во Торонто, Канада, каде се разведува од другарката Елена и се преженува со друга жена од Баница, Катина Кочопулу но со неа нема деца. Неговите деца се исто во Торонто омажени, оженети, тој живее со Катина

Ова го пишува неговиот брачед Ристо, кој од Васил јадел и ќотек кога овој беше пољак, зошто кравата правеше зијани по

полето, Васил го пиеше и вареното млеко, а со него спиевме и се покривавме со исти лозник. Напишано да остане спомен за идните поколенија. Нека му е вечна памет, Васил почина 1990 год. во Торонто, Канада.

Кратка историја на село Желево (Andartikon), Леринска околија (Florina)

Селото Желево е едно од поголемите села во овој крај заедно со с.Герман во Преспа. Желево припаѓа во Леринска околија, порано била во Костурско но јас не помнам таква работа, зошто сум се родил под леринска околија. Во времето кога сум се родил грците го преименуваа селото од Желево, во Andartikon и во грчките карти се уште постои под тоа име.

Ова се сеќавања на Ристо Мавровски за периодот од 1928 – 1949 год. за селото, вклучувајќи и сеќавањата на неговата баба и мајка.

Нашето село е големо и многу убаво, се наоѓа во пазувите на Бигла планина. Се граничи со селата: на северо исток со влашкото село Псодери (Pisoderi), на север со Герман (Agios Germanos), на северо запад со селата Рудари (Skalitea), и село Папли (Levkona), на запад со селата Оровник (Karijes), и Буковик (Oksija). На југо исток со Оштима (Trigono), а јас мислам дека се граничи и со село Бесфина (Fika). Тоа е големиот синор на нашето село кои постои и до ден денес. Селото е големо и така поставено да има убав панорамски поглед кога се гледа од патот кој поминува покрај село а ги поврзува Лерин преку Преспа со Корча во Албанија, а од друга страна продолжува преку Корештата до град Костур.

Од нашето село до албанската граница има 24 км. и до селата Смрдеш (Kristalopigi), и Вамбел (Moshohori), а блиску е и селото Раби (Lemo). Од тука произлегува и големото стратегиско значење на нашето село, од што произлегува богата историја и големите случувања за време на грчко – италјанската војна во м.Октомври 1940 год. а потоа и за време на втората светска војна кога многу војска помина покрај нашето село.

Подолу ќе се обидам да ви ги опишам по сеќавање некои имиња на местата и реките со неговите притоки кои извираат и врват низ селото и се влеваат или ја сочинуваат големата историска река Бистрица (Alijakmon).

Топоградските имиња на синорот на нашето село се со истите имиња кои ги имаа и тогаш и покрај трудот на грците даги променат.

Према влашкото село Псодери се следните: Пистолој стени, Рамна плоча, Крстот, Казано, Џембра, Ѓорѓова глава, Секот.

Према село Герман: Чрни камења,Киванца, Широки моџарки, Мечкино дувло

Према село Рудари: Концки рид, Концки моџарки, Желевско голниче.

Према село Папли: Плати, Мазниор, Калугерица, Кофило.

Према село Оровник: Шумјакот, тука се наоѓа месноста Селце, Герака.

Према село Оштима: Асанова падина, Скапецот, Среден рид, Церот, Главата, Тополата, Галик, Чуките, Каменова ливада, Преол, Темнилак, Рендеш, сите овие се пограничні имиња.

Сега ќе ги набројам подробно имињата од десната страна на реката: Голема ливада, Клапата, Вангоа ливада, Сливата, Бороички рид, Велови мочарки, Темова стена, Јановски мочарки, Борички ливади, Борички трап, Пелиор, Фуруглица, Лаго, Расадници, Сетките, Ранчејца, Попово орманче, Паправи орница, Среден дол (Срендол), Брода, Касарица, Горна валевица, Перелова бавча, Бавча на Коле шоферо, Темовски ливади, Олништа, и Џолин трап од едната страна а од другата десна страна се: Копачките, Поволи мочарки, Кулето, Сперкоица, Керамицата, Ташови ливади, Манастирска ливада, Средни реки, Јанови падини, Средно риче, Гробот на Васил Темовски, Средни мочарки, Николецко риче, Николецко падинче, Кончко Трпо, Бурлеица, Конски падини, Нозете,

Лозината, Дудумов трап, Старо Желево, Војновски ливади, Белоец, Средците, Долни куп, Горни куп, Главчето, Долна Падишта, Горна Падишта, Честакот, Цветкови мочарки, Гробот, Белои ореви, Пучунгов трап, Доловски дол, Братиндол, Кокошка планина, Плочите, Бачово орниче, Чуките, Темнилак, Јанкова ливада, Црвеницата, Питачот, Лош трап, Стојкова чесма, Муртови падини.

Планините

Нашите планини се богати со шума и тоа ги има следните дрва: Бука, Даб, Јавор, Леска, Багрем и Смрека во мали количини.

Во селото се насадени Борови дрва уште во 1930 год. и еден дел е останат како голина. По реките има Тополи и Врби така да селото изгледа во секое годишно време многу убаво како огледало.

Плодови дрва и растенија

Низ селото имаме Сливи, Цереши, Јаболка, Круши, Праски, Ореви.

Во планините има и диви круши, диви јаболка, дивјачки, костени, жирје од дабовите, растат и манитари, печурки, планучки јагоди, малини, мечкино грозје, боровинки во голината, капинки и друго.

По планините растат и многу лековити растенија како што се салеп, петопрст, здравец, турско цвеќе, невени, босилок, коприва, скреба, папрат, троска, бозје, трнја, отровна млечка, и уште многу други треви кои ги има во изобилство но малку се користат.

Води во нашето село

Низ и покрај нашето село протекуваат многу притоки на реката Бистрица.

Од кај селото Псодери доаѓаат следните притоки: Солак, Свети Илија, а низ селото Косаа, Чамуров трап, Манастирски трап.

Од село Желево се: Чемвра, Бороиски трап, Џолин трап, Срендол. Кај Света Недела и Свети Никола се средни реки, тоа се притоци од голините кои се вливаат кај Јанцои ливаѓе. Од кај Мазниор, Дудумов трап, кај старо Желево, преку Белојец Среците до Ваковска валевица кај Купот, (Пучунгов трап), и од кај Превал надолу до Оштимскиот синор преку Бачорни орници.

Сите овие притоки се со води изобилни и се користат за наводнување на ливаѓето и нивјето. Дел од овие води се користеа и за бројните воденици, сето се водеше преку јазови или доази кои се користеа за мелење на брашно.

1. Доазата која беше доста долга од кај Керамицата и Ташои ливади наводнуваше во Белоец до Средците и Кулето.

2. Од Дудумов трап (Грлото), покрај Главието ги наводнуваше Горни куп, Долни куп се до мостот близу реката.

3. Пучунгов трап наводнување до Белои ореви

4. Од кај Војновски воденици за Јанкови ливади

5. Од кај Ваковска валејнца преку кафината на Брода, покрај Кашарицата до водениците на Дане Чаков и Поп Андон

6. Од кај Олништата за водениците на Николовци, Јаневци и Војновци

7. Јазот за воденицата на Ристо даскалот Џукела

8. Јазот за наводнување на ливадите Галик

9. Најголемиот и нај потребен јаз за селото доаѓа од Јанцои ливаге и Бороиски трап преку Јандровската воденица, преку Ситките, Килеец, Аџиои градини, поминува низ сред село, покрај Џолин трап, покрај Бундовци, Волчо Флоров, Темовци,

Кировци, Воиновци влегува во сред село каде се дели надва дела. Едниот врви низ сред село и удолу покрај Марковци, Пучунговци, Ралевци, Паскови,Барбаловци и оди во Олништа. Вториот продолжува покрај Наум Дидов, Поповци, Додевци и излегува во едно мало трапче кое греди од кај Ѓамовци и Бундовци и покрај Сареви и Митановци се влива во Срендол трап.

Ова е начинот како селаните ги наводнувале ливаѓето и нивјето, а воедно и го мелеле брашното во селото.

Водата за пиење и готвење беше посебна приказна. Од нашите соселани во Канада, Америка, беа испратени средства и со помош на селаните изворската вода од Пелиор беше донесена по водоводен систем до селото, а од таму се направија чесми по сите маала. Така нашето село имаше изобилство на чиста и изворска планинска вода, значи со труд и слога на сите заедно има и резултати.

Животни диви и домашни

Низ нашите планини може да се сретне следниот дивеч: волк, мечка, лисица, дива свиња, овие се штетни но интересни за ловциите за рекреација и спорт. Уште има зајаци, куни, кунатки, јазовци, глувци, стаори, кртови, ежови, разни отровни змии и тоа: шарка, водни змии, смокови,зелени гуштери и гуштерици, жаби, бумбари, диви оси. Од птиците има: планински орли, ластовици, соколи, гарвани, страчки, чавки, јаребици, паук, диви гулаби, сојки, потполошки, врапци.
Домашните животни ни беа: кучето, мачката, бишка, кон, магаре, крава, волови, овци, кози, а од птиците: кокошки, бибки, гуски, мисорок, франкови кокошки.

Развој на селото

Селото Желево има голема историја и низ неа развој на селото, со земјоделие, селско стопанство, сточарство, занаетчиство и други активности.

Многу важен момент во историјата на Желево беше купувањето на месноста Селца од 49 семејства со 4000 златни наполеони од турците. Тие семејства беа печалбари по Америка и Канада и со тие пари ја купија Селца, семејстваа се следни:

1. Марковци со 4 семејства
2. Јановци со 4 семејства
3. Папазови со 4 семејства
4. Гадучови со 3 семејства
5. Тодоровци со 4 семејства
6. Флоровци со 4 семејства
7. Кировци со 4 семејства
8. Воиновци со 3 семејства
9. Бундовци со 4 семејства
10. Пачковци со 3 семејства
11. Лучкови со 2 семејства
12. Николовци со 2 семејства
13. Темовци со 2 семејства
14. Лумборовци со 2 семејства
15. Митановци со 2 семејства
16. Нолевци со 1 семејство

После купувањето на Селца се разви земоделието, лоарството, сточарството, овчарството, но селото почна и внатрешно да се развива.

Во тоа време се отворија 5 дуќани, продавници, од кои три беа од влашкото село Псодери: Маќио, Наки, Гога. Од селото имаа дуќан Јандровци, но тие и колеа стока и продаваа и месо, и дуќанот на Кузе и Петре Дограмот, а овие имаа и свој камион за превезување и носење на стоката. Имаше фурна за печење леб бело пециво: симити и кулачиња мали, газдарицата беше еврејка.

Во селото постое неколку кафани каде се береа селаните:

На Брода беа на Фото Темо Сотиров, и на Ѓорги Трендов.

Во средсело: Петре Голијот Темелко, Куфело Ило Сандрин, каде правеа и добри слатки, Лазо Милошев и една мала трафика на Сотир Гулин.

Во селото работеа и многу занаетчии меѓу кои беа попознати: Ковачи Петко и Филе Кировци, Тенекеџии и собари Ѓорги Трендов, Сликар Сотир Макријата, бочвари, калџии, самарџии, имаше и берберница каде работеа браќата Раде и Ѓорги Марку. Постоеше и една поголема тајфа на мајстори sидари кои работеа во нашето и во другите села а во неа беа: Трпо Попов, Мијал Шкаврев Бојков, Коле Алтано, Ламбро Бучунго, Ламбро и Стерјо Тркалов и многу други.

Превозни средства во селото имаа: Јане Манџуко кој имаше кола со коњи и ги услужуваше селаните носејќи дрва, камења од планината и други работи. Исто имаше и камиони кои возеа до Лерин и тоа Коле Николов, Танас Јану, Борис и Петре Јану Манџукои, Коста на Балковци.

Следно што работеше во селото беа водениците за мелење на брашно:

1. Горна Валевица остана само името
2. Ваковската валевица воденицата кај среците на Фили Киров (коачот)
3. Јандровска воденица
4. Ташовска воденица
5. Чаковска на Дане воденица
6. Попандон Петков воденица
7. Филовска воденица
8. Флоровска воденица
9. Николовска и Воиновска воденица
10. Марковска и Бундовска воденица
11. Беќарова воденица
12. Ристо Џукелов (даскалот во Галик) воденица

Да ги наведам и каливите на нашите соселани кои имаа овци и кози.

Кај месноста Белоец ги имаше: 4 каливи на Николовци Петре, Наум, Стилијан, Ѓорги, 2 каливи на Переловци (Јановци), и по една на Ѓорги Трендов, и Лазаровци. Кај месноста Горни Купот по една калива на Филе Киру (коачо), Станишеви, Јоше Бачков, во Пучунгов трап беа Пучунгои каливи, кај месноста Бачооро орниче беа Маркови, Лумбурови, Бодановци (Трпчеи), Црвенците Курзови каливи. Најповеќе каливи имаше во селца скоро сите од селото а некои од селаните ги чуваа и дома овците и козите како: Тодорка и Софија Гадучови, Голановци, Ламбро Флоров, Коста Станишев, Букуровци и многу други.

Во тоа време имаше илјадници овци и кози, многу летни бачила каде се правеше убаво сирење, маст, урда, путер, а остануваше и волна и козина за потребите на селаните.

Во селото имаше една школа, но поради големиот број на деца се отвори уште една поголема и поубава. За жал денеска од младите нема ништо, така да и овие училишта се празни.

Селото има и две убави цркви Свети Никола, Свети Атанас, тука се гробиштата на нашите претци прадедовци, дедовци, татковци, мајки, браќа, сестри нека му е вечна слава и лесна да им е земјата.

Село Желево географски по маала

Ќе се обидам по сеќавање да го опишам нашето село по маала гумна и се што паметам во него.

Ќе започнам од месноста Брода од каде иди пат кон селот, со кој се дели селото на два дела и тоа Горни и Долни дел. Во Брода имаше две кафиња покрај самото џаде и тоа на Фото Темо Сотиров, и на Ѓорги Трендо, подолу беше куќата на Танас Јану шоферот. Повнатре имаше изградена куќа на Балковци и во неа живееше Наум Перелов Јану, тука близу беше и Чекмеето каливче, и Бундови ниви. Тоа беше стара Брода, а во понова Брода има и нови изградени куќи и тоа на Јане Манџуко и на Ланџакови

Маала – Ташовци

Ќе се обидам да ги кажам семејствата по маалата по мое сеќавање:

1. Стамовци - Stamu
2. Балковци - Balku
3. Карафиловци - Karafilu
4. Лазаровци - Lazaru
5. Петковци - Petku
6. Пацовци - Paca
7. Андончини - Andoniu
8. Гиновци - Ginu
9. Нановци - Nanu
10. Сандрини - Sandras
11. Џолини - Andoniu
12. Ѓакеи - Andoniu
13. Кировци - Kiru
14. Ласко Спиро - Stergiu
15. Флоровци - Floru
16. Милосовци - Mircu

Во оваа маала има повеќе фамилии со исти имиња, затоа се изгледа како да има малку семејства.

Маала - Килеец

1. Нолевци - Nolis
2. Бодуровци - Boduris
3. Кочовци - Kocu
4. Симовци - Simu
5. Дибрановци - Divranu
6. Бачковци - Backu
7. Керчовци - Kercu
8. Ванговци - Vangu
9. Папазовски - Papazis
10. Кајчевци -
11. Карафиловци - Karanfilu

Во оваа маала има повеќе фамилии со исти имиња, затоа се изгледа како да има малку семејства.

Голема маала

Флоровци - Floru
Чаковци - Caku
Шкавревски, Мавревци - Mavru
Бачкови - Backu
Филе ковачо - Kiru
Темовци - Temu
Станишовци - Stanisis
Гулини - Gulakis
Спиро Лазаров - Lazaru
Лучкови - Lucku
Голиот Петре - Papa Ilijas
Ќумунџијата - Goliu
Никола Поповци - Zega
Фили мутуфот - Teodoru
Тодоровци - Teodoru
Манџуковци - Mandjuki
Ристо Манџуко - Janu
Танас Марков - Marku
Коле Ланџако - Landjakis
Сотировци - Temu
Голановци - Tedoru
Переловци - Janu
Тодорка и Софија - Teodoru (Luka Gaduci)
Васил кројачот - Temu
Ламбро Бундов - Bundu
Волчо Флоров - Floru
Ламбро Станишев - Stanisis
Јанаки Темов - Temu
Дудумовци - Dudumi
Лијанџакои - Landjakis
Трендовци - Trendu
Стилијановци - Nikolau
Васил Николов - Nikolau
Никола Николов - Nikolau Коле шоферот
Воиновци - Voinu
Пандо Николов - Nikolau
Петре, Наум, Ристо, Ѓорги, Јандро Николови - Nikolau

Чачановци - Cacani
Лазо Милосов - Mircu
Панајот Мергелов - Mergelis

Маало Сред село

Наум Дидо - Lijandjaku
Цацини - Cacinis
Кузман Јовановци - Janu
Поповци - Papailijas
Гиро - Argiriu
Темелкови - Temelku
Јандровци - Mirku
Марковци - Marku
Куфела - Kufelas
Тодор влао -
Јанкуловци - Giankulas
Дамовци - Damu
Тркаловци - Traklas
Додовци - Dodu
Спиро Доградов - Janu
Саровци - Saru
Чареви -
Ефтимовци Муха - Eftimiu
Ѓиамовци - Giamu
Форчо - Hadjikiru
Степановци - Stepanis
Сканџови - Skandju
Румјаковци - Rumjaki
Ласкови - Stergiu

Во оваа маала има повеќе фамилии со исти имиња, затоа се изгледа како да има малку семејства.

Долна маала

Аџиовци
Ралевци - Rali
Пучунговци - Pucunga
Брбаловци - Brbalas

Пачкови - Pasku
Марковци - Marku
Беќаровци - bekaris
Букуровци - Bukuris
Плчаковци Гадучови - Gaducis

Горна маала

Митановци - Mitani
Нановци - Nanu
Лумбуровци - Lumburu
Курџовци - Kurdju
Марковци - Marku
Кировци - Kiru
Бундовци - Bunda
Мито Трпце - Bodani
Шмугреви
Сико - Siku
Бодановци - Kiru
Лони Пирпико - Pirpikis
Богдановци - Bogdanis
Лизганови - Lizgani
Ристо Џукела - Sideri
Трпчелои - Trpcelas
Рошкови Јановци - Janu
Луловци - Lulus
Ничеви - Nicu
Глигоровци - Gianu
Гадучови - Gaduci
Лучкови - Lucku

Во селото има многу куќи но под исти презимиња: како Беќаровци, Пучуговци, Марковци, Јановци, Кировци, Балковци, Тркаловци, Темовци, Флоровци, Николовци

Што имаше во едно селско семејствово село Желево

Куќата

Да почнам од кералот: имаше голема дрвена бочка за вино, амбар за жито и брашно, две каци за расол, пиперки и домати туршија, каче за сирење и каче за месо. Имаше разбој за ткаење со неговите прибори, сандуци за чување на пљачките, но и ткаенините како саак, бело платно, черги, ќилими, тоа е во ќералот.

Како спиевме и со што се покривавме: имаше рогозина плетена од ржаница, таа се постилаше на подот, кој беше од земја. Над рогозината се постелваше черга ткаена од крпи, имаше долги перници, така легнуваа сите машки од една страна заедно, се покриваа со лозник или веленце кои можеа да бидат од волна или козина праени и валани во селото. Од другата страна женските исто како нас. Во другата соба имаше голема дрвена маса и две големи дрвени клупи, столици за седење но тие беа само за празници, имендени и веселби.

Секое домаќинство дома ги имаше следните предмети: черепна и сач, ношфи, блуд, сито, вретено, софра и столчиња, бакарни котли, големи и мали за готвење и за перење, тиган за готвење и пржење. Бакарните предмети се калаисваа во селото, така да секогаш беа сјајни и чисти. Земнени работи беа: латвица, ќупови, грнинја, стомни, стомниња за вода, на тланикот беше врзан синџир и на него се обесуваше котлето за качамак. Од страна на железарија имаше: печка од ламарина, кација и маша, пирустија а тие што имаа овци имаа големи лимени кобли за млеко и тенекиња за претурвање и носење на млекото.

Како се пере: се одеше на реката се правеа места на кои се палеше оган, каде се клаваше котелот да се топли водата, а од дома до реката алиштата се носеа со магарија или коњи, маски, таму ги растоварат, ги попарват и почнуваат да ги удираат со дрвени пиралки, копани, кои беа правени само за алишта. Тука после перењето се спроструваа се сушеа и се носеа дома. Испрани со сапун, сето ова е интересно оти има доста жени кои кажуваат многу работи. Во времето од 1941 – 1944 год. во селото немаше сапун и селаните сами го правеа. Сапунот се правеше на следен начин, се ставаа: расипано свинско сало, вар нерастопена, одсеена пепел, така да овие се варат заедно, прво се топи салото па му се додава пепелта и на крајот варта на

силен зажарен оган, потоа се става масата во калапи направени за оваа работа, за да се исуши сапунот, некогаш се ставаше и овчка лој или од вол.

Осветлението во куќата беше со газија, но кога немаше се топеше лој во кутија, се клаваше фитил на ламаринче и така запален светеше во ноќта за да се вечера, а после тоа се гасни и кандилцето и се легнува за спиење.

Аурот (штала за воловите)

Во аурот има „ јасли за сено “, слама и останато за стоката. Постојат различни места за врзување на кравата, телето, воловите, јунците, магарето, на подот се фрла папрат или слама за да не им студи на говедата во зима, а тоа се користи после како гној за во нивите. Се хранеа со сено, слама, трева, букова шума, понекогаш пребои, т.е. мелено жито со трици. Во пролет лето и есен се пасат по планините и ливадите, ова е се така за крупната стока. За овци, кози е посебен начин на чување и хранење во каливите надвор од селото, или во трла, посебни огради за јагнења и јарења, и место за спиење за тој што ја чува ситната стока.

Предмети кои беа во куќата за цело време: Големи и мали балтии, голема и мала варија, разни клинови за цепење на дрва, коса, мали и големи железни вили, исто и дрвени вили за берење на сеното, грибла, срп, сор, рало или плуг за орање на земјата.

Храна

Храната беше типична селска, сиромашна храна. Лебот беше од пченка и од рж, пченица само за празници, понекоја погача, зелник, мазник некое пупале. Повеќе имаше кртоли (компир), грав, праз, пиперки, домати, кромид, грашок, леќа, коноп, тикви, зелка, киселец, коприви, млечки за салата, болтур на место ориз (пченица толчена), макало каша, макарони и манестра.

Од млекото од кравите и овците се правеше сирење, урда, маст, матеница, кашкавал, куластра, замислете од една крава да се прехранат четири деца и два возрасни. А секоја крава дава околу 4 оки млеко на ден, но преку есента доаѓаа каракачани и продаваа старо сирење и урда за цела зима и пролет.

Со месо се снајдувавме така да секоја куќа гледаше по една бишка и таа како дива одвај да имаа по 80 – 90 кила, сало и месо, и некое кило овчко месо купено за да се помини од ново до ново. Друго месо имаше говедско, некоја кокошка, овчко ако донесеа Трендовци или Переловци или ако се заколи во селото за да се купи некое кило. Имаше и јајца од кокошките.

Верата во селото беше на високо ниво, така да се постеа сите пости, Велигденски, Божиќни за Богородица, секоја среда и петок, кога се ќе се собери уште колку мрсни денови остануваа. Затоа на населението не им се даваше, цело време се работеше и ништо се немаше. Требаше да се купи газија, масло, сол, шеќер и ништо друго. Секогаш со кандило, фенер и ламба да се осветлуваме. Затоа во долгите ноќи постарите ни кажуваа приказни за убави но и многу лоши работи, како вампири, врколаци, самоволи, сеништа, живи светци, и што не друго. Така нас не фаќаше страв да одиме до алето сами, во собата беше

Облека што ја носевме

Во тоа време машките носеа шаачни горно и долно, внатрешно ткаенини од платно или лен шиени од терзија, значи кошула и гаќи и плетена фанела, чорапи волнени плетени, а одкако ќе се скинеа се крпеа со крпа и тоа на повеќе места. Чевли немавме никакви носевме бишкови, свински, опинци, кои ги правеше мајка ми, а гумени чевли имавме само за Божик, Водици, Велигден и некои свадби и имендени. Исто тоа го носеа и момите само што нивните алишта се повеќе везени и шарени од машките. Да напоменам дека текстил носеа само тие што имаа роднини во странство, и тие што учеа во други места надвор од селото.

Христо Михаил Шкаврев, Мавровски (1928 – 2004 год.)

Христо Михаил Шкаврев, Мавровски роден сум во село Желево, леринска околија, Егејска Македонија, 1928 год. од мајка Неда и татко Михаил Бојков. Сум се родил кон крајот на 1928 год. но покасно во книгите сум запишан како да сум роден 1929 год. и така се водам до денес. Јас сум третото машко дете на Мијал и Неда, но покасно умира брат ми Крсто и сега сум второ дете. Потекнувам од сиромашно селско работничко семејство, мојот татко по професија е ѕидар и со чеканот и мистријата го одржуваше семејството. Мојата мајка беше со мал имот во селото, но дома имаше слепа мајка, внук од брат за гледање, така да нашето семејство беше поголемо, затоа благодарејќи на дено ноќната работа на татко ми и мајка ми никогаш не останавме голи, гладни и боси. Школата од шестти клас ја завршив во селото на грчки јазик, почнав 1934 год. од кога почнувам да одам и говедар да помогнам дома. 1932 год се роди сестра ми Софија. Летото почнав јас да ги пасам кравата, телето и магарето, и тогаш почнуваа моите маки, лето со говедата, есен, зима и пролет со учење. Говедата ги пасев со поголеми деца од мене како што беа: Ѓорги Станишев, Анастас Христо Николов, Танас на тета Мара Трендова, Коле на Филе ковачот, а покасно и со мои врсници како: Ставро на Ѓорги Николов, Ванѓел и Пандо на тета Таса, Спиро на Пандо Трендов, Танас на Јане Војнов, Вангел на Коле шоферот, Ѓорги на Ристана Лазарова, Стојан на Васил Станишев и многу други. Овие деца што ги набројувам погоре ги викаа башкари, затоа што ги пасеа своите говеда, а во селото имаше и селски говедар кои ги пасеше говедата од селата, истото го имаа и другите маала и во Селца.

1936 год. умира баба Јотејца, Стојна, а 1937 год. се раѓа најмалиот брат Никола. Сега во семејството бевме татко ми, мајка ми, браќата Спиро, Ристо, Коле сестрата Софија, брачедот Васил, кој од 1936 год. работи пољак и си го вади лебот, а татко ми е ѕидар во селото и околината посебно во село Буф, а заедно со него почнува како калфа да го зема брат ми Спиро. 1939 год. како што кажав Васил се жени и целиот имот се дели на два дела пола, пола, а моите родители во дворт му градат нова куќа

на Васил. Ова се случува во периодот до почетокот на војната 28.10.1940 год.

Моето школување беше во селото и ќе се потрудам да ги набројам моите соученици врсници со кои одев заедно на училиште:

Елена Јану (на Танас шоферот)
Александра Балку на Тасе
Петрина Гину
Никола Нану
Андони Андониу на Сотир Џолин
Томаки Лазаров на Васил
Зора Чаку на Дане
Архонда Бачку на Ристо
Софија Киру на Филе коачот
Ѓорги Лазару на Спиро
Стојан Станишев на Васил
Севасти Станишев на Коста
Трендафила Гадучи на Лука
Трендафила Бундоа на Ламбро
Сотир Теодору на Голано
Атанас Војну на Јане
Ставрос Николау на Ѓорги
Васили Пучунга на Пандо
Никола Пучунга на Букури
Севасти Марку
Арта Мирчу на Крсто
Фоти Куфела
Архонда Тркалаа на Васил
Кланти Попилиу на Пандо
Фани Пеју на Ѓорги Ланџако
Елени Степани на Крсто
Фоти Степани на Христо
Севасти Јанкула на Христо
Јанула Ѓаму на Стојан
Кире Марко на Иљо
Алеко Митани
Ставро Марку на Тодор
Ставро Гадучи на Стојан

Трајко Пирпико на Лони
Алеко Стергу на Пандо
Вангели Мирчу на Лазо
Ристо Шкаврев Мавровски

Детските игри во Желево

Треба да кажам дека во тој период во нашите села никаде немаше електрична енергија, така да и тоа беше причина да ги играме некои игри. Во есен и зима се стемнуваше многу рано така да игрите највеќе ги игравме во школото. За време на одморите игравме машки игри: Кленџа, Пупа, Трчање, Скокање, Работа со дрвена пушка, разни атлетски вежби и на крајот со крпена топка фудбал. Момите на школо се береа накуп, пееја песни, играја момини игри, учеа да плетат да перат и да им помагаат на мајките дома. Во селото имаше игралиште на кое играа поголемите деца, а и фудбалска екипа која играше со сите околни села до Лерин, а за време војната и со германската војска. Есентта на почетокот се береа младите по куќи кај побогатите кои имаа мисер(пченка), и ронејќи ја помагаа кај стопанот да го изронат од кочанот. Стопанката во меѓу време правеше вечера и вареше мисер. Во зимата беше поубаво, имаше многу снег терени за лизгање и скијање. Тогаш правевме санки и скии од штици и се лизгавме во месноста Рајчејца и Касарица. Од сурови букови дрва правевме „ногалки“ и со нив се движевме, правевме топки од снег и се тепавме меѓу себе, и фрлавме по девојките. Во пролетта и летото се знае со говедата трчање по планините по цело време се до ноќта. Пролетта обично во неделите младите момчиња и девојки одеа со коњите и магаринјата да ги пасат, берат суви дрва, букети цвеќиња, така да на враќање доаѓаат со песни во селото. Да напоменам дека од школото организирано одевме во Рајчејца и таму садевме борчиња. Во селото имавме наследено еден асфалтиран пат и тоа од џадето преку Брода па се до големата и убава црква Свети Никола. Овој пат со помош на соселаните од Канада, ангарија на селаните, месен самодопринос се направи овој прв асфалтиран пат прв во сите села. Корзото беше на Брода имаше многу чесми, кафани во кои се играше карти, младите ги среќаваа првите љубови, а обавезно во недела мораше да се оди во црква и за сите други

празници, тие кои не доаѓаа беа накажани со последици во школото и казна од корофилаците. Таква беше нашата детска селска живот.

Даскали што не учеа во школото

Димитриос Киру (Таки даскалот) директорот на училиштето од Желево
Ѓеорги Хаџиавгустиду учител грк просвига
Софија Копаниду учителка гркинка
Фаница (презиме не знам), гркинка
Софија Деспинис Чула

Првите тројца предаваа од трети до шестти клас а Фаница и Чула од забавиште до втори клас. Училиштето беше ново големо и убаво, ние учевме пред ручек и по ручек значи по шест часа дневно, сем во сабота кога се учеше само до ручек. Сите предмети и матерјали ги учевме на грчки јазик и беше доста тешко. Ги учевме следните предмети: Грчки јазик, Граматика, Аритметика, Географија, Историја старогрчка, Религија, Топографија, Природа, Нова грчка историја, Домаќинство и Гимнастика.

За сите овие предмети учебници немаше, па сите пишувавме што ќе кажат учителите и од тоа покасно учевме. Од страна на даскалите тепањето беше најважната воспитна мерка, ако не знаеш јадеш бој, ако згрешиш и си немирен повторно бој, во избата затворање како во затвор, такво беше тоа време од 1936 – 1940 год. времето на диктатурата на Метаксас. Во нашите села беше претставник така нареченият Чаксира од Лерин, кога не можеше ниту еден македонски збор да кажеш без да те казнат со ќотек и парични казни. Премногу кодоши кои го правеа прекажувањето во полиција, тоа беше нашата детска слобода во тие тешки времиња. Додека пак возрасните кои беа ангажирани во партијата следеше одење по затвори, логори, давање рибино масло, ќотек и сите гнасни методи што луѓето некогаш ги измислиле се применувале во тие години, од диктатурата на Метаксас, во времето на крал Ѓорги втори.

Нашето имање во с. Желево

Куќата е стара и таа е разрушена во поголем дел, а новата има две соби и ќерал.
Нивите: Главјето, тука имаше и големи дабови дрва кои ги користевме за исхрана на козите и овците, Горни Купот, Долни Купот, Олништа, Манкоа Ливада сите овие се по еден дел (парче).

Ливади: Голема ливада со две ливади, Клапата, една ливада, Бороjчки Трап една ливада и едно парче место за нива.

Лозја: имаме две лозја во месноста „Гробо“, едно помало едно поголемо, заедно со брачко Васил и другите Мавревци

Градини: Ситките едно градинче, Паскоја куќа едно градинче, имаме и едно место во месноста Лазина каде имаше корија со дрва бука и даб кои се користеа за огрев.

Гробовите: се наоѓаат во црквата Свети Атанас заедно со другите гробови на Шкавреви, на нашиот гроб има бетонски крст и се пишани имињата на таткото, мајката, братот Михали, Неда и Спиро.

Човечки капацитети

Човечките капацитети на селото исто беа многу големи, имаше луѓе со најразлични професии како:

Даскали: Симо Царев, Ристо Сидери, Таки Киру директор на училиштето, Танас Сидери, предаваше во Воден, Танас од Николовци, а во селото имаше и 4 грчки даскали кои беа во селото до 1940 год.

Попови: Андон, Илија има и питропи и псалтир. По смртта на двата попа во селото иди пак наш поп и тоа поп Спиро Балков, тој беше во селото до 1949 год. кога заминува за Полска и тука умира во град Менџе Гуже.

Лекари: Трајко Мирчев во Лерин. Доне Мирчо учествува во првото движение, но сега живее и работи во град Солун.

Авукати: Павле Перелов Јану, Пандо Попилија работаат во Герман, Пандо Стергиу.

Офицери: Илија Мирчу Милошов, Танас Балку овие се редовни, а имаше доста резервни официри.

Во селото имаше и стална полициска станица со корофилаци, војска немаше, таа беше стационирана во Псодери.

Покрај овие имаше и два пољаци кои го чуваа местото од пакости да не се прават од луѓе од другите села, ги чуваа лозјата, нивите, ливадите, шумата, пошто во Герман и Псодери преку летото има каракачани со овци, така да овие имаа полни раце работа.

Во селото имаше пошта со телефон и телеграф во која работеа Спиро и Анастас Симовски. Во селото имаше и музичари како: Васил Пачко, Јован Марко, Иљо и Васил Киру, Фото Темо кои свиреа во селото и во другите села, а потоа кај нас свиреше оркестарот на Иљо Тимио од село Трнаа, и оркестар и од село Ошчима.

Селото имаше и фудбалски клуб Андартикон, во кој играа младинци од селото.

Како живееше и како се прехранување селото во времето од 1928 – 1940 год.

Во тоа време владееше прав феудален систем, зошто го немаше најпотребното за еден народ нормално де живее, работа дење и ноќе за една корка леб. Немаше осветление, (струја), селаните употребуваа свеќи, газија, лој од животни, маст и друго за долгите зимски ноќи. Земјата се обработуваше најпросто и најтешко со дрвени рала,со волови, крави, алатите беа прости како лопата,мотика, дикел, копачка, вила, грибел, секира, бичкија, варија, коса, срп и други примитивни алати. Се вршеше на гумна со коњи волови и магарињa. Немаше нити

плуг, нити трактор ниту комбајн и многу други совршени алатки што тогаш ги имаше. Токму поради ваквиот тежок живот многу желевци беа принудени да го напуштат селото барајќи подобар живот. Тие заминаа за Бугарија,Србија, Канада, Америка, Австралија и Франција.

За Вардарска Македонија или Србија како што ја викаа заминаа во Битола и село Породин: Стојан Марковци, браќата Симовци, Лумбуровци, Бундовци, Темовци, Курџои, Сандрини. Во Бугарија Сареви и Јановци. Во Канада со преселби започна уште од 1902-03 год. а по масовно 1930 – 1940 год. а најмасовно после граѓанската војна 1949 год. Постепено селаните се населуваат во Торонто и стана второ Желево.

Зошто селаните беа принудени да го напуштат селото. После балканските војни 1912-13 год. кога Македонија се подели помеѓу победниците Грција, Србија и Бугарија, нашиот дел подпадна под грчка окупација. Грчката влада уште на почетокот почна со своја политика со заканување, казнување, претење, забрана на мајчиниот јазик, испраќање по затвори и интернирање. Покасно после првата светска војна и грчко – турската војна и поразот на Грција во нашето село почнаа да се носат Просвиги (пондии), по Преспа кај нас и цела Македонија. Грчките власти и правителства се исплашија од ново настанатата состојба и раѓањето на нова прва Социјалистичка држава СССР. Последиците од тоа се формирање на социјалистичка и комунистичка партија во Грција, така да грчката влада да се одбрани во 1926 год. Воведува воена диктатура на Пангалос, а покасно доаѓа уште пострашната за време на Метаксас од 1936-40 год. Ова беше најгнасното нешто што можеше до тогаш да се види со тепање, затворање интернирање, целосна забрана на мајчиниот јазик, доколку се говори следува затворање, парични казни, тепање и многу други бесмислени казни. Затоа народот беше донесен да молчи, јавно не говореше никој, сем по своите домови за некои да не ги наклеветат. Сите млади одеа на училиште учеа на грчки јазик, се беше забрането сем Метаксас и неговата диктатура. Комунистите беа праќани по островите каде беа безмилосно измачувани, но и покрај се во селото постоеше илегална организација на комунистите.

Војните во Желево 1939-1945 год.

Втората светска војна започна во септември 1939 год. со нападот на Германија врз Полска, а Англија и Франција застанаа на страната на Полска. Така да во оваа војна на една страна беа силите на оската Берлин-Рим-Токио т.е. Германија, Италија, Јапонија и нив им се приклучија Бугарија, Шпанија, Унгарија и други, а на другата страна Америка, Англија, Франција покасно и СССР. Оваа војна започна на 01.09.1939 год. заврши на 09.05.1945 год со катастрофален пораз на силите на оската и нивна капитулација. Војната во Грција започна на 28.10.1940 год. кога фашистичка Италија преку Албанија ја нападна Грција. И покрај тоа што во Грција беше фашистичкиот режим на Матаксас, врските на Грција со Англија и Франција имаат подлабоки корени и затоа италјаните сакаат да ги покорат. Така започна војната во понеделник 28.10.1940 год. по целиот синор меѓу Албанија и Грција. Во нашето село беше собиралиште на грчката војска, така да сите возрасни и способни мажи беа вклучени во бојот, а пак постарите, жените и децата сите работеа за фронтот. Тука беше пунктот за ранетите и штабот на 303 полк кој се бореше храбро во Албанија. На третиот ден од почетокот за прв пат италјански бомбардери го бомбардираа селото, а после тоа уште неколку пати. Имаше доста ранети, убиени војници а од селото се рани Кала Глигорова која за жал остана без рака. Тоа време беше многу тешко, така да ние го напуштивме селото и се населивме во село Буф, каде бевме три недели. За тоа време грчката војска го зазеде градот и аеродромот во Корча, а фронтот се пресели длабоко на албанска територија, така да не беше страшно од авионите. Но маките продолжуваат секој ден спиење, хранење на војските што се движеа ката дневно по џадето леринско.

Со почетокот на војната, и бомбардирањата, селото се евакуира во блиското село Буф каде бевме сместени кај сем. Бејкови, само татко ми остана во селото да го чува имотот. После еден месец се вративме во селото и тогаш татко ми ме даде кај Ѓорги Трендов во селото, да работам како момок во неговата кафана. Тука работев дење ноќе и тоа само за јадењето и така беше се

до април 1941 год. кога во селото дојдоа германците и кафаната престана да работи, така да јас се вратив дома во куќата наша.

Оваа војна траеше се до април 1941 год. кога Германија ја нападна Југославија, и преку границата влегоа во Лерин и во Солун, а во исто време преку Бугарија навлегоја во Грција и таа капитулира. Пред Велигден 1941 год. нашето село падна под германска окупација. Грчката војска во Албанија се растури и се повлекуваше во голем неред, и жртви. Меѓу жртвите беа и Лучков Андони, Ѓиамо Христо, (Албанија), Тимчо Фоти (на бугарска граница). Покрај се ова имаше многу ранети и трајно осакатени желевци од оваа војна.

За време на војната и пред неа со селото раководеше одбор на видни желевци меѓу кои беа: Коџобашија (Проедрос), секретар (граматиас), советници (символи), тука беа и попот и даскалот. Сите секогаш беа од повидните семејства во селото, признати да водат политика за селото и од грчката влада. После капитулацијата на Грција селото остана под италјанска зона, во селото се доселија војска и карабинерија. Тие останаа во селото од 1941 год. до 09.07.1943 год. до капитулацијата на фашистичка Италија. Тие години во нашето село имаше доста неволи. Постоеше глад уште 1941 год. но за среќа никој не умре, но со многу работа, труд, се издржа. Во селото имаше италјанска војска која ја прехранувавме со месо, кртули, граф, јајца, кокошки, сирење, се што му требаше сами си бараа, сами си земаа. Најлошото се случи кога ни го зедоа цел крупен добиток и овци и кози, се случија и други лоши работи, извршуваа некоја пробугарска политика, вооружувајќи дел од желевци под знамето на Калчев, со намера да бидат чувари на селото, во корист на италјаните.

Од кога пролетта 1941 год. дојдоа германците во нашето село, тие продолжија према Костур и надолу према Грција, да ги изгонат грчката и енглеската војска која ја имаше во мал број. Во тоа време во селото остана многу воен материјал и многу пушки. Членовите на партиската организација направија голема агитација и младинците од селото собраа многу пушки, муниција, воен и медицински материјал. Во тие групи беше и брат ми Спиро, а јас ги известував да не дојде некој, собраниот

матерјал се носеше на сигурно и безбедно место надвор од селото. Сето се правеше под раководство на Пандо Трендов, Спиро Симовски, Иљо Марковски, Тоде Кировски и други лица. Малку покасно во селото дојдоа талјаните со чета војска и карабинерија, така да животот стана потежок од порано. Германците, талјаните и бугарите станаа господари и го собраа целото богатство од народот, така да веќе есента, зимата 1941 год. почна голема немаштина, умирање од глад, во големите градови, а кај нас во селото борба за парче леб, посебно за оние чии родители беа во странство. Така партијата се вклучи во оваа борба со доделување храна на посиромасите од побогатите, за да се преживее, се до првото наредно жнеење на јачменот и ржта. Таа година паролата беше да се помага населението да се прехрани и опстои. Но есента на 27.09.1941 год. се формира првата организација ЕАМ, слична на НОВ, која излезе со паролата сите чесни и прогресивни луѓе да излезат со пушки во раце против заедничкиот непријател фашистичкиот окупатор. Како што знаеме сите на 22.06.1941 год. Германија ја нападна единствената слободна социјалистичка држава СССР и од тој момент во Европа, почнува нова, тешка борба за секој прогресивен и чесен човек во поробена Европа и на Балканот. Истото важеше и за нашето село, почнаа да се формираат организации на ЕАМ, во многу тешки услови, под италјанска управа.

Почна и новата 1942 год. со поголем терор и заканувања, постепено почна да стигнува и бугарската пропаганда во селото со паролата да сме сите бугари. Прво му се доделува пченка на село Рменово, леринско, а веќе во пролетта 1943 год. во селото доаѓаат вооружени чети од костурските села со паролата да се пали Желево оти е мрсно село (гркоманско), треба да се опљачка и изгори. Но тоа не се направи оти голем дел од желевци зедоа пушки и не дозволија ништо да се случи со селото. Организацијата уфрла свои луѓе во пушкарите и ја има работата под контрола. Се работи во најголема илегалност и се спремаат првите одреди кои ќе излезат партизани во планината. Вооружените селани се спремаа да се борат против своите соселани, а во интерес на Германија, Италија и Бугарија на чело со Калчев, кој беше германски шпион. Јас во 1941-42 год. сум

кај татко ми дома, но не мирувам трчам по брат ми Спиро и помагам што можам.

Германците во тоа време не се истите од почетокот на војната, сега веќе имаат доживеано порази и тоа првиот пред Москва, од каде панично се повлекуваат, а зимата го доживуваат еден од најголемите порази во оваа војна, битката за Сталинград, каде ја губат елитната единица на фелдмаршалот Пауерс, а во исто време ја губат и скоро цела Африка од Англо-американските сили. Тоа се одрази и на балканот каде италјаните и бугарите трпат големи загуби од развиеното партизанско движење во Југославија.

Јас 1942 год. работам со татко ми во селото за да опстаниме да не умреме од глад. Зимата 1942 год. италјаните го собираат цело село за да го риниме снегот од патот кои водеше за Лерин, меѓу нив беше и моето семејство, и јас лично. Во 1942 год зимата беше доста студена со големи снегови, а во исто време се појави и една многу опасна болест стомачен тифус. Тогаш умира Вангел на тета Таса Перелова, а јас се разболев од истиот и лежев дома цели два месеци во постела како жив труп, 40 дена никаков леб ни храна. Татко ми повика еден помошен лекар од италјаните во селото и тој ми даде упутство како да ме лечат. Лекот беше следен: Варено кравско млеко и варен планински чај, се тоа траеше 40 дена. После тој период почнав полека да станувам, да поткаснувам по некоја чорба и варени кртули. Опоравувањето траеше долго, ми испадна цела коса од главата, па почна да ми излегува нова, многу се измачив но на крајот успешно се излекував. Откако заздравев се приклучив на младинската организација ЕПОН која се формира во февруари 1943 год. под раководство на ЕАМ и ЕЛАС кои беа формирани од КПГ и Земјоделската партија и други прогресивни партии.

Пролетта 1943 год. од Желево излегоа првите партизани на Вичо планина, со тоа мерките за безбедност и контрола во селото уште повеќе се зајакнаа. Во времето на растурањето на грчката војска, и доаѓањето на германската војска во селото, членовите и симпатизерите на КПГ работеа на собирање на оружје муниција, облека и останат санитетски и воен материјал. Сето тоа беше скриено на сигурни места, па со излегувањето на

партизаните истото почна да се користи. Талјаните капитулираа на 09.07.1943 год. така да во селото се вратија германските војски и останаа до крајот на војната.

Во 1944 год. неколку борци од селото почнаа да го напуштаат селото и тоа траеше до пролетта 1945 год. преминаа во вардарска Македонија и останаа во редовите на Гоцевиот батаљон, покасно станува бригада. Кога во 1945 год. се враќаат грците во селото, тие борци повторно преминуваат во Вардарска Македонија.

После формирањето на ЕАМ набрзо се формира и ЕЛАС (народно ослободителна армија на Грција), така да во селото организациите се зголемуваат со нови членови и активисти и се работи за припрема на првиот партизански одред од селото, но лошите услови тоа не го дозволија се до пролетта месец март 1943 год. Од нашето село излегува првата група млади и орни за борба: Пандо Марко на Малина, Никола Фундако, Ѓорги Гушо, Ѓорги Богдано, Спиро Мирчо. После оваа група излегоа и други групи со повеќе членови така да летото 1943 год. имаше веќе формирани илегални групи кои работеа на разни операции и курирски дејности, во овие групи беше и брат ми Спиро, а во мај месец 1943 не приклучија и нас Ристо Шкаврев, Стојан Станишев, Ристо на Ламбро Тркалов, Вангел на Богдановци, Јани Јанкула, Ламбро Румјако, Мичо Гадучи, Насо на Дидо и многу други кои не ги думам. Ние сите бевме поделени по групи и не знаевме едни за други, за да нема предавство и ако не фатат. Беа тешки времиња под италјанска окупација.

Веќе 1943 год. движењето зема замав се формираат одреди и батаљони. Во нашето село беше одредот на даскалот од село Оштима, Мичо Тупурка, Титан. Одредот дејствуваше во нашиот реон а покасно се приклучи на батаљонот на командантот Илија Димаки, Гоце, кој беше од с. Статица ама живееше во град Лерин и беше еден од првите партизани во леринско. Во ова време заедно со овие одреди беше и одредот од битолско – преспанскиот регион, кои пребегна во нашиот крај подгонен од бугарскиот окупатор. Тие одреди дејствуваа во Вичо планина, Преспа и нашите места, командант беше Коле

Канински од с. Канино, битолско, кои заедно со Гоце извршуваа синхронизирани акции, но не за долго тие се вратија назад, заради барањето на грчките организации ЕАМ и ЕЛАС кои беа против заедничка борба која на крајот би била на нивна штета.

Италјаните не мируваа, прво од селото собраа многу говеда и овци и ги однесоа во Костур, а потоа на два пати од селото однесоа две групи на селани во костурскиот затвор. Првата група останува пократко време во затвор, и од како се отпуштаат се носи нова група од која се стрелани следните желевци: браќата Пандо и Павле Поповски, Иљо Мирчо, Иљо Сандрин, Васил Ѓамов, Пандо Стерју Ласко, од оваа група е ослободен само поп Спиро, заради титулата. На овој начин со стрелање и на други селани од другите села се покажува слабоста на непријателот, кој заплашен од големото вооружено движење се осветува на народот.

Летото 1943 год. за непријателот станува уште потешко, русите му нанесуваат големи загуби на германците, англоамериканците на италјаните, па така на 09.09 1943 год. Италија капитулира, после истоварот на американците на Сицилија. Во времето кога капитулира Италија во селото има многу италјанска војска, така да се пристапи кон организирано собирање на оружје, муниција, алишта, санитарни матерјали, и се друго што можеше да се земе се испраќаше кај партизаните во планина. После нивната капитулација голем дел од територијата на Преспа стана слободна територија, а во нашето село се вратија повторно германците, кои останаа до крајот на 1944 год.

Војната продолжува овој пат против германците и бугарите, излегуваат нови активисти уште помасовно, така да излегува и првата мома партизанка од селото Софија Тему Сотирова убава, снажна и голема мома. Исто излегуваат и бивши грчки офицери, авукати, даскали, сите од нашето село, под голема агитација од организацијата. Покрај германците во селото, организацијата се множи со млади храбри и способни членови, кои помагаат на партизаните да им биде подобро да имаат храна, муниција, информации за непријателот и неговите

помагачи. Во тоа време имаше и квинслишки групи кои беа на страната на непријателот, како што беше Зерва кои се бореше за кралот, Калчев, во Албанија балисти, така да илегалната работа стануваше уште потешка.

Зимата 1943-44 год. падна доста снег и ситуацијата за движењето беше многу отежната. Во ова време во селото беа донесени заробеници арапи, кои заедно со големи и мали од селото неколку недели беа да го ринат снегот на Бигла, меѓу нив повторно бев и јас. Патот се чистеше за да биде прооден за германските војски да превезуваат стока и муниција за Костур и за Албанија. Така завршува зимата 1943 год. и доаѓа пролетта 1944 год. и големата офанзива на германците, албанските балисти и бугарите против партизанското движење. Таа офанзива траеше неколку денови, во нашето село беше избегал од заробеништво еден русин по име Васил, кој се поврза со партизанските единици, но не за долго. Офанзивата која започна од кај Лерин, Трсје, Статица, Псодери беше со бугарска војска, а од кај Албанија имаше балисти и германци. Тоа беше прв и последен пат во нашето село да влезат бугарски војски, кои поседоа два дена, се нагостија, поиграа и попеаа, посвиреа и си отидоа према Преспа. Германците во село Бесфина ги фатија русинот Васил, од нашето село Ставро на Невенко, и некои други.

Ставро и другите ги депортираа во Германија, а русинот го осудија и стрелаа по кратка постапка во Лерин. Бугарите дојдоа во с. Герман, таму фатија неколку леринчани, ги однесоа во с.Дупени тука ги натераа да си ископат дупка и истите ги отепаа со казми, така се закопани во заедничка гробница. Тоа беше едно од најсвирепите убиства во нашиот крај, и со тоа офанзивата заврши со мали загуби за селото. Во Грција на цела територија офанзивата беше поголема, во тие акции имаше големи загуби на двете страни, падна и првата жртва од нашето село, Спиро Мирчо. После таа офанзива германците во селото носат ерменци, кои беа заробени на источниот фронт, иста единица беше поставена и на Бигла планина, но тие бараа комплетно да се префрлат кај партизаните, и тоа се случи, после добро припремена акција. Во таа акција учествуваа курирската служба од селото меѓу кои беше и брат ми Спиро, ерменците

беа однесени во редовите на Гоцевиот батаљон. Истовремено во селото се разоружани повеќе селани кои пристапија на одредите на Калчев, од единиците на Мичо Тупурка, Титан, така да сега мал број од нив имаа пушки. Некои од селото заедно со се оружје пристапија во редовите на одредот.

После овие случувања германците во селото носат специјална СС дивизија, која останува во селото до месец октомври 1944 год. Овие единици беа сместени во кафаната на Фоте Сотиров, Темо на самото џаде за Костур, Албанија и Преспа. Другата единица беше во куќата на Танас Јану шоферот, во месноста Брода на добра стратешка позиција. Во куќата на Нановци беше командата, штабот на германските единици. Војската беше сместена надвор од селото, тоа ни овозможи повеќе движење и слобода за акции. Во летото 1944 год. германците и тоа СС групата, не пречека со мојата мајка кога се враќавме натоварени со сено на магарето и не застанаа. Од некои наши соселани наклеветена дека носи храна за партизаните, тие ја фатија и фрлија во вирот за да ја удават. Моите молби не вродија со плод, тие го повторуваа тоа неколку пати, се додека мајка ми во несвест не беше фрлена покрај вирот, во ливадата. Војниците си влегоа во куќата како ништо да не се случи, јас потрчав до куќата на Танас шоферот каде беа останатите германци, со мене дојде еден помошен доктор, но за жал тој и покрај обидите да ја анимира, само ја кренаа и ја донесоа дома во селото. Од тој момент мојата мајка повеќе не стана до крајот на својот живот во април 1948 год. после два три дена, гермнците исто ја давеа и Митојца Јановска, но таа беше помлада и поупорна и непати ништо.

Летото во јули добив задача да одам во село Буф за да однесам некое писмо. Селото е доста далеку од нашето, но пошто татко ми работеше таму, ги познавав повеќето буфчани, решив јас да ја завршам оваа работа. Јас тргнав пешки и спав таа вечер кај Јанкулови и Гагачеви, а другиот ден ми дадоа некое јаболко за по патот и тргнав да се вратам во Желево. Но кај месноста Мала Бигла имаше стационирано германска војска. Јас требаше да поминам токму од таму пошто од селото имав аусвајс (лична карта), но кога стигнав до стражарскот место наместо војник гледам вперен пушко митралез. Германецо ми даде знак да ги

кренам горе рацете и тука да легнам пред вперената цевка. Колку лежев така не знам, мислам цела вечност, но потоа знам дека од Лерин према Желево почнаа да врват моторизирани механизирани единици, а после нив голема колона камиони натоварени со оружје за во Албанија. Дури тогаш германецот дојде кај мене ме праша каде одам и кога ја виде личната карта, застана еден камион и тие ме зедоа со себе за во селото. Кога тргна камионот видов на три бандери обесени по две машки тела, тоа беа затвореници од Лерин. Германецот ми кажа да бандидите кладоа нарка на џадето и ранија еден германски официр, тоа се податоци од шоферот кој ме донесе до селото, пред кафаната на Темо, слезе ми ја отвори вратата и ми удри една клоца која не ја заборавив до денес, велејќи ми да седам дома, да не шетам да не настрадам. Така јас дојдов дома и се му пренесов на организацијата, што видов и слушнав, клоцата секако ја скрив.

На 09.09.1944 год. советските војски влегуваат во Бугарија, таа капитулира, сега остануваат само германците. Партизаните го пресекоа патот кон Лерин така да германците се упатија во село Руља за да се снабдат со храна. Но за ова беа известени партизанските единици и тие му приредија многу добар пречек. Во направената заседа се убиени тројца германци и нивниот пес чувар, така да останатите ги собраа отепаните и се вратија во селото каде ги закопаа отепаните, така да до крајот на војната тие не излегоа повеќе од селото.

Во истото време раководството на ЕАМ и ЕЛАС направија катастрофални грешки, чии последици се видоа покасно после војната. Грешка е што прифатија нашите единици да бидат под команда на англиската војска, се сложија да соработуваат со пребегнатата влада во Египет, пробаа да ги расформираат македонските единици, и истите ги праќаат во стара Грција, плашејќи се да не ја изгубат егејска Македонија, така да на 18-20.09.1944 год доаѓа до расцеп помеѓу ЕЛАС и поголема единица во која најголем дел од групата беа македонци. Таа единица беше командувана од Илија Димов, Гоце така да цела таа единица се префрли во вардарска Македонија, каде учествуваше во конечното ослободување на Македонија. Не

знаејќи како раководството на ЕЛАС го прогласи за автономитис, и други погрдни зборови за него и цела единица.

Октомври 1944 год. германците веќе се повлекуваат од селото и од стара Грција и Албанија. Повлекувањето беше преку нашето село за Лерин и Југославија. Целта беше да се извлечат германските војски да не паднат во заседа од советските војски и југословенската војска, но сепак крајно овие единици останаа во Југославија и се бореа до 15.05.1945 год. дури и после капитулацијата на Германија. Кога германците ја напуштија територијата на Грција, тие се концентрираа во Југославија на Косово, Босна и Срем. Тогаш Тито побара помош од Сталин и Црвената Армија, која со еден корпус од Бугарија и Романија влегува во Југославија, учествува во ослободувањето на Белград се упатува на Срем и тргнува кон Нови Сад, Суботица, Унгарија, Австрија, така да германските војски не се повлекоа да се предадат на англоамериканските сили, но дефинитивно се уништени во Југославија каде се борат и после капитулацијата на Германија се до 15.05.1945 год. Така да во нашето село беше права врвулица од германската војска. Последните денови една мала единица на ЕЛАС побара помош од месната организација на селото, да им се донесе оружје, а таа постави заседа помеѓу синорот желевски и псодерски, прво ја пресекоа телефонијата, ги чекаат германците да дојдат да ги поврзат телефонските жици. Кога стигнаа германците со мотор од Желево, овие припукаа убија двајца од нив и еден го ранија. Тогаш партизаните слегле и ги опљачкале убиените германци, а ранетиот преживеал успеал да стигне во селото и да им каже на командата. Тој им објаснил дека луѓето што ги нападнале биле небричени со гуњи, и само ова го спаси селото од големи реперкусии со масовни тепања и убиства и палења на селото. Тогаш помогна и селскиот кмет Марков кои го знаеше германскиот јазик, така да германците побараа само храна и месо што го добија од селаните. Така завршија последните денови на германците во селото, го напуштија засекогаш оставајќи зад себе многу оружје муниција, друга опрема и еден топ кој го фрлија во реката како спомен од нив. Тогаш во селото во чест на победата и бегањето на германците се направи еден дрвен ковчег, истиот се шеташе по селото од Брода се до селото и се пееја песни се радуваа сите зошто

заврши војната во нашиот крај. На тој 18.10.1944 год. во селото се разви оро и песна, за сите селани голема радост. После ова се ослободува Лерин од единиците на ЕЛАС, а во селото доаѓа народна милиција, политофилаки. Но после некој ден во селото влезе единицата на Коровеши која беше чиста македонска, но таа остана еден ден, одржа жесток говор и го покани желевското население да се приклучи на единицата, и замина за село Брезница. После ова, оваа единица се судри со единица од ЕЛАС, во таа бораба загина еден партизан, Перо, така да единицата преку Преспа се префрли во вардарска Македонија. Во селото беа единиците на ЕЛАС се до месец април 1945 год. Тогаш за прв пат во селото доаѓаат англичаните и остануваат заедно се до април 1946 год. до доаѓањето на Папандреовата монархо фашистичка војска. Во исто време ист судир имаше и единицата на Гоце во леринското поле, цел батаљон, така и тие се префрлија во вардарска Македонија, каде ги продолжуваат борбите против балистите, германците и останати вооружени групи.

Јас после заминувањето на германците од селото, останав во селото и станав момок кај Ѓорги Трендов, за да ги пасам овците и бев под заштита на Пандо Трендов. Но ми се случи еден немил настан, имено пасејќи ги овците во Брода, токму таму каде беа стационирани германците, имаше оставено една неексплодирана офанзивна граната од италјанско производство и не беше многу опасна. Заедно со мене беше и Фоте Степанов така да овците ја откријa гранатата, а ние како деца ја удривме со стапот и таа експлодира, и не насипа со земја по цело тело. Така да двајцата поминавме без некои последици сем страв и паника. Стравот остана но после неколку дена со помош на Кузо Глигоров и мајка ми и тетките ми помогнаа брзо да се опоравам и пак да ги пасам овците, се до Ѓурговден 1945 год.

Граѓанската Војна во Грција 1945-1949 година

Дојде и декември и англичаните се истовараат со воена интервенција во Атина, ова траеше доста долго со големи човечки загуби, така да сега Грција е под англиска окупација. Во ова време во нашите места имаше доста собири и манифестации за подршка на силите на ЕЛАС, но сега се јавува

расцеп помеѓу ЕЛАС и ЕАМ, така да се формираат вооружени групи ЕДЕС кои се за кралот и англичаните, но во исто време се појавуваат и нашите единици со голема кампања за правата на македонците во егејска Македонија. Такви организации се НОФ, АФЖ и НОМС кои се свои агитатори. После враќањето на пребеганата грчка кралска влада од Египет, на чело со Ѓорго Папандреу, таа влада помогната од енглезите, успеа да ги наговори ЕАМ и ЕЛАС да ги разоружаат своите борци, да го предадат оружјето и да формираат влада после парламентарните избори кои требаше да се одржат слободно во цела Грција. Тоа е договорот од Варкиза, кога ЕЛАС го предава оружјето, но некои единици не го прават тоа. Така остануваат вооружени единиците на Зервас, Зволо, Чиримоко и други, кои исцело се приклучуваат на англичаните и грчката влада од прогон и почнаа да вршат нов уште посуров терор против секој кој се бореше против германците, италјаните, бугарите, целиот фашистички непријател. Од овој момент борците се во уште полоша состојба од претходната четири годишна борба со окупаторот. Така сега Грција добива нова окупација, многу кадри од ЕАМ и ЕЛАС почнуваат да одат во илегала, за да не паднат во рацете на непријателот, се до 09.05.1945 год. и капитулацијата на Германија. Советските војски после големи борби влегоа во Берлин, заедно со сојузниците и Европа беше слободна. Се ослободи Полска со Гомулка, Чехословачка со Свобода, Унгарија со Ракоши, Румунија со Ѓорге Деж, Бугарија со Димитров, Југославија со Тито, Албанија со Енвер Хоџа, овие станаа народни републики во советската зона. Заслугите за слободата на овие држави секако ја имаше големиот непобедлив Советски Сојуз на чело со големиот Јосиф Висарјонович Сталин, но само Грција не успеа да се радува на таа голема победа. Остана повторно заробена и потчинета, иако даде многу жртви од ЕЛАС и имаше подршка од населението, но големите грешки на некои членови на раководството, Шандос, Парцалиди, Јоаниди и други, кои ја предадоа револуцијата и не успеаа Грција да ја направат народна република, за жал.

Во годините 1945-46 пролетта 1947 год. многу желевци заминуваат за Канада, Америка. Пролетта грците ја напуштија

Преспа и нашите села, доаѓаат партизаните, веќе се води граѓанската војна во Грција.

Како што кажав погоре, раководството на ЕАМ и ЕЛАС имаа склучено разни договори со англичаните, за да бидат под нивна команда. После немирите и искрцувањето во Атина на англичаните, тие прават план и ја носат од Египет, грчката влада во егзил на чело со Ѓорги Папандереу. После германската капитулација во Грција се разви жестока борба помеѓу партиите, така да новата влада оние кои се бореа на страната на германците ги прогласи за свои борци. Од кога единиците на ЕЛАС го предадоа оружјето станаа жртви на терор, да бидат приведувани, носени по логори и затвори без никаква причина. Истото се случуваше и со оние кои работеа претходно во позадина. Покрај тоа што по договорот од Варкиза сите партии меѓу нив и ЕАМ и КПГ требаше слободно да дејствуваат се случи голем неочекуван пресврт. Летото 1945 год. посебно во Егејска Македонија се спроведе невиден терор, мажите да се мачат и затвораат, жените беа силувани, стоката беше крадена, се што е гнасно се правеше. Во ова време кај нас се враќаат и борците кои претходно беа и се бореа на територијата на Југославија. Се повеќе мирасаше на нова војна сега граѓанска во нашите места.

Јас во ова време заедно со татко ми, Дане и брат ми Спиро ја преправаме старата куќа и правиме нова, јас сум сега калџија и се друго што треба. Од како ја завршивме се приклучувам на младинската организација, но сега се работи во многу тешки услови. Во селото има грчка војска заедно со корофилаци, кои ги пратат сите наши движења. Во месец ноември татко ми ме праќа да ги пасам овците на Мито Трпчев, тие имаа калива многу далеку према село Оштима и Бесфина, така да имав можност повеќе да се движам и помагам на партизаните. Тука останав до месец мај 1946 год. Тоа време веќе се разви и партизанското движење во Вичо, се формираа првите македонски одреди. Ова ги предизвика грчките војски да почнат со невиден терор, на средсело пред селаните беа тепани Тоде Киров, слеп, Ѓорги Марко и Доне Манџуко од еден корофилак каракачан за да се плаши населението.

Пролетта 1946 год. Грција спроведува први парламентарни избори за нов парламент, но тука се прави уште една грешка партијата ЕАМ ги бојкотира изборите. Со паролата да не се гласа, сите прогресивни и симпатизери не излегоа на гласање, но затоа по селата се случија големи тепачки и немири меѓу самото население. После изборите реакцијата си формира влада, а сите што не гласаа станаа опасни за новата влада, таа спроведува мобилизација но ги зема само оние доверливите, сите оние кои не гласале заради „неспособност и болест “ се вратени дома.

Вооружената борба започнува на 31.03.1946 год во местото Литохоро, на планината Олимп и трае се до 1949 год. Во летото 1946 год. во село Бапчор се собираат македонски и грчки претставници и склучуваат договор да бидат под заедничка команда, се формира ДАГ (Демократската армија на Грција). Од тој момент е и единствена команда на чело со Марко Вафијадис, Генерал Маркос, легендата на тоа време.

Во нашето село се формира специјална доброволна монархо фашистичка единица од селани од нашето и околните села, со задолжение да оди и прави пакости по сите околни села, тие беа корофилаци ги викаа посмазма. Тие силуваа, убиваа, спроведија полициски час. Командир на таа единица им беше Цирони од село Псодери. Од нашето село во таа единица беа: Петре Ланџако, Никола Стергиу, Ласко, Ставро Тркала на Стерјо. Во ова време во Преспа се случија големи злостори во селата Папли и Герман кога се затворени и носени во Лерин и по логорите многу селани, тука беа и жителите на нашето село. Имаше и други но тие беа мобилизирани во грчката војска, така да некогаш им помагаа на месното население, меѓу нив беа Христо Тркала на Мијал, Христо Пучунга кои служеа во село Ватохори, Костурско.

Во ова време летото и есента 1946 год. кај нас се враќаат и борците кои претходно беа и се бореа на територијата на Југославија и заминуваат на Вичо планина. Поради теророт веќе се бега по планини и се приклучува по одредите. Одредите се зголемуваат но под многу тешки услови, зошто во Преспа има батаљон грчка војска на чело со командир Чами од село

Псодери, бивш еласовец а сега во монархо фашистичката војска, а исто и во Желево има корофилаци кои ги викаа посмазма. Затоа во Желево е потешко за одење во планина, ама се работи во илегалност и се спремаат нови групи за во планина. Во ова време имаше една погрешна политика на ДАГ сите кои беа заробени, само се разоружуваа и беа испраќани дома. Ова покасно им се освети на единиците на ДАГ. После сите овие интервенции народот се заплаши така да сега или се крие или излегува во партизанските одреди.

1946 год. се жени мојот брат Спиро, а веќе летото татко ми, брат ми и јас работиме во село Клештина, Клодораби и други места.

Во 1948 год. партизаните ги собираат сите помали деца и ги испраќаат во народните републики Југославија, Романија, Полска, Унгарија, Чехословакија, тоа е најголемото иселување од селото кое се случило во историјата. Сите останати женски и машки способни се намерват на фронтот. Летото 1948 год. се водат најголемите битки на Грамос и Вичо, па голем дел од селото се префрла пребегнува во Вардарска Македонија, а некои во Лерин и Костур. Овој период е доста тежок за селото, има доста загинати во селото, грците го бомбардираа селото неколку пати, народот сурово се бори против сите тешкотии.

Зимата 1949 год, партизаните го напаѓаат градот Лерин, но без успех со многу жртви на страната на ДАГ, сега повторно селото е бомбардирано со многу жртви и ранети. Повторно селаните пребегнуваат во Вардарска Македонија, некои се фатени од ДАГ и стрелани, за да се заплаши населението да не бега. На крајот дојде и 10.08.1949 год. и големата офанзива на грчката војска на Вичо и нашите планини, после големи борби на 14.08.1949 год. грците го превзедоа Вичо и нашето село. Сега селото е скроз напуштено, во него остануваат старите изнемоштени и оние кои не можеа да пребегнат кон Албанија. Партизаните во збегот ги имаа собрано сите стари, мажи, жени и деца кои останале во селото. А после битките на Грамос кои завршија на 28.08.1949 год. сите борци кои преживеаа од борбите се собраа во Албанија, и со тоа оваа неуспешна граѓанска војна, за нас во Грција заврши.

Сите желевци кои беа во редовите на ДАГ и беа здрави, беа собрани на едно место логорот Бурели. Останатите стари, деца и ранети борци беа испратени за Полска со брод, а борците од ДАГ беа испратени во Ташкент, Узбекистан, СССР. Тука останаа вечно Фото Јановски, а во Москва детето на Доне Марку.

Последиците од војните за желевци (преселби) 1949год.

Список на загинати во втората светска војна и партизанството од село Желево

Кала Сидери во Науса Негуш
Јановски Мито во Статица
Софија Јановска дома од авионите *
Софија Јановска стрелана од бурандарите во селото *
Ставре Јановски во Берик Костурско*
Јоше Кироски во Грамос на Ланга
Стефана Гадучи дома од авионите *
Трајко Пирпико во Грамос Нестимо
Ристо Лулов во Рупишта
Пандо Лулов во Грамос Гревена
Васил Митанов во Бесвина с. Брезница
Ангелина Пацкова во Фалцата
Павле Кировски на Спиро во Лерин, Копанце Нестрам
Мара Кирова на Васил во Грамос Денско
Архонда Марковска Лерин Каменик
Анастас Јанкуловски Синјачко
Конда Димова Вичо., Света Недела
Лазо Степанов Грамос, Младенца
Фото Степанов Фалцата
Сотир Јановски Грамос
Иљо Ланзако Синјачко
Фани Ланзако Грамос
Насо Ланзако отепан дома *
Вангел Н. Николовски Гревена
Ставро Николовски Онарија над Ланга
Танас Тркаловски Малимади
Ристо Пучунга Гревена

Вангел Брбалов Вичо, Буката над Костур
Насије Николовски Грамос
Пандо Перелов Грамос, Алевица
Јордан Марковски Грамос
Доне Чачанов Преспа (го отепаа партизаните)*
Спиро Манев Лерин
Доне Николовски Гревена
Трена Андончина Лерин
Наум Перелов Грамос
Лазо Лазаров Сорович
Спиро Киров Доневски Вичо
Танас Нолевски Грамос
Лазо Папазов Грамос
Спиро Милошев Смрдеш
Јана Милошева од бомбардирање во селото *
Стојан Темовски Коломнати
Софија Темовска Вичо с. Лаген
Спиро Шкаврев Буката Костурско умира Трнаа
Никола Марковски Гревена
Анастасија Симовска Гревена
Ставре Пучунга Гревена
Ристо Станишев Гревена
Доне Лучков Албанија на германскиот фронт *
Ристо Ѓамовски германците *
Фото Кировски Белес со германците на бугарски фронт *
Неда Мавровска 1944 од германците *
Иљо Јандревски стрелан од италјаните во Костур *
Пандо Ласков стрелан од италјаните во Костур *
Пандо Папаилија стрелан од италјаните во Костур *
Павле Папаилија стрелан од италјаните во Костур *
Васил Ѓамовски стрелан од италјаните во Костур *
Иљо Сандрин стрелан од италјаните во Костур *

(*) - Желевци кои не загинаа во граѓанската војна во Грција

Раселени желевци после Граѓанската Војна во Грција

Полска

Есентта 1949 год. со румунски брод беа префрлени сите желевци, стари мажи, жени, деца и ранети борци во град Гдиња на Балтичкото море. Таму беа одделени ранетите борци ставени во вагони и пренесени во една голема болница со број 250. Останатите беа пренесени во градот Менџе Гуже. Пролетта 1950 год. сите беа собрани во еден град Згоржелец. Во овој град почнаа да се враќаат и оние ранети борци кои се опоравуваа во болницата 250. Во овој град се направи собиралиште на сите политички емигранти во НР Полска, а тука се префрлаа и децата од другите републики. Така во градот се формираа два детски дома Никос Захаријадис и Лазо Трповски. Летото 1950 год. повеќето желевци беа пратени во друго гратче Богатиња, кое се наогаше на тромеѓето помеѓу Германија, Чешка и Полска. Тука се испратени да работат во софхоз, земледелие и краварство, а некои работеа и во фабрики, така да желевци се поделија во два града Богатиња и Згоржелец.

Албанија

Во оваа држава поминаа сите желевци, што го напуштија селото 1949 год. а тука останаа малку. Од тука беа префрлени во другите народни републики, во Албанија остана само една жена која беше осудена поради мажот му.

Југославија

Во оваа држава имаше најмногу желевци и тоа борци, политички бегалци, децата што беа префрлени пролетта 1948 год., многу ранети и пребегани од селото за да се спасат од монархо фашистичките орди. Селаните беа сместени во разни места и градови. Во Војводина во с. Гаково, и с. Крушлево, а ранетите борци во Булкес. Детски домови имаше во Бела црква и Црквеница. Во Македонија сместени во Скопје, Тетово, Битола, Прилеп, Струга.

Во Скопје имаше најголема група на желевци, а покасно се вратија и од народните републики и СССР Скопје стана Ново Желево, после Торонто со најголем број соселани. Треба да се напомени дека во периодот 1950 – 54 год. многу дечиња се вратија во Грција во своите домови, а покасно заминаа за

Канада. Во Скопје има многу семејства чии имиња ќе се потрудам да ги напишам:

Стамовци 2. Балковци. 3. Симовци 4. Дибрановци 5. Флоровци 6. Бундовци 7. Станишеви 8. Темовци 9. Јановци 10. Николовци 11. Попспирови 12. Марковци 13. Беќаровци 14. Темелковци 15. Степановци 16. Румијаковци 17. Јанкуловци 18. Дамовци 19. Додевци 20. Дограмови (Јановци) 21. Митановци (Чоневи) 22. Лумбуровци 23. Марковци (Колејчини) 24.Гадучеви 25. Глигоровци 26. Лулевци 27. Кировци 28. Бодановци 29. Гулини 30. Пачови

Ова се семејства со исти презимиња така да нивниот број е многу поголем. Такви се семејствата: Јановци, Беќаровци, Марковци, Станишеви, Флоровци.

Во овој град своите животи ги оставија многу наши соселани, ќе пробам да се сетам на некој од нив, кои вечно почиваат во гробиштата Бутел.
Јоан, Филе, Трајко, Коле Беќарови
Ламбро и жената му Флоровци
Трајко Додевски
Фоти жената му Темовци (Сотировци)
Божин Јанов Манџуков
Софија Попспиров Балков
Мичо и Софија Гадучи
Поп Симовски и син му Томислав
Малина Маркова
Ристојца, Стефо, и син му Тоде Бодановци
Тасе и жената Митанови
Коле Глигоров
Коле Пачов
Ристојца Лумбурова
Ѓургица Глигурова
Крсте Степанов
Танас Јане Војновски
Петре и Елена Прпикови
Иљо и жена му Марковци
Леко и син му Спиро Марковци
Доне Јанкуловци и многу други што не ги знам ни помнам.

Тетово

Во овој град има неколку семејства и тоа:

1. Ламбро Митанов 2. Леко Глигоров 3. Дафина Петкова Трендовска со децата 4. Архонда Гакеја со ќерката Василка и децата 5. Севда Станишева со децата 6. Фана Курцова.

Тука умреа: Ламбро Митанов, Архонда Попова Гакеја, Алеко Глигоров Попјоанов.

Струга

Во овој град е една семејство и тоа Ристо на Ламбро Тркалов со неговите деца фамилијарно, дојдени се од Ташкент.

Прилеп

Во овој град живее Конда на Мазенко.

Битола

Во мојот град има желевци уште од 1924 – 28 год. исто и период од 1944 – 45 год. и после граѓанската војна 1948 год.

1924 – 28 год. Браќата Симовци, Стојан Петревци Марковци, Пандо Лумбуров во Породин.

1944 – 45 год. Никола Николовски (шоферот), со фамилијата, Коста Станишев со фамилијата.

1950 год. Лучков Васил ги врати жена си и децата од Ташкент и Полска.

1957 год. Мичо Флоров, браќата Ристо и Коле Шкавреви, со семејствата од Полска, Танас и ќерката Ристана Маркова, а покасно дојде детето Васил семејно од Ташкент, Петре Брбалов се враќа од Канада и од Желево доаѓа жената. Јанејца Миовска

и Јанаки Лучков. Така после Скопје сега Битола е втор по големина со желевци во Македонија.

Во село Породин од 1924 – 28 год. беа следни:

Лумбурови, Бундовци, Темовци, Курзови, но тие сега не се во Породин се раселија и остана само Васил Темо Сотиров. Во село Егри остана Сотир Румбаков кој таму почина.

Желевци кои починаа во Битола:

Коста и жената Станишеви, Коле и жената Николовци (шоферот), Петре Брбалов со сопругата, Тасе со сопругата Симовци, Нате поп Симовци, Јанаки и Васил со внукот Лучкови, Јанејца Миовска, Пандо и сопругата Лумбурови, Танас и Ристана Марковски, Ристо, Коле Шкавреви и многу други.

Бугарија

Во град Софија живеат следните семејства:

Ставро на Тодор Марков 2. Харила Симовски 3. Ѓорги Брбалов 4. Јановци 5. Вангел Богданов кои тука почина.

На Гара Елин Пелин се следни семејства:

Трајко Киров, 2. Спиро Киров почина таму, 3. Ламбро Румбјаков

Во град Стара Загора е Лена Богданова

Во град Толбухин Леко Митанов и Лена Бундова.

Во град Сандански: 1. Дине Чаков семејно, 2. Ѓорги Чаков сопругата Софија Флоровска со децата. Тена Јаневска Флоровска со син му Павле, Ѓорги и Наса Маркова семејно. Тука починаа Павле Флоров и Дане Чаков.

Романија, Чехословакија и Унгарија

Во овие земји имаше деца од 1948 год. и тоа во Тулгеш, Калиманешти, во домови во Унгарија но повеќето се иселија од тука во Македонија, некој во Грција. Во Унгарија имаше доста ранети борци кои се лечеа во Будимпешта, а потоа си отидоа од таму. Тука почина Лена Степанова која ги учеше децата од селото.

Во Унгарија останаа следните семејства:

1.Анастасија Коцу хемиски инжинер, 2. Василиј Симу професор по Филологија, 3. Ѓорги Беќаров електро инжинер 4. Севасти Гијанкула професор 5. Фани Курџу архитект, 6. Спирос Флору (Глиптис) уметник сликар, 7. Јани Пасков машински инж. 8. Михали Пасков ветеринарен доктор, 9. Дола Љулу пензионер исто и останатите сега се пензионери, сем Михали Пасков кои работи ветеринар.

Засекогаш во Унгарија останаа во Будимпешта следните желевци:
Антигони Ласку, Аглики Марку, Деодота Јоану, Пандо Паско и Малакамба.

Полска

Како што пишав и погоре сите здрави желевци беа сместени во град Богатиња, каде работеа на совхоз, земјоделие и краварство, во болница 250 ранетите борци, а останатите стари и деца беа во градот Згоржелец. Од 1950-53 год. многу желевци работеа по други градови и совхози како што се: Ваубжих, Немча, Швидница, Вроцлав, Полице и други. А покасно од Полска почнаа да си бегат за Канада, Грција, Бугарија и Македонија. Таму остана само Танас Пачов кој имаше жена полјакиња.

Тука засекогаш останаја Попспиро Балко (Менџегузе), Марија на Танас, Марко Петров во Згоржелец, Мичо на Иљо Пучунгов.

СССР – Ташкент

Во овој град Ташкент беа донесени здравите борци, кои останаа живи после поразот на ДАГ, преку Албанија беа донесени во Узбекистан. Кога се дозволи да се собираат семејствата заедно многу желевци отидоа во Ташкент, жени и деца, а борци заминаа во другите држави, во Грција, Канада и Македонија. Таму останаа многу малку желевци меѓу кои се: Стојан Гужов, Стојан Трпчелов, кои имаат жени русинки и во Воронеж Илија Јану кој има жена русинка и е Доктор на историски науки во универзитетот во Воронеж. И тука останаа желевци за секогаш и тоа Фото Јановски во Москва детето на Доне Марковски на секаде расфрлени гробови по сите народни републики, за кои претходно никогаш не беа чуле, да им лесна земјата и да им вечна славата на сите желевци што останаа далеку од родното огниште.

Моето излегување во партизани 1947 година

Во пролетта 1947 год. започнува нова страница во редовите на ДАГ, започнаа да се напаѓаат воени пунктови, полициски станици, како што беа нападите во селата Лак, Папли, на Бигла планина. Во исто време и костурскиот крај се крена многу масовно, така да монархо фашистичката војска се повлекува исцело од Преспа каде е загрозена и се повлекуваат во Лерин. Тоа им овозможува на ДАГ да имаат големи слободни територии и во нив да се формираат новите единици со нови борци. Во тоа време пролетта 1947 год. излегуваат многу борци и од нашето село, а брат ми Спиро излегува пред монархо фашистичката војска да го напушти Желево. После тоа јас во јуни 1947 год. заминувам во редовите на ДАГ, и станувам редовен борец. Дома остана татко ми, мајка ми која е непокретна од 1944 год. снаата Спировица, сестра ми Софија и брат ми Никола.

При излегувањето во планина јас со поголема група борци отидовме во село Коломнати, а од таму за некој ден тргнавме кон Кајмакчалан, и тоа во село Попадија на самата граница со Југославија. Тука останавме неколку дена, бев заедно со Коле на Филе коачо, Мичо на Лекојца Чачани, Трајко на Лони Пирпикот, и Ставро на Ѓорги Николов од моето село. Од тука се враќаме на Вичо планина, каде нашата единица на чело со

Акрита Јани од Овчарени, леринско зазеде позиција над село Арменско и над трсјанските каливи над градот Лерин. Јас во тоа време бев во водот на Апостоли Димакопулос од село Неохораки, леринско. Тој беше просфига, но беше многу добар човек, Десетар ми беше Коле Киру од Желево, пошто немавме многу искуство со оружјето, секој ден се вежбавме и обучувавме со пушки и друго оружје. Отакако ја завршивме обуката во село Турје ја направивме и првата акција во село Неволени, сосем блиску до градот. Од како припукавме кон противникот а тои ни возврати, се разви кратка битка и ние се вративме во село Нерет, каде останавме на ручек и вечера, а ноќта се вративме на нашите позиции. После ова имаше битки во Арменско, кај трсјанските колиби во полето и на Бигла. Летото месец јули се собравме над Прекопана во падините на Вичо, каде се формираа големи единици, цели батаљони. Батаљонот со командант Пандо Шиперков од село Смрдеш македонец, батаљонот со командант Михали Гранити од село Крчишта, батаљонот со командант Пандо Вајната од село Сребрено. Две чети наречени Дилохија водени од Гарефи од село Косинец и сите овие команданти беа македонци.

Се формираа главни штабови и тоа на сите единици а главен за сите единици беше Аминда од село Лехово, леринско, албанец по народност. Од кога се заврши со формирањето на единиците јас припаднав во батаљонот со командант Михали Гранити со број 588, во четата на Лефтер од село Баница, во водот на Апостоли од Неохори. Со мене беа повеќе македонци од леринско поле, од Преспа и од костурско, од моето село со мене беа: Коле Киру, Мичо Чачани, Трајко Пирпико и Ставро Николов на Горги. Другите соборци на кои можам да се сетам беа: Александро Чалдари, Толи, Грамо Спасе, од село Овчарени, Мичо од Сетина, Алеко, Насе, Чане и Танас од Коломнати, од село Лак преспа беше Алексо беше магирос (кувар), од село Герман беше Герман малку наглув. Девојки партизанки со мене беа: Василка Руси од Герман, Томаија Мичопуло од село Папли, Цвета од Мокрени, Поликсени од Нестрам, Андромахи Кочопуло од село Папречко, костурско.

На почетокот бев само обичен војник, но после ме зеде Апостоли и станав негов курир во единицата. Набрзо ја

обавувам таа служба и во четата, така да сега сум во штабот на водот и четата. Да напоменам дека секоја чета беше составена од четири вода, секој вод од четири десетини, а секоја десетина од по единесет борци, значи единиците беа доста големи.

Од кога се направија овие големи единици се јави потреба од проширување на фронтот, па така нашата единица беше пратена кон полето преку Бигла планина према Буф. Кога стигнавме на мала Бигла над село Арменско се случи и првото десертерство од редовите на ДАГ. Имено Никола Киру и Мичо Чачани од Желево, не приметени се одделија од колоната, слегоа и се предадоа во Лерин на грците. Од кога слеговме во Буф се дозна за предавството, останавме тука до вечерта, а ноќта удривме на селата Долна и Горна Клештина. Во оваа борба беше и брат ми Спиро со посебна единица наречена „саботер“, која беше за растурање на бункери, и други објекти со мини или базуки (панцер). После овие борби во погорните села и селото Света Петка, четата се врати во село Раково,остана малку време и се упативме преку Бигла во Желево. Од тука после краток одмор тргнуваме за костурско имаме борба во село Дамбени и Четирок, овие акции се во јули и август 1947 година на Вичо.

Тој период грчката монархо фашистичка војска почнува офанзива на Грамос, тамошните партизански единици ги води главен штаб (Архигио Воију Граму), на чело со командир Гианулис. Штабот се обрати за помош на Вичо и од тука тргнуваат два батаљони на помош. Едниот на Пандо Шиперко покрај албанските граници стигна на Грамос, а нашиот на чело со Гранити стигна до село Лабаница и од тука беше вратен према Вичо. Се вративме кон село Блаце, тука спавме, а на другиот ден маршутата преку Загоричани, стигнавме во синјачко до селото Гермија (Деспоти рахи), каде останавме преку дента, а вечерта маршутата не носеше преку село Богачико кај мостот на река Бистрица, и тоа близу градот Рупишта (Аргос).

Откако ја преминавме реката Бистрица, тргнавме во правец на селата Нестимо, Калохори, Лакомата, Дамашкинија, Дафни, Поликастано и планините Орлија и Ондрија, над македонските

села Езерец и Петро (Пулаки). Сите овие села припаѓаат на Гревена и Козани сем Езерец кое е во костурско. Тоа беше нашата маршута за да стигнеме и се приклучиме на нашите единици на Грамос.

После неколку дена одмор нов командир на батаљонот стана Ахилеа Папајоану. Од с. Каливриси, македонец но цело време зборуваше грчки, тука се ствара нов начин на живот и на борба затоа што се наоѓаме на простор каде поголем број на села се од чисто грчки етнички состав и тоа ни прави проблеми. Се јавува потреба од мобилизација за да се собери храната за единиците во планините каде што нема села. Ние вршиме мобилизација во селата Нестимо, Кастанофито, Авгерино, Дамашкинија, Дафни, за оваа мобилизација имавме и проблеми од оние кои им служеа на монархо фашистите (маидес). Грците тука беа собрани околу поголемите села во посигурни центри како што беа Рупишта, Нестрам, Чотили (Педалофо), а другите околу градовите Костур, Гревена, Каљари, Кожани и други. Батаљоните на Ахилеа и Гранити требаше да бранат многу голема територија, за што немаа доволен број борци.

Мојата чета со командир Лефтер од Баница, го имаше просторот до Чотили, многу близу до Рупишта, каде поминува патот за Гревена и Кожани. Со нас имаше луѓе кои беа дење со нас но потоа не предаваа на монархо фашистите и ние бевме изложени постојано на бомбардирања од авионите и артилеријата.

Есента 1947 год. беше многу тешка за нас со многу стални борби од сите страни, така да ни се случи една утрина цела чета да биде обиколена, а еден вод (димирија), беше заробен, така да сите беа однесени во селото и стрелани меѓу нив и Трајко Пирпико. Другите водови со тешки маки, голем број ранети, се извлекоа од заседата и се спасија. Во оваа нерамноправна борба со многу загуби на наша страна загина и членот на главниот штаб на Грамос, Буковала, кој загина на Орле планина есента 1947 год. после овие случувања беше сменет командирот Лефтер, за кратко беше поставен Спиро, грк по народност, но и него брзо го сменија и го поставија македонецот Вангел Чапас од село Манијак. Мојот командир на вод Апостоли беше пратен

на школа за предавачи, во главниот штаб на ДАГ. Мене ме испратија во село Ланга на курс за подофицери (сколио омардихон), каде останав три недели и се вратив во четата, но овој пат како командир на десетина, дестар, и за прв пат се најдов да командувам со постари од мене и од друга народност. Сега сум во водот на Коста Кизаки, кои е доста добро екипиран со добри борци кои се во четата на Вангел Чапата, а се за заштита на штабот на четата. Заедно одевме по разни акции во селата Жели, Мелантио, се до градчето Хрупишта, со диверзантски акции. Се удира ноќе и се бега. Тоа време беше доста тешко за војување и за нашиот батаљон, и батаљонот на Пандо Шиперко, кои во месноста Копанче, Портите, Палиокреми, до Горуша, места стратешки, кои ги држи непријателот, а ние цело време го напаѓаме за да ги освоиме тие точки, пред зимата пред да падне снегот. Имавме заеднички борби двата батаљони на Копанче, Портите, Горуша доста успешни, а на Полиокремиди имавме многу ранети, меѓу нив и Вангел Богданов кому во Албанија му ја секоја ногата и загинати (убиени). Така да Шиперко се повлекува, со него беше и Пандо Марко на Малина, како командир на чета за тешко оружје, а со мене од нив беа стари борци Борче Ѓорги Бејко од Бапчор, сега командир на чета кај Шиперко, Ѓорги Лавдако од с. Бесфина, командир на вод, Лагото од с. Статица командир на вод, Ване Чалев од с. Черешница, Склифов Илија од с. Загоричани и многу други. Тоа време бевме многу време заедно така да во слободното време пеевме и игравме заедно, кога немаше борби. Но сега остануваме ние со батаљонот на Ахилеа и Гранити. Имавме многу тешки борби, но посебно успешна за нас беше борбата на Полиокремини, која ја добивме, планината е голема и имавме стратешки подобра позиција од непријателот, за понатамошните борби.

Есента 1947 год. во четата на брат ми Спиро за политички комесар дојде Наум Пачко од село Дамбени, костурско. Тој беше многу добар човек, комунист, борец, педагог и имаше углед во четата. Тогаш јас станав редовен член на КПГ, зошто дотогаш бев приправник (докимо). Во тоа време имавме доста успеси во борбите но и многу жртви од наша страна. Беше направена мобилизација од наша страна за нови борци, беа

фатени доста предавници, меѓу нив и еден поп, и сите беа предадени на Војо Грамо.

Во тоа време се создаде и бригада (таксимархија), и тоа 14-та. Бригадата беше составена од батаљоните на Пандо Шиперко, Ахилеа и Гранитии други единици кои беа на таа територија. Командир на бригадата стана Ѓоргијади.

Сега ќе се обидам по сеќавање да ги напишам штабовите, прво на батаљонот:

Командир на батаљон – Ахилеа Папајоану
Политички комесар – Михали Апостолски Гранити
Стратиотикос – Ипефтинос Спартако од с. Клештина
Стратологос – Мичо Шканџо од с. Поздивишта
Набавачот на храна епимелитис и куририте.

Командири на четите:

Лефтер Олеф од с. Баница, Вевиј, леринско
Јани Акрита од с. Овчарени, Мелити, леринско
Петромбеи од с. Махала, леринско

Овие беа командири на четите од почетокот па се до есента 1947 год. кога стигнавме во Грамос, командири на водови (демирии), беа:

1. Руско од Клештина
2. Коста од Клештина
3. Толи Чакрев од Крушоради
4. Апостоли Димакопулос од Неохораки
5. Коста Кизаки од Коломнати (Макрохори) и други чии имиња поради поминатото време не се сеќавам добро. Во Војо Грамос имавме многу измени во кадровскиот кадар, после неуспехот на Лефтер, дојде еден Спиро, а покасно на негово место дојде вангел Чапата од с. Мањак, а покасно дојде и Наум Пачков од с. Дмбени, како политички комесар на чета.

Ќе се обидам да се сетам на уште некои имиња на борци од четата:

Васили Папанесторас од с. Крчишта, Костурско, десетар
Александар Луле од Коломнати. Костурско, десетар
Спасе Качора, пушко митралезец од Овчарени, леринско
Александар Чалдари од с. Средно село, Леринско
Алексо од с. Лак, Преспа, кувар во четата
Герман од с. Герман, работеше во кујната
Василики Русева од с. Герман, стара партизанка
Андромахи Мичопуло од с. Папреско, стара партизанка
Томаија Кочопуло од село Папли, Преспа
Поликсени (Цена) од с. Нестрам
Катина Кузманова, Цвета од Мокрени, офицер на ДАГ, народен херој загинува во 1949 год
Павле Шапков од с. Герман, загина кај планина Орле
Ставро Николов од с. Желево, загина кај Ондре планина
Трајко Пирпико од с. Желево, загина во с. Нестимо, Гревенско
Перо од с. Загоричани, загина во с. Дамаскинија
Ѓорги Рапчо од с. Косинец, загина на Грамос
Мичо од с. Сетина, погина во с. Нестимо
Танаси Калогјани од с. Нестрам, погина во Копанче
Насо Лоро од с. Кономлати, умре во Кичево
Лефтера Апостолска, сестра на Гранити
Јани Мисев од Котори
Јани Лаго од с. Статица (мела)
Танас од с. Коломнати, терзија

По формирањето на големите единици се пристапи кон формирање на нова привремена демократска влада на единиците на ДАГ. Претседател и врховен командант на таа влада стана генерал Вафијадис Маркос, генерален секретар Никос Захаријадис. Во исто време се формира и радио станица Глас на слободна Грција, со сите овие постапки се мислеше за целосна слободна демократска Република Грција, но за жал тоа не се случи, колку беа грешки во прашање или целосна стратегија не разбрав. Работите уште тогаш тргнаа на лошо, позадина немаше доволно, а од градовите не излегуваа партизани. Монархо фашистите спроведуваа тешки и сурови мачења на секој кои му помагаше на партизаните, а донесоја и закон во кој беше членот 509. Со овој член секој помагач беше затворан или убиван по брза постапка, без пардон.

Од наша страна се случија и многу тешки борби во кои ние имавме големи загуби, од човечка и материјална страна и тоа кај Гревена, Коница, Мечово. По овие загубени битки се промени ситуацијата на теренот на наша штета, така да и моралот на борците опадна есента 1947, зимата 1948 год. Се појавија и други проблеми во нашите редови вошките, гладта, облеката, сето тоа беше на наш грб но ние не се предававме сето тоа го издржавме, за нас комунистите тоа беше животна школа која ја поминавме. Во слободните денови учевме и се спремавме војнички, политички да бидеме добри луѓе, борци, комунисти и политичари. Јас во оваа единица го поминав најголемиот дел од мојот партизански живот, од пролетта 1947 до пролетта 1948 год. можеби една година е мал период, но во тоа време тоа беше и премногу. За сето ова време јас немав никакви контакти со семејството, немаше пошта за да ме информира, затоа што цело време бев на првите борбени линии. Ова траеше до пролетта 1948 год. кога за прв пат се ранувам од граната во нозете, кај месноста Клепсо, тоа е ридче над селата Поликастано и Дафни. По ранувањето ме префрлаат во село Котили, па во село Монопило (Пилкади), каде добив и напад на слепото црево, а по некои ден патување се најдов во село Нивици, Преспа. Следната дестинација беше село Вмбел па во Албанија во град Тирана. Така завршува моето учество во 14 бригада, и со мојата единица во 588 батаљон.

Мое видување за партизанството од татко ми.

Кажувањата на мојот татко за партизанството. Овие кажувања за жал не стигнал да ги напише, но многу пати ги кажувал така да чувствувам потреба во оваа прилика да ги напишам.

Во време на најголемите борби кај Чотили во селата Дафни и Дамашкинија за цело време бевме бомбардирани од грчката авијација и тоа многу прецизно по нашите позиции. Ова беше многу сомнително па бевме одредени да видиме и да пронајдеме кој е тој што редовно не шпионира и ги јавува нашите позиции. Ноќта врвевме по селото во мртва тишина да можеме да препознаеме што се случува, но дури на втората ноќ од една плевна слушавме многу чудни гласови, за да по

влегувањето утврдиме дека некој по радиостаница испраќа сигнали со типкање. За наше големо изненадување човекот кој го правеше тоа беше локалниот поп, кој редовно ги известуваше монархофашистите за се што се случуваше. Истиот беше однесен во единицата, сослушан ги кажа сите јавки и луѓе со кои соработуваше и беше однесен во главниот штаб. Што се случи со него не знам, но претпоставката е најлошото, затоа што на тој дел ние имавме многу жртви.

Другиот настан е кога во водот бевме определени да донесеме „жив јазик“ човек од противничките редови, кој ќе ги кажа сите положби и јавки на непријателот. Успеавме да го направиме тоа, но изненадувањето беше за нив преголемо, како ние сме можеле да зборуваме на грчки јазик. Откако почна испрашувањето, нивната филозофија, но и обука била дека тиа ќе се борат против некаков непријател, небричен со долга коса со едно око (киклопи), дека суровоста им е единствениот квалитет и за преживување се треба да се убие. После испитувањето младиот војник со 19 год. сфати дека се она што го учеле се она што му го кажувале било лага и сакал да се приклучи кон Демократската Армија на Грција и да се бори за подобри и поголеми права за своето семејство. Тој набрзо беше прифатен во нашиот вод, покажа бескрајна издржливост, борбеност и хероизам така да во една од поголемите битки на Грамос беше тешко ранет и однесен во Албанија. Времињата и настаните се менуваа брзо, така да го изгубив од вид, и покрај тоа што во многу борби беше со мене. Но се случи нешто што се случува во животот, но присетува на филмска сторија. Еден ден на мои партиски активности во Богатиња, станува еден млад човек со патерици без една нога, пред почеток на состанокот ми приоѓа, ме прегрнува и плаче така да не може да застане. Не можам да се сетам никако на овој млад убав човек се додека не прозборе, за да знам дека пред мене е човекот кои ние го заробивме а тој дојде во состојба за ДАГ да го жртвува својот живот. Уште една вистинска приказна за доброто и злото, каде доброто победува, за жал со трајни последици по ова младо момче.

Во болницата во Тирана – првото ранување

Во Тирана бев сместен во цивилна болница, и ни кажаа да се претставуваме грци од Албанија, а не партизани од Грција. Тоа траеше неколку дена до нашите операции но после тоа самите без да сакаме откривме дека сме борци на ДАГ. Покрај санирање на раните бев оперисан и од слепо црево, па по некое време не пренесоа во логорот Сукт. Тамо не сместија по бараките, започна една нова страна на животот, одговорен на логорот беше Војо, инвалид со една нога. Тука животот беше суров со скратени права од страна на управата. Немаше средби со другарките, сите што се движеа одеа на работа во полето, добивме анонимни имиња, моето беше како мојот командант Ѓоргијадис. Таму почнаа курсеви по марксизам и политички науки, јас бев определен да предавам на третата барака каде беа младинци. Тука не останав за долго, здравјето ми се влоши и бев препратен пак во Тирана, но сега во војна болница, каде ми се јави стомачна болест. Лекувањето го правеше еден италјански лекар, специјалист кој ме излечи од болеста. Повторно се враќам во Сукт, од каде заминувам блиску до Скадарско Езеро но за малку. За сето што кажувам се случи од мај до јули 1948 год. Во ова време се случува и првото писмо за осуда од Информбирото до Југославија, кое предизвика тргање на сликите на Тито, повлекување на бригадирите од пругата Дурс – Тирана, на оние кои беа југословени.

Повторно во борбите на Грамос 1948 год.

Грците го користат ова и покренуваат голема офанзива на Грамос, така да ние иако не залечени со камиони бевме пренесени директно на Грамос на фронтот. Јас бев одреден во 107 та бригада, во батаљонот на Малецко, во третата чета командир Ѓорго, во први вод. Така цели борби на Грамос ги поминавме на првите борбени линии, во оваа единица скоро сите борци беа од Пиреја, грци, но мене не ми пречеше и поминав заедно со нив во многу борби, после Грамос се вративме на Вичо имавме големи успеси во борбата кај месноста Малимади, каде уништивме една голема монархо фашистичка единица, ослободивме многу важно место за нас и освоивме многу воена опрема како плен. По овие успешни борби на Вичо единицата беше оставена малку да одмори, но не за долго, веќе на почетокот на октомври 1948 год. добиваме

задача да слеземе преку Буф во леринскот поле. Коага дојдовме во Буф и продолживме за Клештина се судривме со голема непријателска единица, на планината Мечка се водеа долготрајни борби скоро цел ден, со тешки загуби од двете страни. Во тие борби јас бев повторно ранет, овој пат од граната во главата. Другарите ме пренесоа во манастирот Света Тројца (Агиа триада), кај селата Псодери и Желево. Така по втор пат се одвојувам од редовните единици на ДАГ. Тука сум одликуван со ордените на Грамос и Вичо и прогласен сум со чин потпоручник (димиритис).

Мое видување за средба во с. Поздивишта со негов соборец.

Средба со соборец партизан во Поздивишта 1985 год. после скоро 40 години од граѓанската војна, кога јас бев војник во тогашната ЈНА, соседна Грција пред некои нивни избори под владение на ПАСОК, пред големиот Велигден, без никакви посебни документи дозволија посета на родните огништа. Татко ми заедно со мајка ми решија да отидат во своите родни домови напуштени, веќе 40 години. За она што го видоа таму не постојат зборови за да се изнакажат, за жалната слика за растуреното огниште, немање дечки џагор и врева, празни домови, разрушени куќи, но како што и господ видел дека му е тешко на овие луѓе, за цело време, цели пет дена се отвори небото и не престана да врне, да истура но и по такво време се посетија гробовите на најмилите, се остана во кафаните да се видат со луѓето, но една случка татко ми не ја заборави. Кога со мојата мајка Софија пристигнаа во село Поздивишта, како и на другите места се беа собрале селаните, луѓето кои беа дојдени од Македонија и почнаа раскажувањата, сеќавањата за добрите и лошите работи, за луѓето кои преживеале по логорите, а останале во родниот крај, се додека татко ми не прашал за еден негов соборец од соседното село. За него се кажало дека тој е одделен од луѓето и настаните, не сака никого да види ни пак да се дружи со некого, живее на едно бачило со своите овци и многу ретко се среќава со луѓето. Татко ми запрашал како може да се стигне до него, а единствене врска со него бил дуќанџијата кај кого имало телефон, а пак човекот доаѓал и купувал намирници од кај него. Кога се јавија од кафаната тој покасно, но бил таму и му ја пренесле пораката дека Ристо од

Желево го бара да го види. И тогаш врнело истурвало, но паднала кладба дека човекот неме да дојде, татко ми бил убеден во спротивното. Нормално од тоа село до каде што биле требало околу 40 минути пешачење. Човекот само после 30 минути бил во кафаната се поздравил со сите а кога го видел татко ми без збор само го прегрнал и за чудо плачел, плачел долго време без моќ на говор. Татко ми бил човекот што во партизанството му го спасил тогаш младиот живот на овој напатен човек. Тој тоа никогаш не го заборавил, после војната бил во грчките логори цели пет години, останал за цело време во селото и веќе селаните го мислеле дека е далеку од се што е нормално, но неговата борба со општеството, со се околу него го оставила неговиот мозок чист од расипаноста околу него. Тоа што во животот прав човек ќе го доживее и преживее никогаш не го заборава. Нека му е вечна славата и на двата големи херои на ДАГ. Животот секогаш ги пишува најубавите романи што се случуваат кај луѓето.

Една дигресија во тие моменти кога се водеа најжестоки борби, беше сменет генерал Маркос, а на негово место е поставен Димитри Парцалидис за преседател на привремената влада, а Захаријадис главен за сите. Тоа време по повлекувањето од Грамос беше осуден и стрелан Гјанулис кој беше главен командант на Војо Грамос. Тоа беше почетокот на крајот за нашата армија. Да кажам дека борбите на Грамос траеа денонокно цели 70 дена, на страната на непријателот беше цел западен свет, на чело со Америка. Ние бевме првата жртва по втората светска војна, но докажавме, издржавме и покажавме дека не сме „кацаплијадес“, ниту „симоритес“, туку сме борци за слобода, демократија и независност. Бевме борци на ДАГ и на КПГ, тоа го признаа и самите непријатели.

Второто ранување, одење во Булкес, октомври 1948 год.

По краткото задржување во болницата, кон половината на октомври 1948 год. со други ранети преку Преспа бев пренесен во Катлановски Бањи близу Скопје во Македонија. Тука бев се до крајот на ноември 1948 год. кога со камиони не однесоа на железничката станица во Скопје од каде не префрлија во теретни, товарни вагони, послани со сламарици. Во вагонот

бевме осум другари, мене ме поставија за одговорен, за кога ќе стигнеме во Белград јас да им набавам храна и санитетски материјал. Така и стана во Белград не чекаа на станица, непознато лице ме повика, заедно со него набавивме се што требаше, и тука чекавме се до вечерта. Кога ноќта тргна возот ни кажаа дека ќе не чекаат други луѓе кои ќе не однесат на правото место. Патувањето од Белград до крајната дестинација не траеше многу долго и веќе бевме спремни за слегување.

Кога со возот стигнавме од Белград, на железничката станица во Булкес вагонот беше откачен од композицијата, остана на перонот, нас не чекаа со селски коли и со нив не однесоа во карантин во кино салата. Ние осум луѓе преспавме тука, наутро дојде лекар не прегледа. Со него и друг персонал кои не распореди кој кај ќе биде и што ќе работи. На почетокот бев ставен во стегаси, како комунално претпријатие. Стигнавме во местото кое тогаш претставуваше држава во држава, Булкес. Во него се сретнав со следните желевци: 1. Алеко Балко 2. Алеко Јоану 3. Петре Зега 4. Ламбро Марко 5. Анастас Флора 6. Лазо Алтано 7. Танас Лучко 8. Васил Лучко 9. Вангел Богданов малку покасно дојде во декември и брат ми Спиро Шкаврев, но тој набргу беше префрлен во Унгарија. Што всушност претставуваше Булкес. Големо село со 7000 луѓе, кое долго време беше населено со германско и прогерманско население, кое го помагаше окупаторот за цело време на војната. По завршувањето на истата тие што преживееа пребегаа за Германија, а селото беше отстапено на политичките бегалци од Грција, со договор помеѓу КПГ и КПЈ, за вселување и можност за работа во овој крај. Селото Ѓаково беше во близина на гратчето Бачки Петровац, со развиена индустрија имаше фабрика за коноп и конопник, фабрика за селски коли со четири тркала, фабрика за кожни обработки како гемови, седла, чевли, земјоделие, сточарство, лозарство и многу крави, овци, пајки, кокошки. Имаше и болница во која се лечеа ранетите од војната во Грција. Во сите овие фабрики работеа и грци и македонци, во селото имаше многу ресторани за исхрана, млин, кино сала, црква и стадион за фудбал. Со местото владееја грчки претставници од КПГ, со посебни пари динари, кои важеаа само во Булкес. Затоа ова беше држава во држава, од страна на југословенските власти имаше само народна милиција, која ја

чуваше границата некој да не побегне или дојде во Булкес без посебна дозвола. Во Булкес постоеа две многу важни пароли и тоа: КОИ НЕ РАБОТИ НЕ МОЖЕ ДА СЕ ХРАНИ, и другата уште поважна СЕ ШТО ЌЕ СЕ ПРОИЗВЕДИ ДА СЕ ПРАЌА НА ФРОНТОТ ВО ГРЦИЈА ЗА ЕДИНИЦИТЕ НА ДАГ. Ете во кратки црти што беше Булкес.

Јас во Булкес останав до крајот на март 1949 год. за тоа време работев во фабриката за преработка на коноп во три смени. Посетувавме политичка школа каде се учеше марксизам, политички науки и воена вештина. Населението беше различно, мешано но повеќе беа грци од Евро, и малку македонци од Воденско, Караџова. По завршувањето на војната, местото се растури, се слушнаа многу лоши работи за работењето, и на раководењето од КПГ.

Повторно на фронт, април 1949 год.

Почетокот на април 1949 год. заедно со една мала група од шест луѓе и една другарка Докса по народност гркинка, тргнавме повторно со возот за Грција преку Белград, Скопје, Битола, Љубојно и стигнавме во с. Раби, Преспа, егејска Македонија. Од с. Раби не однесоа во с. Герман а од таму во с. Руља во штабот на 11 та дивизија. Јас сум повторно на фронт, за среќа го наоѓам мојот стар командант Василко од 1947 год., кој сега е политички комесар на дивизијата. Тој лично ме прими во дивизијата, им нареди да ме нахранат, облечат и да бидам во бункер во месноста Лисец. Иако незалечен од раните отворам нова страница во мојот воен живот, тука станувам голем пријател со Тесалиотис, кои беше офицер за информации во дивизијата, условите се добри и за живот и за работа. Од другарот Тесалиотис, добив материјали кои ги проучував за криминалистика и останати разузнувачки материјали. По некое време не собраа 14 другари од разни бригадии и не распоредија. Во почеток командир ни беше Апостоли, а за политички комесар јас Ристо Мавровски. Во оваа единица сите бевме офицери од порано и сега штапски борци. Ние имавме слободна територија, и можност за слободно работење и движење по сите единици, и во позадината на непријателот, да соработуваме со слободните стрелци, политичките комесари, кои беа во

позадината на непријателот. Од април до јуни 1949 год. јас бев во штабот на 11 та дивизија, како директен командир ми беше Пандо Вајната а политички комесар Василко. Командирот Пандо Вајната, јас го пречекувам, кога доаѓаат од Кајмакчалан кај месноста Радуша под Невеска за да ги префрлам на Вичо планина. Задачата успешно ја завршив и цела единица ја донесов во село Коломнати, за оваа моја задача од штабот на дивизијата бев предложен до привремената влада да бидам одликуван со орден за храброст, но иако ми е доделен, јас не го примив пошто заминавме на други задачи. Заедно со Командирот Пандо Вајната тргнавме на подолг пат, овој пат преку Радож, Синјачко, Војо за да излеземе на Грамос. Уште првиот ден бевме откриени од непријателот, цел ден водевме борби во Радуша, тука загина Фана Димова Мишева моја втора братучетка од с. Ошчима. Вечерта колоната продолжи и стигнавме Синјачко над с. Емборе. Таму останавме дењата. Вечерта продолживме преку с. Костораџе, ја прегазивме река Бистрица, и стигнавме во селата Склалохори, Нестимо, Лакомата во Гревенско. Таму дењата бевме нападнати од сите страни и од авијацијата од Рупишта, борбите беа гради в гради имавме доста убиени и ранети, изгубивме многу коњи од авијацијата, така да откако се стемни по наредба на командирот сите убиени беа закопани, а сите ранети кои можеа да се движат ги зедовме со нас, а потешко ранетите беа скриени и известени јавките да се грижат за нив. Пак се враќаме за Вичо, но не земаат абер уште кога ја преминавме реката кај Богачиго, така да на Синьачко под Клисура водевме тешки борби цел ден, повторно со доста убиени и ранети. Вечерта преминавме на планина Врбица, над с. Мокрени, Загоричани, Лехово и Сребрено, тука другиот ден имаше уште пожестока борба но со мали загуби на наша страна. Тука командирот Пандо Вајната, нареди да се расформира единицата на помали групи и да се сретнеме повторно на Вичо планина. Таа беше последна заедничка акција на командирот Пандо Вајната со мене кога јас бев и водач и негов главен курир, зошто го знаев тој терен од порано многу добро.

По враќањето на Лисец се формира 105 бригада, на чело со Скотила, на негово барање како штабски официри бевме испратени јас и Јани Танопуло од с. Сребрено во штабот, јас

како командир а тој како политички комесар на вод. Во овој вод останавме се до падот на Вичо август 1949 год.

Третото ранување, 12.08.1949 год. кај Лисец

На 11.08.1949 год. монархофашистите почнаа голема офанзива на цела територија, а јас за жал се ранувам во битката кај Лисец овој пат многу тешко во десната страна од рамото. Во оваа борба беше дојден на помош и Софијаното со негова единица и благодарејќи на него останав жив, тој нареди да ме кренат и ме однесат на пунктот за прва помош, оттаму ме слегоа на патот за село Трнаа, ме качуваат на еден камион и ме пренесуваат во с. Оровник, Преспа. Тука на 12.08.1949 ме преврзаа ми ставија инекција против сепса од мојата селанка Севда Станишева, и ме испратија за с. Лак а од тука со чунка преку езеро откарши во село Дробитишта во една пештера, и дотука завршувам со моите маки на грчка територија тоа е 16.08.1949 год.

Мое кажување од разговорите со селаните и неговото.

Татко ми беше тешко ранет и за жал беше фрлен со останатите борци што загинаа во таа битка за да биде закопан. Но за негова и наша среќа поминува некоја негова брачеда со постар човек од селото, тие го препознаваат и сакаат да го земат со нив, за да биде закопан во с. Желево. Но постариот човек да му е лесна земјата, ги собува чевлите од татко ми запалува весник на неговите табани, а татко ми реагира, така да гледаат дека е жив, и првиот камион кој поминува за Преспа го качуваат со останатите ранети, каде се направени првите интервенции и потоа е препратен во болница во Албанија, каде е направена хируршка интевенција на десното раме од раката на татко ми, успешно, спасена му беше раката од ампутирање.

Патувањето за Полска и Болница „250“

Од тука ме префрлија во Албанија во градот Корча, во болница со многу ранети партизани од Вичо а потоа и од Грамос, имаше и албански војници кои беа на наша страна, каде останувам до први октомври 1949 год. Во оваа болница имаше прекрасна нега, имаше лекари од Полска, Унгарија, Бугарија, Албанија и

нашите лекари. Потоа не префрлаат во Елбасан, во болница каде имаше наши ранети, но тука останавме само 15 дена. На 15.10.1949 год. со камиони не однесоа во град Дурс на Средоземно море, каде бевме товарени на еден патнички романски брод, во кој покрај ранетите имаше и многу цивилно население. Тука заврши и мојот престој во Албанија.

Бродот пловеше према Италија, покрај Сицилија, на Гиблартар излеговме на Атлански океан, и по долг пат покрај Ла манш влеговме во Балтичко море во полските територјални води и се растоваривме во пристаништето Гдиња, Полска. Патувањето на бродот траеше цели единаесет дена и ноќи. Во овој град не очекуваа специјални композиции од возови кои не однесоа нас ранетите на една страна, а цивилите на друга и однесени во град Менџегуже.

Мое кажување за болница „250“

Сите овие разговори со татко ми и мистеријата за некои од нив, ме натераа да прочепкам по некои историски книги и книги за Беломорието така да најдов некои интересни податоци за болницата „250“ и патот на татко ми до таму.

Благодарност до Г-динот Петре Наковски и неговата последна книга „На пат со Времето“ издадена 2010 год. Во истата е пренесен дел од книгата „Грчката болница на островот Волин“, напишана од организаторот и главниот хирург на специјалната болница под шифра „250“, тогаш мајор, а подоцна бригаден генерал д-р Мјечислав Барчиковски. Еве што тој напишал за оваа историја на мојот татко:

„ Како што се гледа од кажувањата на генералот Лешек Кшемјењ, тогашен заменик командант на шлескиот воен округ за политичко – воспитни прашања, во почетокот на летото 1949 год. го викнал кај себе првиот секретар на ЦК на ПОРП, Болеслав Бјерут. Тргнувајќи од комплицираната меѓународна ситуација, тој укажал на тешката положба на грчкото партизанство. Особено бил трогнат од судбината на ранетите и на болните, а особено на децата, жените и старците. Бил потресен од перспективата за нивно уништување како резултат

на поразот на ДАГ. Болеслав Бјерут силно го подвлекол значењето на пролетерскиот интернационализам како основен идеен принцип на комунизмот и истакнал, како нам што ни помагаа во борбата другарите од други земји, така сега ние треба да дадеме хуманитарна помош (....) Војската, која се одликува со најдобра организациска подготвеност, би можела да ја преземе грижата за евекуацијата, транспортот, лекувањето и рехабилитацијата. За прашањето за сместување и приспособувањето кон животот ќе се погрижат цивилните власти. Тој рекол дека лично е заинтересиран на тие несреќни луѓе да им даде не само формална помош, туку и срце. Наредил генералот Лешек Кшемјењ, како член на военото раководство на територијата на идното сместување на грчките емигранти тековно да го информира, поднесувајќи му устни извештаи. Генералот Лешек Кшемјењ веднаш почнал да работи,, но работел кратко. Го заменил генералот Вацлав Комар, главен организатор и реализатор на грчката акција во Полска.

Во последниот период од грчката граѓанска војна во Албанија беше испратена група лекари под раководство на д-р Бохдан Беднарски, подоцнежен министер за здравство. Тие им даваа на партизаните стручна лекарска помош (...) Од брегoвите на Албанија отпловуваа бродови, на брзина допловуваа во близина на полското пристаниште Швиноујшче, на тие бродови работеа и полски лекари, кои во текот на патувањето извршуваа неопходни хируршки интервенции. Санитетските коли од Швиноујшче ги превезуваа грчките партизани во болница „250“ на островот Волин. Наредните бродови пристигнуваа во Гдањск. Ранетите ги превезуваа до Шчечин, од тука со автобуси до болниците. Во основа имаше четири транспорти: кон крајот на јули 1949 година, во половината на септември и во октомври и последниот во декември. Подоцнежните веќе беа спорадични и малуброjни.“

„Првиот транспорт отплови од Албанија на 13 јули 1949 година. Во бродот „Кошчушко“ беа сместени 750 ранети. Ним им беше потребна што побрза специјалистишка помош. На дното на бродот беа сместени луѓето со заздравени рани, додека во кабините беа тие на кои требаше да им се прават преврски. На секој од болните му беше обесено картонче со број. Бројот

требеше да го запаметат. Уште на пристаништето меѓу Грците кружеше веста дека ќе бидат товарени во полски брод, значи најверојатно ќе отпловат за Полска. Некои од ранетите уште порано се беа сретнале со полските лекари во Албанија. Многумина од нив паметеа додека во Сукт работеше полска лекарка, но не го знаеа презимето. Екипажот на „Кошчушко“ беше составен од околу 50 лица. На многу ранети во сеќавање им остана сестра Слава, презимето не ми е познато. Таа постојано била со нив, специјално се грижела за жените. Нејзе и беа потчинети грчките болничарки и санитарци. На ранетите им беше забрането да излегуваат на палубата во текот на пловењето низ Гиблартар и за време на краткото задржување во Копенхаген. При пловењето низ каналот Ламанш падна страшна магла. (...) Пловењето траеше 12 дена. На 25 јули бродот се укотви во пристаништето Швиноујшче.

Очињец и Федина беа малку изненадени кога претходниот ден наутро ги повика полковникот Кавињски и им нареди да подготват неколку стотици ќебиња, пијалаци во канти за млеко и многу канчиња. Се товарија на товарни камиони и чекаа на готовност. Кон колоната исто така беа приклучени и сите санитетски коли со кои располагаше единицата. Колоната неподвижна чекаше неколку часови. Наредбата за тргнување ја немаше. Сите мислеа дека алармот е даден прерано. Вечерта од кај зградата на командата се појави џип. Колоната тргна. На сите им олесна. Беа изморени од чекање. Колоната камиони ја помина стражата во Мјенсивоџе.

Сега од Мјенсивоџе беа упатувани во пристаништето. По пат ги задржаа во шумата. Од густежот излезе некој си црн, постар офицер со големи мустаки. Тоа беше полковник Станек. Видоа голем број луѓе во униформи и во цивилна облека, а во шумата беа скриени санитетски коли. Во ноќта целата колона влезе во пристаништето. Пред нив беше огромен брод. В зори почна акцијата. Беше студено и се уште владееше мракот, кога почна растоварот. Тешко ранетите ги сместуваа во специјални кошници што беа пренесувани од бродот со помош на кранови. Малку мрзнеа за време на тоа кратко патување над бродот додека не ги поставуваа на копно. А таму веднаш се појавуваа некои луѓе во непознати униформи, грижливо ги покриваа со

ќебиња, ги легнуваа на носилки и ги товареа во санитетски коли кои веднаш заминуваа. Сите пациенти подоцна изјавуваа дека првиот впечаток бил многу пријатен. Грижлива нега со која беа опкружени ги охрабруваше по периодот на несигурност. Чувствуваа дека се нашле во добри раце. Лесно ранетите сами слегуваа на копното. На мостот стоеше војник и на секој му даваше ќебе. Потоа фатија места во камионите и во мало бројните автобуси, каде им беа давани топли напитоци. Неколку ранети со ампутирани нозе беа пренесени на раце во возилата што ги чекаа. Еден од нив плачеше. Не од болка, туку од возбуда што толку мајчински се однесуваа кон него. Некои од нив, за да ја изразат својата благодарност и симпатија ги галеа орлите на капите на полските војници.

Чудните дојденци беа облечени полуцивилно, полувојнички, имаа капи слични на американските. Беа валкани, обраснати, запуштени и тажни. Ништо не зборуваа. Оставаа впечаток на вчудовидени и несигурни. Со љубопитство ги гледаа војниците кои стоеа на брегот, некои ги допираа нивните воени ознаки. Тешко ранетите само провизирно беа преврзани со валкани, окрвавени завои и крпи. Под нив се гледаа загноени рани. Изгледа дека на бродот немало средства за преврски, а рацете на тие кои вршеа преврски не биле баш учени. Некои нозе и раце беа ужасно деформирани.. не сакајќи тоа сами по себе да го искажат, војниците крадешкум погледнуваа и само со гестови даваа на знаење дека им сочуствуваат на дојденците. По завршувањето на цела операција камионите набрзина го напуштија Швиноујшче. Празното Мјенѕивоџе го поминаа без да ги забележат луѓето кои тука беа на одмор.

Првиот транспорт беше големо доживување за персоналот на болницата. Одамна се подготвувавме за ова. Имав трема пред се поради одговорноста што лежеше врз мене. Дали се ќе оди точно, дали во текот на ноќта и во наредниот ден ќе успееме да ги примиме сите ранети и болни. Тоа беа прашањата што не мачеа. Одевме од ќош до ќош, проверувајќи дали уште нешто треба да се направи, дали нешто треба да се подготви, да се поправи. Исчекувањето предолго се влечеше, веќе почна да нервира.

Со леснотија здивнавме кога видовме дека стигнаа првите санитетски коли и застанаа пред салата за приредби, сега преадаптирана во сала за сегрегација. Сите живнаа, го снема немирот. Сакавме да им дадеме не само стручна помош, туку да им покажеме и срце. Тие тоа многу го бараа од нас.

Се гледаше дека, општо земено, тие прости луѓе преживеаа ужас. Стигнаа изморени, ослабени и болничави, најчесто истоштени од долготрајните страдања. Лошо страснатите нозе и раце предизвикуваа болка при секое движење. Многумина имаа висока температура. Некои од тешко болните дури не беа во состојба и да се радуваат од пристигнувањето на целта. Но општо земено се трудеа тоа да не го изразат. И само малубројни беа тие кои покажуваа недоверба. „не ме допирај, не знам кој си“ – чувствувавме дека таква е смислата на не секогаш пријателските мрморења на некои од ранетите. Некои не сакаа да го предадат оружјето, иако им беше објаснувано дека ќе биде дадено на чување. Беа приврзани кон оние свои пиштоли и партизански пушки со пресечени цевки. Само некои одбиваа да јадат. Најголемиот број подаваа раце за да добијат од сендвичите, кои во пунктот за исхрана ги имаше цели купови. Со движење покажуваа на лебот и гестикулирајќи прашуваа дали може уште да добијат. Подоцна велеа дека не можеле да се изначудат што има толку многу тазе леб. Во партизани честопати го сонувале, а тука го има без ограничување. „Сакаш уште? Има многу!“- сестрите се радуваа поради тоа што можеа да ги подмират нивните желби. И тие тоа го запаметија за цел живот.

Лежеа на кревети поставени во редици од двете страни од огромната сала. Со чудење ги гледаа легените за миење, садовите со вода, купиштата пижами, наметки и влечки, канти со млеко и со напитоци. Некои не се воздржуваа да земат повеќе јадење, за под перница, зошто кој знае, можеби ќе снема, како што се случувало во партизани. Но од се што се случувало околу нив можеа да проценат дека земјата е побогата од земјите во кои престојувале порано. А многумина од нив ги виделе не само Албанија, Бугарија и Југославија. Многумина ги чудеше поголемата организираност, за разлика од другите земји. Ранетите брзо беа регистрирани, им ги соблекуваа оделата и

нечистата облека. Провизорно ги миеа, бричеа, ги фрлаа валканите завои и крпи, заедно со веќе непотребните партали, кои ги палеа пред салата. Тие кои требаше да бидат преврзани ги ставаа на масите за преврска. Во чистиот дел на салата болните ги облекуваа во сосема нови пижами, ги ставаа на носилки и што е можно побрзо со санитарни коли ги префрлуваа во одделенијата. Тие кои можеа да одат, на рака ги добиваа броевите на блоковите. Беа праќани во соодветни групи кои потоа беа пренесувани во соодветни простории. Единствено тешко ранетите и болните, откако го надминува шокот, извесно време остануваа во креветите за да ги ослободат од потресот. Облеката што беше употреблива се праќаше на дезинфекција и дезитерација во соодветни комори. (...)

Слично беа прифаќани и другите транспорти. Но не може да се споредат со првиот. Бројно беа значително помали, поголем беше меѓутоа, персоналот на болницата. Имавме веќе поголемо искуство, исто така се поправи снабдувањето со неопходните медицински средства.

Првиот транспорт болни, во Џивџув стигна во септември. Најпрвин кај нас донесоа 29 цивили со ампутирани раце и нозе, а подоцна на 8 ми октомври повеќе од 150 партизани, заедно со околу 2,5 илјадниот транспорт што стигна во Швиноујшче со бродот „Кошчушко“. Бродот од Албанија отплови ноќе, на 27 спроти 28 септември 1949 година и по единаесет дена стигна во Полска. Како што кажуваа, на бродот, покрај грчкиот екипаж, имало тројца Грци преведувачи.

Третиот транспорт (во кој беше мојот татко, за што подолу самиот пишува), стигна во Гдањск на 26 октомври, најверојатно со романскиот брод „ Трансилванија“ (некои тврдат дека го носел името „ Каролина“).

„Трансилванија“ беше луксузен брод, кој пред војната бил наменет за лична употреба на кралот на Романија. Наводно донел 2-3 илјади луѓе. Од албанските брегови отпловил кон половината на октомври. Екипажот беше романски, медицинските сестри и дел од лекарите беа Полјаци. Зад „ Трансилванија“ се до Гиблартар пловеше англиски воен брод.

Го снема дури тогаш, кога романскиот капетан му објасни дека на бродот има туристи.

Изгладнети во текот на пловењето јадеа без мера. На последиците не требаше долго да се чека. Кон морската болест се придружи проливот. Не е чудно што меѓу околу 500 болни, кои во Гдањск беа префрлени од бродот во возот за Шчечин, имаше многу истоштени. И покрај молбите и наговарањето од страна на медицинските сестри, не сакаа да јадат сендвичи и да пијат млеко. За да биде маката поголема, кога пристигнаа во Цивцув, наместо пижами, што ги снема, добија долги ноќни кошули. Ова веќе беше претерано. Тие одлучно се откажаа од смешните бели фустани. Со мака беа убедени дека тоа е само привремено. Кога ќе стигнат пижамите од перење, тогаш ќе бидат облечени машки. Подоцна сите ги заборавија тие почетни недоразбирања. (...)

Лекувањето на болните во нашата болница повеќе беше етапно, а операциите многукратни. Воспалението на коските ни ја комплицираше како хирушката, така и рехабилитационата постапка. Од 1175 лекувани во нашата болница скршеници на коските имаа 215 лица“.

„Посебна улога за меѓусебното разбирање, како што спомнав порано, одигра Македонците. Тие живееја во Грција како национално малцинство, а нивниот јазик е словенски. Во националистичка Грција се жалеа дека национално се обесправени. Во комунистичкото партизанство тие грчко – македонски непријателства всушност ослабнаа, но и понатаму се уште беа живи. Македонците имаа силно чувство за својата национална посебност. Паметеа дека Александар Македонски бил еден од нив. Според тоа, и покрај се, не се чувствуваа сосема добро меѓу Грците. Имаа свои национални амбиции. Во доверба ни велеа дека сите Македонци треба да се обединат. И тие од Грција, како и тие од Бугарија и од Југославија, каде имаат релативно најголема автономија. Во разговорите со Грците исто така многукратно забележувавме дека македонскиот проблем кај нив и понатаму е актуелен и бара да се реши.

Сите ранети, како и цивилното бегалско население и децата беа прифаќани како Грци. Но многу брзо Полјаците сфатиле дека дојденците се разликуваат по јазик, обичаи, песни и ора, дека се разликуваат и по национално потекло. И тоа не само го ценеа, туку и го подржуваа“.

Што можам да кажам после овој текст на еден благороден човек д-р Мјечислав Барчиковски далеку од нашата татковина, но поголем од многу од нас. ВАС д-р Мјечислав Барчиковски, на сите оние лекари, медицински персонал, работоводители, на целиот Полски народ, едно големо БЛАГОДАРАМ за незаборавната помош дадена на нашиот напатен Македонски народ од Беломорска Македонија. Полска остана засекогаш и во мене, тука сум роден и покрај тоа што таму сум сум бил само 100 дена, засекогаш останува моја втора татковина. Ве сакам преубави луѓе.

Нас ранетите не однесоа директно во болница назначена со број „250“. Во болницата имаше 14 големи блока, кои за време на војната беа касарни за германската војска, полската влада ги преуреди во болница. Тука по влегувањето во болницата сите бевме ставени во карантин, ни беа одземени сите работи кои ги носевме од Албанија, од кога не сместија личните работи ни беа вратени. Местото беше блиску до градот Шчечин, на полу остров во Балтичкото море и се викаше Волин. Болницата беше со најсовршена опрема за хирушки интрвенции, во неа беше најдобриот персонал и специјалисти лекари, кои се грижеа за нас. Секој блок баша специјално оспособен за пооделни повреди и рани на различни делови од телото. Во болницата уште пред да дојдеме ние имаше наши ранети борци, но во основа покрај лечењето имаше и школо за да не оспособи за понатамошен живот. Во болницата 250 имаше негде околу две три илјади ранети кои поминаја фаза на лечење. Болницата излекува многу ранети и ги врати во живот, но за жал и добар дел подлегнаа на раните и за секогаш останаа во овие далечни краеви. Лечењето и терапијата беа многу мачни, тешки, долготрајни со помош на медицинскиот персонал со кои од друга страна успеав да го научам и полскиот јазик, кои ми користеше во мојот понатамошен живот. Во болницата останав до мај 1950 год. Во неа се наоѓаа моите соселани:

- Мичо Гадучи
- Мичо Јанкула
- Андони Јанкула
- Петро Курзо
- Атанас Трендов
- Атанас Војнов
- Дафина Вранциду Трендо
- Мичо Пучунга
- Сотир Степанов
- Форчо
- Ставро Богданов
- Кичо Мазенко
- Мичо Флора
- Ламбро Румјаков
- Глигори Стаму Говедарот
- Филип Беќари
- Ристо Шкаврев

Згоржелец

Оние кои завршија со успешното лечење полека се префрлаа од месец март, април, мај 1950 год. во градот Згоржелец, така да после месец мај имаше малку пациенти, а веќе во јуни болницата беше затворена, персоналот преместен а таа како 250 престана да постои.

Така на почетокот на 1950 год. полските власти дозволија ова население да се пресели низ многу градови во Полска како Менџе Гуже и поголем дел во Згоржелец. Овој град беше поделен на два дела со ДР Германија, низ него течеше реката Одра која беше и граница. Поголемиот дел на градот припаѓа на ДР Германија, а само помал дел е на полска територија. Во 1950 год. градот беше празен, и со договор со КПГ им беше отстапен на бегалците од Грција. Така во градот се собраа оние кои беа пратени во Менџе Гуже, ранетите борци од болница „250“, во градот имаше училишта во кои учеа и Грци и Македонци. Во градот се сместија и партиската организација на КПГ за цела Полска, масовната организација „Никос Белојанис“, масовната организација на македонците „Илинден“, така да во градот се

наоѓаше комплетното партиско раководство, во Полска. Секретарот на КПГ беше Тимио грк и Маки македонец. На друштвото „Никос Белојанис“ беше потпреседател барба Трајко од воденско, на Масовната организација на македонците „Илинден“, секретар беше барба Ламбро Москов од с. Дмбени, костурско. Меѓу ова население, ранети, деца, борци имаше и доста мои соселани на кои ќе пробам да се сетам:

- Поп Спиро со жена си Софија Балку, но тој умира во Менџе Гуже 1950
- Никола Пачата синот Атанас, и ќерката Велика
- Дане Чаку со жената
- Сотир Киру Макрија
- Петре Барбалов
- Глигор Стамо
- Сандрина Трајковска
- Тена Флорова
- Василица на Керчу
- Ѓорги Марку жена му Наса и децата
- Крсто Степанов жена му и синовите Сотир и Мичо
- Ѓорги Трендов ќерка му Дафина и синот Танас
- Танас Петрески Марку жена та му Мара која умира 1951 год. во град Згоржелец и ќерката Ристана
- Танас Мавру Шкаврев
- Јани Сидери Дудумо
- Христина Николова, на Коле шоферо жената.
- Танас Војнов и Крстојца Воиновска
- Тасе Марков
- Мичо Пучунга почина 1951 год. во Згоржелец.
- Спиро Јанкула со синот и ќерката, Доне Јанкула
- Софија на Фото Дамовски
- Фотејца на Фоте Јановски
- Филе Тодоров Муто
- Форчо
- Ламбро Румјаков
- Ставро Маземко Кичо
- Мичо Гадучи
- Петре Курзов
- Малина Марку
- Веселина Лучкова

- Спиро Кировски
- Стефо Кировски со жената и синот Мичо
- Тоде Киров со мајка си Ристојца
- Петре Пирпико со жена му Елена
- Христо Сидери Даскалот
- Ламбро Флоров со синот Мичо
- Христина Мавру Беќерова
- Мичо Јанкула
- Филе Беќаров
- Тена и ќерката Котовци
- Христина Букори и браќата
- Крстојца Јандровска
- Ристо Шкаврев Мавровски – Јас

Покасно во градот доаѓаат и Ристана Георгивска Лучкова, семејно од Ташкент, Менела на Ламбро Флоров кај татко си и брат му, и Коле Мавровски кај мене братот Ристо. Повеќето желевци беа пратени на работа во градот Богатинја, Згоржелец и други места. Во Богатинја имаше земјоделска задруга совхоз и тука беа поделени на два дела во Маркочите и Богатинја во градот. Овие места се на тромеѓето помеѓу Германија, Полска и Чехословачка. Тука би кажал кои беа учениците во школата во Богатинја.

Лефтера Пурова од с. Вмбел, Лефтера Лулу од с. Вмбел, Цоца исто од Вмбел, Христина, Ермионина и Нина беа гркинки, Атина од костурските села.

Исто имаше и толку деца, наше имаше само едно од село Ајтос, Леринско, а останатите беа грчиња. Тука желевци беа сместени од пролетта 1950 год. па се до 1952 год. кога почна да се преселуваат кој во Канада, некои во други подалечни совхози, некои останаа во град Згоржелец, а некои во градовите Вроцлав, Швидница, Немча, Ваубжих и други. Тоа е за моите соселани и некои кои дојдоа покасно од другите народни републики, ова траеше се до 1956-57 год. кога се почна масовно иселување во Југославија, Македонија, Грција и Бугарија поблиску до родните огништа. Така да денес во Полска остана само еден желевец. Танас Пача чија жена е пољакиња, и останаа во град Згоржелец, толку за желевци во Полска. Јас бев одвоен

и далеку од моите соселани, и тие беа причините да го напуштам Згоржелец и да барам ново место за живеење.

Во месец мај 1950 год. бев префрлен од „250“ во град Згоржелец, бев сместен во еден дом за возрасни деца, во кои бевме 18 машки и женски. Заедно со мене беа Танас Војну и Мичо Јанкула од нашето село. Јас како пообразован, член на КПГ, ме поставија за помошник на даскалот за да ги учиме децата. Тука бевме сместени на ул. Варшавска бр.49, но не за долго, не преместија во град Богатиња. Овој беше индустриски град со многу фабрики за текстил, така да децата покрај теорија одеа на пракса за текстилци во овие фабрики. Јас со моите соселани како ранети не можевме за долго да останеме во градот, во кои имаше многу борци од ДАГ, но сега беа само обични работници. Таму постоеше партиска организација на чело со Цима грк по народност, еден ден во градот дошол членот на ЦК Никос Белојанис, одржа голема партиска конференција, јас го замолив да не ослободи од оваа работа и да не врати во Згоржелец, што и се случи.

Другарот Белојанис му нареди на организацијата, така да другиот ден нашиот багаж со билети за Згоржелец ни беа достапни и ние со автобус заминавме за Згоржелец. По доаѓањето наше во Згоржелец бевме сместени на улица Дасинчего бр. 39. Тука се разделивме со Танас и Мичо. Танас ја најде својата тетка Малина Марку, и почна да работи во кооперацијата Делта, потоа се ожени. Мичо одма замина во друг град Немча, каде се вработи и се ожени. Останав сам и слободен, но наскоро партијата ме праќа на еден курс по полски јазик за на есен да одам на факултет во Вроцлав, јас го поминав курсот се спремив, но за жал на мое место се пушти грк. Јас останав сам со тоа што комитетот ме убедува дека мене ме спремаат за друга школа а не за Вроцлав. Така на почетокот на септември 1950 год. во Згоржелец почна првата редовна партиина школа за цела територија на Полска под раководство на КПГ. Во оваа школа имаше околу 70 слушатели, траеше девет месеци до мај, јуни 1951 год. се учеа многу тешки предмети и многу по број, на крајот се полагаа писмени и усмени испити и дипломите беа предадени во присуство на Никос Захаријадис, генерален секретар на КПГ. По

завршувањето на оваа школа, беа определени повеќе другари за нова наука и нова школа, но не на факултет туку во воена школа, така од партиска се префрливме во воена.

Партина школа „500“

Со воз заминавме од Згоржелец во непознат правец, и после долго патување стигнавме на старото место, поранешната болница 250, сега со ново име и нови задачи под име 500. Таа беше воената школа во која имаше 450 ученици борци, сите офицери на ДАГ и на КПГ. Со мене беше Доне Јанкула од Желево, Тане Пасков од Овчарени, Ташко Боцев од Ксинонеро, Наум Чакало од Оперино. Ние сите заедно бевме во прва чета, а другите беа грци во четата. Персоналот и офицерите беа пољаци, а ние подпаѓавме под главниот штаб на министерството на народна одбрана на Р. Полска. Во школото бевме поделени во три чети, јас бев во првата чета, требаше да учиме една година, но се траеше од јуни 1951 год. па се до јануари 1952 год. Програмата беше тешка со теорија и пракса на целиот матерјал. Секои три месеци имаше полагање на испити со оценки. Јас на двата испити добив разни награди од командата на школата за моето знаење. Животот беше војнички со голема дисциплина, се се извршуваше без никакви пречки, тоа беше школа за виши офицери на КПГ. Оваа школа на сите ни помогна во понатамошниот приватен живот, затоа што го научивме полскиот јазик и односот према луѓето. Кога дојде Захарјадис ни одржа еден огнен говор, а после тоа донесоа одлука школата да се затвори. Причината беше поради протестот на грчката влада до ОН, пољаците решија да ја расформираат школата. По ова со воз не префрлија кон Лизбарк, кај градот Олшин. На ова место германците имаа бази, но местото беше прекрасно со многу природни убавини, планини, вештачки езера, но за жал ние немавме никакви контакти со месното население, затоа што школото се држеше во илегалност. Вака поминавме две школи, не расформираа и не испратија по разни градови и фабрики. Дел замина за Вроцлав, дел за Познањ и ние за Згоржелец. Од тука дел заминаа за Нов Живот и други помали градови. Како што напоменав претходно јас во овој град се вратив од воената школа, зимата 1952 год. тука ситуацијата беше многу изменета и не беше како во 1950

год. јас бев без работа, школото не работеше, и немаше фабрики каде да се работи. Јас останав во Згоржелец, каде поминав на лекарска воена комисија, тие ме прогласија сталeн инвалид и ме сместија на ул. Дасиченго бр. 45, но сега ситуацијата е изменета, сите борци кои можеа да работат беа по фабриките работеа земаа плата, имаа пари во себе, а мене ми дадоа купони за храна и цигари, но пари никакви. Јас млад потреба од живот голема но без пари немоќен за било што. Така решив по сопствена волја да го напуштам Згоржелец, без дозвола на организацијата, која се грижеше за мене и моето здравје. Во почетокот беше многу тешко да ги убедам барба Трајко да заминам од градот, но благодарание на барба Ламбро и Маки тој ми дозволи да се префрлам во новиот град Швидница, под услов се што имам во Згоржелец да го предадам уредно на тамошните власти и тоа кревет, ќебиња, чаршави, и останато, откако го средив ова добив нормално дозвола и платена карта за возот од Згоржелец до Швидница, тоа беше февруари 1952 год.

Партина школа во Вроцлав

Во месец август 1956 год. бев испратен од партискиот комитет на ПОРП, во партиска школа во Вроцлав. Жената, братот и брачедот ги оставив во Швидница, а јас заминав за Вроцлав, со мене беа и тројца полски другари и јас. Тука бевме сместени во интернат, со сите погодности, тоа требаше да трае една година. Тука учевме многу предмети како Математика, Географија, Историја, Биологија, Физика, Полски јазик, Старогрчка историја, Марксизам, Политичка економија цели 14 предмети. Во почетокот беше многу тешко, но имавме добро школован наставнички кадар кои цело време работеше со нас, така да немавме опасност нешто да не совладаме. Во оваа школа останав до месец март 1957 год. кога школата ја затворија со наредба од Варшава, и сите вакви школи низ државата се затворија а остана само во центарот на Варшава. Зошто е затворена оваа школа, 1956 год. во септември месец на чело на ПОРП дојде Владислав Гомулка, со неговите другари Спихалски, Клишко и други. Тие донесоа одлуки со кои овие школи треба да се затворат оти многу го чинеле полското општество, такви кадри не им се потребни на државата, ги

затворија сите совхози и колхози и ја поделија земјата на селаните. Се почна со дозвола на работа на приватни дуќани, но и политички барања како заминување на руските војски од Полска, да си одат евреите, германците и сите странци од државата, така да почна да се развива голем национализам кои не водеше кон добро. Сега за прв пат полјаците се плашеа во сопствената држава. Во пролетта 1957 год. од Полска заминува генерал Рокосовски, веќе евреите наголемо почнуваат да се иселуваат во ветената земја Израел, а и голем број од македонците веќе бараат дозвола за заминување, стално иселување во Југославија и Грција.

Швидница

Но по случајна средба со еден мој борец и другар Никола Ѓоргиевски кои живееше во еден друг град во кој ми вети стан и работа, така да јас заминав кај него во Швидница. На железничката станица ме пречекаа Никола Ѓоргиевски и Никола Мичковски, така да заедно ме однесоа во кругот на фабриката за вагони. Тука преку кадровско одделение, каде ме примија прекрасно, ме сместија во бараките со многу мои другари, ми дадоа купони за храна и пари за лична употреба. Во бараката покрај креветот, имаше постелнини, крпи, основни хигенски работи, така да после долги години партизанство, по болници и школи, стигнав во фабричка хала и големи машини. Од овој ден почнува нов живот за мене во Полска, ќе се обидам да напишам што сум видел, научил, доживеал зошто ова е една голема незаборавна школа за мене.

Од како се сместив во фабриката, се запознав со другарите, го разгледав и запознав овој убав индустриски град се вратив во Згоржелец, од каде требаше да си земам партиска исписница, други дозволи, за да ме примат во новата организација во градот Швидница, така и стана од како добив се што ми требаше.

Од како ја средив партиската врска се сместив во градот и почнав да го разгледувам. Видов дека е индустриски многу развиен со многу фабрики меѓу нив: за изработка на вагони, М-9, ЗВАП, СВУП, ШАРПАЛНИЈА; РАНКОВИЧЕ; за шеќер, за

столарија, за гас, термо електрични централи, и многу помали претпријатија во кои работеа борци од ДАГ. Овој град имаше околу 70.000 жители, со голема трговија, имаше многу школи, стадион, базен, големи паркови, вештачко езеро, железница, со патишта беше поврзано со блиските градови како Валбжих, Белава, Шчегом, Јавозина и др. Во Швидница имаше и воени касарни во кои беа сместени руски војници, аеродром, убава кино сала, многу барови ресторанти, се случуваа многу забави, се што можеше еден млад човек да посака во тие години после големата светска војна. Од тамошното население бевме примени како најблиски нивни, како да не знаеа сто години. Да споменам дека претходно беше под германска окупација, како ние под турско ропство. Главен град на целата област Долни Слонск беше Вроцлав, голем убав со многу канали за вода низ него, а на Горни Слонск главен град беше Катовице со развиено рударство и јаглен за индустријата. Овие територии Полска ги доби после втората светска војна, 1945 год. кога СССР му ги отстапи на Полска. Тие територии беа многу богати, но и многу уништени за време на војната. Добивајќи ги овие територии Полска стана и индустриски доста развиена држава. Да напоменам исто дека кон крајот на 1949 год. во Полска се населија голем број население од грци и македонци, борци на ДАГ, а и другото население кое беше пребегано во Албанија сега доаѓа во Полска. После ова јас дојдов во Швидница, каде наидов на природни убавини, сложни соборци и работници. Јас се сместив во бараката од фабриката со моите другари Никола Ѓеоргиевски кои покасно се ожени за Христина од с. Руља, моја позната од партизанството, Никола Мичиковски со жената, бабата, и детето, Барба Мичо, тие беа стигнати пред мене. По тоа дојдоа и Мичо Шкордов со жената, Ташко Чапканов, Васил и Сотир Трповски, покасно се женееа, Мичо Вангелов, Мичо од Серско. Сите овие дојдоа од школото за заварувачи од град Вроцлав, како КВ работници. Така да покрај нас имаше многу други работници грци со кои работевме и живеевме заедно прво во бараките а потоа и во заедничките згради. Ова беше пролетта 1952 год. а во почетокот на летото истата година јас работев како општ работник и учев занает заварувач. Но не за долго, се разболев и бев пратен во очна поликлиника во Вроцлав, (ова поради работата и моето осветлување на очите при заварување). Тука останав подолго време и по излекувањето ми се даде

белешка да не работам на тешки работи, и да паузирам со учење, заради заздравување на очите. Така и стана. Властите ми излегоа во пресрет и ме поставија во одделението каде се правеше тапацирање, каде работеа неколку постари работници, со големо искуство кои ме прифатија како свое дете. Работевме на следни дејности: тапацирање – поправка на стар канцелариски мебел, римарство – поправка на каишите на машините, кожарство – нараквици, фути, дрвени чевли и се што беше потребно во фабриката. За се ова јас учев и теорија и пракса и положив за КВ работник. Ова не траеше долго, на мое барање да ја променам работата, ми беше одобрено да работам на крановите во фабриката. Јас ја прифатив работата, крановите беа многу големи, по некое време повторно полагав и положив за КВ кранист. Моето незадоволство сега беше поради сменската работа во три смени и неможностра да се вклучам во општествените активности. Се запишав на курс по техничко цртање, го завршив истиот, положив испит и баш во тоа време во фабриката почнаа да произведуваат нов тип тесни патнички вагони, каде јас ја видов мојата шанса. Тука влегувам да работам во ова одделение како КВ бравар и тука се задржав повеќе време. Ете горе долу тоа беше моето работење во фабриката за вагони во град Швидница, за периодот од 1952 – 1957 год. во месец август.

Да го објаснам моето работење во општествениот и политичкиот живот во Швидница. Од зимата 1952 год. кога се вработив во фабриката за вагони се поврзав со сите нејзини организации како: Партиската организација на КПГ за во Полска, Масовната организација „Никос Белојанис“, за сите кои живееа во Полска. Политички бегалци грци и македонци, Масовната организација на македонците „Илинден“.

*На седницата на Претседателството на организацијата „Илинден“, на Македонците од Егејска Македонија, формирана по иницијатива на Захаријадис, што се одржа на 04.06.1956 година, раководителот на организацијата полковникот Пандо Вајна во својот реферат во врска со прогонот на Македонците од КПГ, меѓу другото рече: „... во периодот на борбата на ДАГ и после поразот Захаријадис, спроведуваше политика на клеветење и прогонување на еден добар дел од

славомакедонските кадри и народни борци. Сосем неосновано и многу лесно на славомакедонските кадри и народни борци им ја лепеше етикетата „ агент на непријателот “ итн. Врз основа на лажни обвинувања во 1948 – 1949 година и подоцна, повеќе славомакедонци беа уапсени, а некои од нив и ликвидирани

Јас бев во сите тие организации како нивни член и активист, пошто само јас имав завршено такво школо, така да брзо станувам член на општинскиот градски комитет. Главната парола на партијата беше: НАТПРЕВАРУВАЊЕ И ПОВЕЌЕ РАБОТА. Тогаш заедно со Сотир Асенчаров формиравме претседателство на Илинден

- Сотир Асенчаров претседател од с. Герман, преспа
- Ристо Мавровски секретар и одговорен за просвета
- Маноли Беговски благајник од воденско
- Цвета Склифова учителка по македонски јазик
- Ташо Чапканов надзорник и инспектор
- Илија Склифов за музика и играорци
- Коле од с. Бапчор за младината.

Ова беше одборот и советот во периодот 1952 год. покасно имаше и кадровски промени, но покрај овој одбор имавме и други секции како спорт, ликовна, коресподенција, целта беше да ги собереме сите наши и да ги известуваме за се. Ние соработувавме и со масовната организација „Никос Белојанис“, а воедно бевме и нивни членови. Во градот се формира одбор од сите фабрики во кои учествував и јас како член со следни луѓе:

Ванго претседател, грк
Лочос член, грк
Ристо Мавровски одговорен за македонците,
Апостолис Димакопулос секретар, грк
Василис Зогас по партиски задолженија и задачи
Зиринчев член, македонец
Сотир Асанчаров член, македонец
Танас Трендов член, македонец

Ова е претседателството на масовната организација „Никос Белојанис“ во град Швидница во 1952 год. а покасно имаше доста измени во членовите и во работата на тој одбор кои се преименува во совет.

Од 1952 год. до половината на 1957год. во Швидница нашите беа распоредени по разни фабрики:

Фабриката за вагони:

Мичиковски Никола жената му Александра, синот Сотир и бабата од жената
Ѓоргиевски Никола, жената му Христина, ќерките Кираца и Елена и детето почина
Љанговски Алеко со мајка си
Шкордов Мичо, жената му Лефтера, синот Илија и ќерката Александра
Трповски Сотир жената му Цана и детето Ване
Трповски Васил со жената
Гичевски Трпо жената му Циља
Ангелов Мичо од серско
Чапканов Ташко од воденско
Дедо Мичо од воденско
Доне од с.Руља
Манчев Пандо од с. Загоричани
Пуровска Василка со децата Мичо и Лина
Мавровски Ристо

Во оваа фабрика бевме вкупно 34 души, а фабричкиот одбор беше составен од следните лица:

Ѓоргиевски Никола, претседател на „Илинден“
Шкордов Мичо, секретар
Чапканов Ташко, благајник
Мичиковски Никола, член
Трповски Васил, член
Фабрика М - 9
Склифов Илија и сопругата Цвета
Асенчаров Сотир, сопругата Јана, ќерката Мира, татко му Јосе

Аџиевска Митра, свекрвата и децата Митра, Цена, Сандра, Дора и Вангел
Илиевски Алеко сопругата Софија и син му
Грујовски Ставре сопругата Станка и две ќерки
Ѓорги и сопругата со четири деца од с. Загоричани
Костадинов Ѓорги од с. Зеленичево

Фабричниот одбор беше составен од три члена и тоа:

Склифов Илија претседател на „Илинден“
Илиевски Алеко секретар
Костадинов Ѓорги благајник
Склифова Цвета учителка по македонски јазик

Фабрика – ЗВАП

Во оваа фабрика претежно работеа млади кој дојдоа од школите, и тука им беше прва работа, а меѓу нив имаше и постари, прво ќе ги набројам нив:

Коцманов Ристо
Дафов Методија со жената и синот
Зиринчев Пандо овие се постари
Христина младинка од с. Лк
Мара од с. Шестево
Чана од с. Лаген
Коле од с. Бапчор
Склифов Кузо од с. Загоричани
Џатева Олга од с. Поздивишта, дојде малку покасно
Ѓаковски Тодор од с. Герман
Ламбро и Мара од воденско

Одборот беше од следните членови:

Коцманов Ристо претседател на „Илинден“
Зиринчев Пандо секретар
Коле од с. Бапчор благајник и одговорен за младите

Во Спуџелнија кооперација за картонажа во која работеа инвалиди и тоа:

Беновски Маноли, сопругата Александра и ќерката
Драмов Ангел
Стамков Тодор
Бегалов Коста работеше во градината

Одговорен беше Беновски Маноли.

Фабрика – СВУП работеше само Трендовски Танас
Фабрика – Кожна галантерија (ренкавице) работеа Пуровска Лина и Роси Софија Мавровска.
Кооперација за конфекција работеше Пуровски Мичо
Дрвна кооперација работеше Мавровски Коле
Во градската болница работеа: Кирова Александра, имаше ќерка, Виша Поповска, Пандовска Антигона со децата.
Во градот Счегом работеа Ѓорги Тасевски, со жена му Костадина и децата, имаше и други наши но не можам да се сетам на нив. Имаше наши и во градот Јавожина Свонска, кои припаѓаа на нашата организација „Илинден“ која броеше вкупно 104 члена.

Засекош во овој град на гробиштата останаа Василка од с. Герман, Мичиковска Александра од с. Раби, Синот на Ѓоргиевски Коле и Христина како мало.

Би сакал бегло да ги набројам задачите од страна на партијата КПГ, друштвото „Илинден“, друштвото „ Никос Белојанис“, и ПЗПР (Полската обединета работничка партија).

Главна задача и пароли беа: „СИТЕ НА РАБОТА“, „СИТЕ ДА НАУЧАТ ЗАНАЕТИ ЗА ДА СЕ ВРАТАТ СПРЕМНИ ВО ТАТКОВИНАТА“, „ПОВЕЌЕ РАБОТА, ПОКВАЛИТЕТНО ИСПОЛНУВАЊЕ И НАТФРЛАЊЕ НА НОРМАТА“, „НАТПРЕВАР ПОМЕЃУ ПОГОНИТЕ И ФАБРИКИТЕ“, „НАУКА, БРАТСТВО И ЕДИНСТВО МЕЃУ ПОЛИТИЧКИТЕ ЕМИГРАНТИ ГРЦИ И МАКЕДОНЦИ“, „СО СИТЕ СИЛИ ДА ПОМОГНЕМЕ ДА СЕ ИЗГРАДИ ПОЛСКА, ПОБРЗО И ПОКВАЛИТЕТНО“, така се работеше со тие пароли, и така поминуваше нашиот живот.

Дописник на весник „Димократис“

Во Полска излегуваше весник „Димократис“, кој излегуваше на грчки и македонски јазик во градот Вроцлав. Во редакцијата на весник Газета работници, излегуваше и нашиот дневен весник, кои беше популарен и читан меѓу сите полит емигранти грци и македонци, во него од сите градови имаше дописници кои секојдневно испраќаа извештаи од работата и нивниот живот по градовите. Во Швидница во редакцијата на весникот „Димократис“, соработници бевме јас Ристо од страна на македонците, а од грчка страна Димакопулос и Зогас. За мојата работа бев пофален и награден повеќе пати од редакцијата, и бев испратен на курс за дописничари во Вроцлав, кој курс траеше три месеци. Курсот успешно го завршив, така да до крајот на мојот престој во Швидница бев постојан дописник и соработник на весникот. Покасно го вклучив и Никола од наша страна да известува за активностите и работата на младите во Швидница.

Друг крупен политички настан во тоа време е и смртта на великиот Јосиф Висарјонович Сталин во март 1953 год. тука буквално се прекинува и неговата слава, но самата смрт и погреб беше одбележена со свирење на сирените, сите граѓани беа во ставот мирно, и со солзи во очите. Малку порано умре и Болеслав Бјерут секретар на Полската компартија ПЗПР. За нов секретар беше поставен Едвард Охаб, кога се носи одлука сите членови на КПГ кои живееат во Полска по автоматизам да станат членови на ПЗПР, од тој период јас член на фабричкиот и градскиот комитет. Во овој период како што кажав важеа паролите „ПОВЕЌЕ РАБОТА, МИР ВО СВЕТОТ“ а за нас „ПОВЕЌЕ РАБОТА, ПОКВАЛИТЕТНО ИСПОЛНУВАЊЕ И НАТФРЛАЊЕ НА НОРМАТА“,и „ПОМОШ ЗА НАШИТЕ ДРУГАРИ КОИ БЕА ЗАТВОРЕНИ ВО ОСТРОВИТЕ МАКРОНИСО И ЃУРА, така да преку црвен крст се праќаше мала помош од сите наши вработени.

Во Швидница имавме и наша кујна, а во кујната работеа таткото Коле и мајката на Пандо Шиперков, и ќерката на дедо Коле.

Културно уметнички живот во Швидница

Покрај кујната имавме и голема сала (клуб), даден од полските власти за употреба лично за нас, за собири, игранки и други свечени претстави кои ги правевме тука. Во оваа година се формираа и следните културни друштва, се со цел за поорганизирана и подобра живеачка. Во Швидница беше формиран Хор и Оркестар, во Оркестарот беа следните членови:

Склифов Илија диригент и прва виолина
Костадинов Ѓорги мандолина и гитара
Драмов Вангел мандолина
Мавровски Коле џез тапани, брат ми
Склифов Кузо гитара, помал брат на Илија
Ѓаковски Тодор гитара и тапани

Играорната и пејачка група беа составени од следните членови:

Никола од Бапчор одговорен
Цана Трповска
Пуровски Мичо
Пуровска Лина
Чапканов Ташко беше главен на цел одбор.

Ова беше една многу голема мешана група во која учествуваа грци и македонци, млади и стари, беше многу способна и пофалена на многу натпревари. Оваа група се натпреваруваше во градот Вроцлав со исти групи од Згоржелец, Легница, Јелења Гура, Вроцлав така да ние го освоивме првото место, и како награда добивме пехар и комплет народни носии. Во градот Швидница групата секоја сабота даваше претстава, а исто и во соседните градови Немча, Белава, Џорџонов и други. Секогаш со нив го славевме нашиот празник Илинден и сите наши празници, со разни претстави и забави во кои учествуваа и другарите од грчко потекло, така да со нив немавме никакво недоразбирање и проблеми, туку се беше во најдобар ред и мир.

Јас во Швидница бев сместен на ул. Панска бр. 24, и тоа есента 1952 год. а заедно со мене беа и другарите: Васил Зогас, грк,

Крлингичи Сократис, грк, дедо Мичо од воденско и јас Ристо. Овој стан беше фабрички и сите што живееа во оваа зграда работеа во фабриката за вагони, тука ми беше подобро, бев во центарот на градот и така да можев да им помогнам на сите наши работници што работеа во другите фабрики и живееа во градот. Како што спомнав претходно фабриката за вагони беше на крајот од градот и таа тука направи станови за своите вработени, интернат за младите кои се запослија тука. Сите вработени добија станови според бројот на членови на семејството а самците останаа во интернатот. Ова беше летото 1952 год. кога на сите ни беше дадено се за живот.

Политичка школа во фабриката за вагони

Веќе наредната 1953 год. Коцманов Ристо, беше испратен на школување на земјоделски факултет во Варшава, тој претходно работеше во фабриката – ЗВАП. Фабриката за вагони во септември 1953 год. во кругот на истата отвори политичка партиина школа која траеше наредните девет месеци, за активистите од фабриката. Во оваа школа учествував и јас, таа работеше во две смени, претпладне и попладне, во зависност од работното време на учесниците. Предмети кои се изучуваа беа:

Меѓународна борба на работничката класа
Марксизам
Политичка економија
Борбата на полската комунистичка партија
Новата технологија и и изградбата на Н.Р. Полска
Историја на КП СССР
Разни други пропратни предмети и теми

Наставата и предметите ги држеа и предаваа големи и признати научни и просветни работници. На крајот на школото се изврши полагање на овие предмети како теоретски така и практично, што накнадно се покажа доста корисно во нашата понатамошна работа. Покрај учеството во школото, јас продолжувам да пишувам во весникот „Димократис“, да помагам во работата на школото каде се учеше македонскиот јазик, во играорната група, учествував во активностите во фабриката и градот, им помагав на нашите болни, и на постарите другари, работа

премногу, но немаше никакви пречки ни од мене, ни од одборот, се беше во интерес на нашиот народ.

Во летото 1954 год. се продолжи со работа дојдоа некои нови младинци од Романија, меѓу нив и Пуровски Мичо и Лина, брат и сестра, кои се вклучија во сите претходни активности. Во месец септември од градот Швидница, на партиска школа во градот Лоџ, беше испратен Сотир Асенчаров, школата траеше девет месеци. Со неговото заминување дојде до промена во одборот, така да сега новиот состав во 1954 год. е следен:

Мавровски Ристо, јас претседател
Беновски Маноли секретар
Чапканов Ташко благајник
Стамков Тодор член
Склифов Илија член
Дафов Методија член
Илиевски Алеко член
Ѓоргиевски Коле член
Пуровски Мичо член

Запознавање и брак со Софија Роси

Во есента во Швидница од град Легница доаѓа за стално Роси Софија, кај својата сестра Склифова Цвета, негде во месец ноември 1954 год. ние со неа се познававме од порано, но сега се запознавме од поблиску, зошто таа и порано идеше кај сестра и за разни претстави и игранки, но сега се беше многу посериозно, што покасно заврши со брак. Сега ја најдов правата љубов кај Софија Роси и по неполни три месеци за Нова година 1955 год. стапивме во брак, се венчавме со Софија, така да таа стана моја официјална другарка до крајот на животот, земајќи го моето презиме Мавровска. На свадбата присуствуваа мојот кум Васил, побратимот Чапканов Ташко, нејзината сестра и зет Склифова Цвета и Илија, и многу наши пријатели. Од тој ден станавме една заедница, едно семејство, јас и официјално станав оженет човек, со поголеми обврски кон брачниот другар и поширокото семејство. Со мене до тогаш живееше мојот братучед Танас Трендо, на кого му го отстапив станот, а јас се преселив во станот на Склифова Цвета и Илија, за по кратко

време се преселиме во наш стан на ул. Трибуналска бр.1/1. Како поголем стан го зедов кај мене пак братучедот Танас Трендо, а пролетта 1955 год. во Полска од Унгарија дојде мојот помал брат Мавровски Коле, кои беше испратен во Згоржелец од каде го зедов да живее со нас и со Танас. Сега веќе бевме четири члена фамилија. Софија се грижеше за сите нас, за сите домашни работи и обврски, ни правеше измет на сите, а ние живеевме како сложно семејство.

Принова во семејството, првиот син Спиро

Така сега ние се вративме секој во својот град и својата фабрика, така да јас сум повторно на работа во фабриката за вагони. Сега ми се случува првиот убав и голем ден на 09.04.1957 год. мојата другарка Софија раѓа здраво машко дете, така јас станувам татко со голема радост и гордост. По кратко време го крстиме Спиро, убаво име а и име на мојот брат кој загина во ДАГ во јуни 1947 год, како народен херој. Од како се роди детето размислуваме за неговиот понатамошен развој, нега и живот, затоа што тука климата беше доста променлива и влажна. По консултациите со доктор Желински, тој ни препорача доколку сме во можност да ја напуштиме Полска и се преселиме на Балканот, за да го спасиме детето. За Грција не сакав да одам, зошто немаше услови за детето, затоа се решивме сите заедно со другарка ми Софија, брат ми Коле, нејзината сестра и зет Склифова Цвета и Илија сите заедно да поднесеме молба во Варшава до југословенскиот конзулат. Од како ги испративме за кратко време ни пуштија анкетни листови кои требаше да ги пополниме и со слики да ги испратиме во Белград. За кратко време ни одговорија потврдно дека можеме да се населиме во Н.Р. Македонија за стално. Дозволите кои ги добивме беа со важност од шест месеци, затоа беше неопходно да се завршат многу работи документи од работа, партија, синдикат, градските совети на Швидница, и после сите овие формалности кои беа неопходни.

Како што кажав погоре, јас заради поголема плата и да го одржувам семејството, се запишав и завршив курс по техничко цртање, се вработив во новиот погон за нови вагони, како КВ бравар, и како бригадир на бригада. Во тоа време бев избран и

секретар на организацијата на ПОРП, во погонот за монтажа на вагони, заедно со Тадеуш Ковалски, кој беше организационен секретар. Тука во тоа време од нас се бараше што поголемо производство, подобро исполнување на месечните планови, ова се бараше во цела држава, за побрзо градење на станови, школи, болници, фабрики, подобро земјоделие, паролите МИР ВО СВЕТОТ и ВРАЌАЊЕ ВО ТАТКОВИНАТА се уште беа актуелни. Сите групи работеа по планот, имавме собири, игранки, забави, концерти се со големи успеси кај нашите во градот, така релативно мирно помина оваа 1955 год.

Но веќе наредната 1956 год. донесе многу немири и пресврти во животот и општо во полското општество. Во оваа година се појавија големите штрајкови и тоа во фабриката за вагони „ Сталин“ во град Познањ. Станаа големи штрајкови и тоа во Варшава, Вроцлав, Краков, ги имаше и во нашата Швидница, но со помал интензитет. Во овие штрајкови имаше и жртви. Во исто време вакви нереди се случуваа и во Унгарија, но тука веќе имаше и контра револуција на чело со Имре Наѓ, која советските војски ја задушија, при тоа за жал со многу човечки и матерјални жртви.

Би се навратил уште еднаш на состојбата во СССР после смртта на Сталин, за партиски генерален секретар на КПСС е назначен Никита Сергеевич Хрушотов, така да тој веќе на наредниот дваесетти конгрес на партијата ја кажува за прв пат паролата за култ на личноста за другарот Сталин. Тој говореше за грешките на Сталин од смртта на Ленин па се до неговата смрт, дека Сталин уништил милиони чесни комунисти во целиот меѓународен свет и во СССР. Сега како главен извршител и десна рака на овие егзекуции се кажува за Берија, кој е осуден на смрт и стрелан. Имаше и доста процеси по народните републики како Бугарија, Чехословачка. Унгарија, Романија, Албанија во кои се осудени и стрелани поголем број на кадри. Тука треба да се напомене и спорот на Информбирото со Југославија, кога Југославија е избркана од членство во Информбирото, Југославија е прогласена за ревизионистичка држава, така се развива кампања против Југославија, од една страна и на Југославија кон народните републики од друга страна. Затоа во Бугарија е осуден и стрелан Трајче Костов, во

Унгарија Лајош, така да беше некоја студена војна. Во Полска ова го немаше сем што беше отстранет Владислав Гомулка од генерален секретар на ПОРП, но тој живееше слободно, без никава опасност по неговиот личен живот. Така да во овој период 1948 -1955 год. постоеше само две определби, едната сталинист, информбировец, а другата беше титовист, со тоа што првите беа во мнозинство а вторите малцинство.

Нашата преселба во Македонија

Ние донесовме одлука да ја напуштиме Швидница и Полска за секогаш на 28.08.1957 год. да напоменам дека претходните месеци јуни и јули Швидница ја напуштија следните семејства:

- Сотир Асенчаров семејно во Битола, каде имаше мајка и ќерка
- Аџиевска Митра, семејно во Битола, каде имаше маж
- Ставре Груев во Скопје
- Алеко Илиевски во Скопје
- Чапканов Ташко во Скопје каде има мајка, браќа и сестри
- Пандо Зариџев во Скопје
- Сотир Поповски во Битола па во Австралија
- Никола Ѓоргиевски во Битола
- Алеко Љанговски во Скопје
- Маноли Беновски во Тетово
- Ламбро и Мара во Титов Велес, мајка
- Трпо Гичевски семејно во Скопје

Јас со моето семејство, и братот Коле заедно со семејствата на Шкордов Мичо и Пуровска Василка, тргнавме заедно, алиштата ни беа сместени во еден вагон од до Битола. Нашето патување траеше од 28.08.1957 год до 01.09 кога преку Чехословачка, Унгарија, Суботица, Белград пристигнавме во Скопје. Откако ние заминавме, во Швидница останаа семејствата на Склифови, Ѓаковски Тодор, Манчев Пандо, тие дојдоа заедно наредната 1958 год. За Грција заминаа кај своите семејства Ѓорги Попконстандинов и Танас Тредов, за Романија замина Драмов Гело, а за Бугарија заминаа Трповски Васил семејно, и Ангелов Мичо, така да во Швидница останаа семејствата на Кирова Александра со ќерките од с. Поздивишта и Стамков Тодор, но покасно Александра замина за Канада а Тодор за Грција.

Последен кој остана да живее Швидница останаа семејството на Dafov Metodi кој беше оженет за пољакиња. Така се растури нашата сложна фамилија која среќно живееше во тие тешки времиња, сложно, заеднички и во добро и во зло, со добри спомени засекогаш.

01.09.1957 год. ФНР Југославија, НР Македонија

Со доаѓањето во Скопје, нас не сместија во бараките во Идризово, кој беше како прифатен центар. Тука бевме сместени привремено за да ни се земат некои податоци за нашето минато во редовите на ДАГ, нашата работа во Полска, а најповеќе се интересираа за да се запознаат со клеветите против Југославија во народните републики и СССР, заради познатата резолуција на Информбирото за ревизионизмот на Југославија, на комунистичката партија и Тито. Пошто пред мене беа дојдени повеќе семејства од Швидница, тие веќе имаа дадено подробни податоци за мене, за тоа кој сум од кај сум, што сум бил во ДАГ, што сум работел во Полска политички и партиски, така да тајни и непознаници немаше. Морав да отфрлам клевети кои беа изнесени за мене, кои навистина никогаш не постоеле но имињата на тие кои го кажале тоа или го измислиле, никогаш не ги дознав, можеби и така е најдобро. После престојот во бараките во Идризово, ми беше понудено да останам во Скопје, доколку имаме кај кого да останеме. Но за жал во тоа време нашите најблиски Беќарови Јован и Велика немаа каде тие да се сместат а не пак да не примат нас, така да Леко Балко нејќеше ни да слушне за да не прими. Останавме три дена кај Иљо и Леко Марковски за да се видиме, заминав повторно во Идризово, и на прашањето каде сакаме да се населиме се одлучив за Битола.

Хотел „Солун“

Така да на 09.09. 1957 год. за прв пат во нашиот живот се најдовме на железничката станица во Битола. Стигнавме ноќно време, јас се пријавив во тамошната милиција, тиа ми пуштија кочија не зедоа со тоа што му кажаа пари да не ни бара, се додека не не смести во некој хотел или ан. Така и стана. Човекот не носеше од хотел во хотел, од ан во ан но за нас

слободно место немаше, пошто прашуваа кој сме и од кај сме. На крајот стигнавме во хотел Солун, тука јас го замолив портирот да ми издаде соба за тројца, а јас да им платам за таа вечер што ќе преспијам, а сабајлето да ја напуштам собата. Тој се сложи им платив 560 динари, кочијашот си замина а јас се договорив утре дента да им платам во хотелот. Да напоменам дека во хотелот портир беше Доне Ферманов од с. Буф кој таа вечер се покажа голем нечовек. Во истиот хотел во тоа време имаше многу наши другари од народните републики а некои беа и од Швидница. Јас цела ноќ не заспав, само мислев што ќе правам со жената и пет месечното бебе, така да излегов на улица и шетав во ноќта. Случајно ја најдов зградата на милицијата, се обратив до дежурниот кој беше изненаден што барам толку доцна, или рано кај нив. Јас му објаснив за случајот, така да тој се јави по телефон кај портирот во Солун, да не ме гиба се додека не се реши нашето прашање во собранието, но за каков хотел зборувам ќе кажам покасно. Така да сабајлето отидов во собранието кај некој по име Лазо, битолчанец. Човекот беше задолжен за сите повратници од народните републики, тој се јави во хотелот и се договори за се што е трошок од нас да плаќа собранието (вода, струја, ќирија), ми даде некои ситни пари, и малку млеко во прав, топено сирење, кравска маст, путер тоа е се што добивме како помош. Парите што му ги дадов на Вангел не ми ги врати, иако му беше наредено да го стори тоа, но таму нека му се.

Собата во хотелот беше со два кревети и ништо повеќе, многу нечисто со многу тавтабиди и глувци, но друго место немаше, многу од алиштата беа уништени од глувците. После неколку дена дојдоа и пљачките со вагонот, па се јави проблем каде да ги ставиме истите. Му благодарам на една желевка Атина на кумунџиите која имаше втор маж Стамко од с. Раби, таа не прими и ги зеде пљачките и намештајот кај неа, се додека не добивме нов стан. Затоа никогаш нема да му заборавам за овој нивни гест и бескрајната гостопримливост од нивна страна. Во тоа време братот се уште беше со мене, но во друга нехигенска соба, на таванот каде и се вошлоса, така да на моја молба кај директорот на хотелот доби поубава хигенска соба на спратот. Се ова се случуваше септември 1957 год. во Битола.

Како ја најдовме Битола во 1957 год Битола

Градот беше типично балкански, турски, тоа време немаше ниту една широка ни пак асфалтирана улица. Се беше само тесни сокаци со стара калдрма за коњи и магарињa, и по некоја државна кола. Канализација многу мала, останато од турско со гerизи по куќите. Немаше ниту една зграда, само неколку мали ниско направени со стара технологија, имаше две реки Драгор и Курдерес оваа втората беше многу нечиста и загадена по цела должина каде поминуваше низ градот.

Превозот најчесто беше со воз, локомотивата на ќумур, а вагоните прастари, и нешто како камион и некој стар автобус, така да секое патување надвор од градот беше многу долго и напорно. Градскиот превоз се сведуваше на кочии кои ги имаше во голем број, а приватни возила се броеја на прсти.

Фабрики кои беа во тоа време се: Монополот, Текстилната, Блаже Рогозинарот за намештај, Ѓорги Наумов за фрижидери, Кожара, сите овие беа мали со застарена технологија, и уште помали задруги. Земјоделието скоро се беше приватно, сем една задруга во с. Породин и таа со слаба механизација.

Што се однесува до школството имаше основни училишта како што беа: „Даме Груев“, „Тодор Ангелевски“, „Кирил и Методиј“, „Гоце Делчев“, „Турско Албанско“, а покасно се изградија и „Ѓорги Сугарев“, „Коле Канински“, „Елпида Караманди“, „Трифун Пановски“, и други. Од средните училишта имаше гимназија „Јосип Броз“, Учителска која покасно стана долната гимназија, средно земјоделска, Трговска, средношколски центар за изучување на занаети, а покасно се изградија Техничко „Ѓуро Салај“, Медицинско и Економско и други. Покасно се формира и работеше Работнички универзитет кој се користеше за најразлични курсеви и обуки и учење ноќно школо или странски јазици. Во сите фабрики не постоеше ниту една менза, немаше ни детски градинки а постоеше само една установа домот за деца без родители кои беа под социјални грижи.

Битола во тоа време со многу густи шуми, чист воздух, преубава чиста планинска вода и голема желба за подобро утре. Секои изминат ден да е подобар од претходниот за секој битолчанец, така се зголемуваше и растеше Битола, за да израсне во преубав град опеан во многу песни.

Во Битола има безистен, голем затворен пазар од турско време, има многу џамии и голем градски Часовник. На реката Драгор има многу мостови, „Црн Мост“, „Ленски Мост“, мостот кај Сали, дрвениот мост, железничкиот мост, а на реката Курдерес е прочуениот Камен мост. Битола беше поделена на многу маала Јени маало, Баирот на Ѓупски баир и Смилевски баир, Арнаут маало, Чинарот, Влашко маало, Градско маало. Имаше и повеќе чесми како Казак чесма, Шарена чесма, Баирска чесма, исто имаше два паркови и тоа Градско шеталиште и Тумбе Кафе.

Малото стопанство беше најразвиено во Стара Чаршија каде имаше многу дуќани и разни други работилници. Хотели беа Солун, Македонија и Трудбеник сите од последна категорија, а анови беа Кичевски, Дебарски и Ингилиски ан, чисто феудални од бивша Југославија. Постоеа многу цркви Свети Димитрија, Света Богородица, Света Петка, Свети Наум, Свети Арангел, Света Тројца, Света Недела, Руска црква и зградата на Митрополијата. Исто поради војните и многу гробишта свето неделските, буковски, влашки, католички, еврејски, српски, германски, француски. Пазари имаше Житни пазар, Ат- пазар, Сточни – пазар, Мас- пазар, Дрвен – пазар, Маџун – пазар, пазарите беа во вторник и петок, и уште младите се гледаа за бендисување и за мажење по старите обичаи. Трговијата е многу слаба скоро да нема ништо и тоа што е во дуќаните е многу скапо.

После 1957 – 58 год. почнуваат да се градат згради за нас, но потоа почна и цела Битола да добива нов лик.

Во овој период 1956 – 58 год се случува голема преселба на цело население и тоа турците заминуваат за Турција засекогаш а ние „егејците“ се населуваме на овие простори. Границите се строго затворени и тоа го тера домашното население за подобар

живот од овој за кој говорам да бега илегално преку граница во Грција во логорот „Лаврион“, или во Италија во Трст и во Австрија. Заработувачката беше многу мала и тешко беше да се преживее.

Егејската зграда

За сето ова време ние и понатаму живеевме во хотел Солун се до јуни 1958 год. На половината од јуни 1958 год. добиваме решение за стан на улица Иван Милутиновиќ бр. 13/12 во Битола. Станот имаше 33 квадрати, нов на трети спрат, од јужна страна со голем балкон, оваа зграда беше изградена за повратниците од народните републики, сите во зградата бевме од егејскиот дел на Македонија, така да зградата во Битола е позната по името Егејска зграда. Комшии на трети спрат ни беа Тане Пасков од с.Овчарени, Костов Нестор од с. Буф, Дамјановски Никола од Битола но жената му Фула беше од воденско.

Во влезот 13 на ул. Иван Милутиновиќ, Егејската зграда, живееа следните станари:

- Ѓоргиевски Нико и Христина со ќерките Елена и Марија, тој од Катерини, таа е од с. Желево

- Ѓоргиевски Никола и Христина со ќерките Кираца и Елена и синот Васил (с. Корфула, костурско, с. Руља, леринско

- Михали и Елпиники со син Пандо и ќерка (с.Света Петка, леринско, с. Лакомата, костурско

- Скефовски Ѓорги и Марика со син Танаси и ќерка Славица

- Џалев Мичо и Викторија со синовите Петар и Павле (с. Блача и с. Шистево, костурско)

- Малкови Дамјан и Домна со два сина Коста и Перо (с. Желеничево, кајларско и с. Лакомата, костурско)

- Анастасови Тодор и Христина со синовите Ламбро и Васил и ќерката Рина (с. Поликастано, Гревена)

- Сивакови Алексо и Мара со синовите Вангел, Мичо и Трајко (с.Герман, Преспа)

- Дамјановски Никола и Фула со синовите Кире и Ице и ќерка Мира (Битола, Воден)

- Костови Нестор и Цоља со ќерките Менка и Олга и син Ниче (с. Буф, леринско)

- Паскови Тане и Марика со синовите Кице и Гечо (Вангел) (с. Овчарани)

- Мавровски Ристо и Софија, брат Коле, синовите Спиро и Васил, ќерката Неда (с.Желево, с. Поздивишта)

- Гацов Аристи и Хрисанти со синовите Петар и Томе (с. Сетома, костурско с. Дреново, Преспа)

- Гулевски Павле и Мара со синовите Миле и Пеце (с. Сетина, леринско)

- Коста и Марија со ќерките Неделкови Неделко и Неделковица (с.Рменско, леринско, с. Орово, Преспа)

- Ристевски Борис и Крста со синот Васил (с.Трново, Преспа) Вангел и Вангелица (с. Корфула, костурско)

Исто толку семејства имаше и во втори влез, а во третиот имаше само дванаесет, тој влез беше понизок од другите за еден спрат. Покасно се случија големи промени со овие станари така да од сите нас останаа само две фамилии. Но за оваа зграда имам јас да кажам повеќе неговиот син Спиро и за сите помлади деца со кои ние растевме заедно.

Братот Коле дојде со мене и живееше со нас се до неговата женидба, кога се тргна од нас и кратко време живееше под кирија во куќа блиску до градскиот часовник, покасно си

купуваат куќа со невестата Василка со помош од нејзиниот вујко Спиро од Америка, така да и тој го решава стамбеното прашање.

Кажувањата на мајка ми Софија Роси Мавровска

Јас се викам Софија Роси Мавровска, родена сум во 1935 год. во село Поздивишта, Костурска околија, Егејска Македонија. Моите родители се мајка ми Елена родена 1903 год. почина 1977 год. во Гара Елин Пелин, Бугарија, од татко Ставро и мајка Јованка Гумарови. Мајка ми имаше брат и сестра Липо и Слава кои заминаа за Австралија. Таа имаше и прва браченда која ја видовме во с. Ново Кономлати, Бугарија покрај грчката граница. Татко ми Методија Роси роден 1905 год.во с. Апоскеп почина во 1989 год во с. Поздивишта, од татко Глигор. Тој имаше брат не се сеќавам на името, но неговиот син е во Скопје од како се вратија од Чехословачка се вика Христо Евангелов. Татко ми имаја куќа во с. Апоскеп под самите извори, а брат му го зеде во Америка баш во најголемата криза 1929 год. така да за тоа многу неволно кажуваше. За време на војната 1941-1944 год. татко ми имаше пушка и беше во Битола на служба, од секогаш бил за ВМРО и сите забранети книги и пушката ги криеше во гулабарникот.

Во семејството бевме четири деца, три ќерки и синот Васил. По старост најстара беше Александра (Леца) родена 1925 год. па потоа брат ми Васил 1930 год. па сестра ми Цвета 1932 год. и последна сугаре јас Софија 1935 год. Нашата судбина беше многу лоша. Така да после граѓанската војна, ние трите завршивме Леца во Ташкент, јас и сестра ми Цвета во Романија па во Полска па во Југославија, ние во Битола а таа во Штип па во Тетово, а од тука во Гара Елин Пелин Бугарија каде после 1965 год. со нив живее и мојот син Васил. За жал во граѓанската војна го изгубивме нашиот единствен брат на 17 години на Грамос, но мојата мајка до крајот на животот веруваше дека тој е жив и се наоѓа некаде во Чехословачка, зошто така и рекол некој познат, но за жал братот не го видовме никогаш. Мојата сестра Леца која беше најстара остана со партизаните до крајот на војната и тогаш со последните единици се повлече во Албанија а од таму со брод беа префрлени во Ташкент каде што

формира семејство но за жал таа, зет ми Ѓорги кого не го видов во мојот живот, внук ми Михали кој загина во сообраќајна несреќа на 27 год. сите останаа во далечниот и непознат Ташкент, каде нема кој свеќа да им запали.

Инаку во селото важевме како имотно семејство со бавчи кај Широките ели покрај реката, Сивјак нива под гробиштата, покрај реката помеѓу јазовите беше бавчата со преубав граф и ореви, лозјето ни беше под црквата св. Илија и во него имаше кштулче (куќарче на два спрата), исто имавме ниви и во село Дреновени од каде што беше баба ми Јованка. Куќата беше голема со аур, купатило, приземје, визба, бунар, гулабарник и пошто татко ми беше sидар куќата се поправаше беше малтерена и варосана секогаш. На крајот историјата со куќата заврши така да сега за жал ја нема, разрушена е, целиот имот го зеде наш комшија (го прелага на крајот мојот татко веќе склеротичен), го распродаде целиот имот и за нашите фамилии не остана за жал ништо, но Господ е голем сполај му нему, нека се живи и здрави поколенијата тие повторно се ќе изградат. Пред тоа татко ми го преселија во новото село Пентохори (Пет села), со цел да им го земе имотот грчката власт и да се избрише се што е наше, но после 2 месеци тој повторно се врати во селото и тука почина, Бог да го прости. Од стока имавме 4-5 крави, 50-60 овци, прасиња, кокошки, така да за празниците секогаш се колеа јагнишa или за божик прасиња. Земјоделските работи ги работеше мајка ми а и помагаа сестра ми Леца и брат ми Васил кои беа поголеми, додека татко ми не одеше на ниви, како планински човек од село Апоскеп му беа смрт нивите, но затоа работеше sидар по селата. Како дете се сеќавам дека одевме во село Коломнати кај прв брачед на мајка ми Трпо по баба ми Слава, кој имаше три деца и тоа Томе, Петре и Трајанка кои се во Австралија и со кои имавме можност да ги видиме во Битола каде беа дојдени претходните години.

Училиштето беше пред нашата куќа во него даскали беа од селото Сотир и Јани, за жал поради војната јас не стигнав да учам но учеа моите сестри и брат ми. Исто попот беше од нашето село. Но дојде војната и се во селото се измени, беше опасно да се живее така да после бомбардирањето на селото

пролетта 1948 год. во организација на партизанските единици сите деца од една до четиринаесет години бевме извадени од нашите домови, за жал засекогаш и бевме однесени по тогашните социјалистички држави. Одевме пеш, првата вечер стигнавме до с. Желево каде одморивме и преноќивме, така да следната ноќ продолживме и стигнавме во с. Љубојно во тогаш слободната Југославија. Тука останавме седум дена, па со камиони не префрлија во Битола на железничка станица од каде заминавме со воз за Скопје каде што не пречекаа романските власти и не однесоа во град Калиманешти преку 1000 деца. Тука останавме околу девет месеци, со мене беа од селото Дана Количева, Љопа Лазева, Александра Кирова, а омадархина (учителка) ни беше мојата сестра Цвета која беше задолжена со 35 деца, а ние поголемите им помагавме за со помалите деца, јас имав 13 години. За животот немам пофални зборови, многу од децата одеа по пругата мислејќи дека ќе си одат дома кај родителите, нон стоп ни се даваше мамалига (качамак), кој го замразив за цел живот, исклучок беше кога поминуваа некои комисии. За цело време ни беа одземени алиштата и бевме по пижами. После тие девет месеци не зедоа пољаците во Лондег Здруј тука бевме кратко, но не пречекаа со месо, чоколади бонбони што беше дотогаш не замисливо. Прво бевме во детски дом потоа во прифатилиште каде учевме и тоа три часа на грчки, еден час на македонски и останатото на полски. Од тука не пуштија во Згоржелец, а девет души меѓу кои бев и јас не пратија во Легница. Во Легница пеевме во хорот, малку време бевме во Вроцлав, така да се беше под команда, се дефинираше кој каде и завршена работа. Тука учев четири години текстилно училиште за плетачка, работев некаде две години и после ме зедоа мојата сестра и зет Цвета и Илија во Швидница. Во Швидница се запознав со мојот сопруг Ристо Мавровски кој тогаш беше пртседател на организацијата Илинден, организираше забави игранки, убав млад човек со многу енергија се засакавме и тоа го крунисавме со брак за нова година 1955. На нашата свадба девер ни беше Ташко Чапканов, нунко беше еден грк партизан пријател на Ристо, беа присутни мојата сестра Цвета зетот Илија Склифов, неговиот брат со сопругата Кузо и Олга Склифови, Мичо и Лефтера Пуровски. Пред да се земеме сестра ми секогаш му велеше на Ристо

(Ришекот така остана за мене), дека не знам да готвам оти сум од домовите, но тој беше упорен и заедно научивме се.

После нашата свадба, поживеавме уште две и пол години во Швидница и во Август 1957 година заминавме за Македонија, бевме прво во Идризово седум дена па од таму во Битола и се до ден денес. Прво седевме на ул.„Иван Милутиновиќ“ бр 13/12 каде се родија моите син Васил 31.07.1959 год. и ќерка Неда на 17.02.1962 год. потоа 1978 год се преселивме на ул. „Мирка Гинова“ бр 13/42 каде сме до ден денес. За ова време еден настан ме прати кога мојата мајка беше болна и беше на болница во Костур 1976 год. јас поминав 40 дена во Грција и тоа со виза на граница за 12 дена но во селото добив продолжение. Останав со мајка ми 10 дена на болница за цело време покрај неа, и трисет дена во селото, после тоа таа дојде во Битола за три месеци, но сакаше да се врати во селото од каде наредната година замина за Бугарија кај мојата сестра Цвета каде и се упокои во 1977 год. таа беше многу паметна жена секое идење во Битола носеше се за нас, зетовите, внуците и за сите подеднакво, многу праведна, мудра и препаметна со многу душа која не ја изгубила и покрај својата самотија, за жал покрај четири деца и многу внуци на кои не им се нарадувала.

Живеевме прекрасен живот секогаш беше спремен да помогне дома, сите пари ми ги даваше мене, јас бев одговорна за пазарењето и економијата и заедно до крај се справувавме со проблемите. Едноставно прекрасен човек со многу чувство за семејството, поминавме незаборавни години, така да колку го нема и поминува времето толку ми е потешко, те сакам Ришек.

Мое видување за семејството на мајка ми

Мојата прва средба со мојата баба Елена, мајка на мојата мајка Софија. Се работи за првата средба со баба ми, на железничкиот премин Кременица. Заедно со татко ми отидовме на железничка станица во Битола и со возот со два вагони, со кои се возеа луѓето од Битола кон селата до Кременица, вагоните како во филмовите, со дрвени седишта, со багажот да може да се остава од двете страни, мислам дека потоа се снимаа повеќе македонски филмови со истите вагони, а истите веќе

триесет години не се во употреба, исто како и железничката пруга. Но ви кажувам за далечните шеесетти, кога сето ова работеше, после некои 40 минути се најдовме на граничниот премин, а тука имаше еден голем извор на кисела вода кој во рамномерни интервали исфрлаше со големи млазови вода, така да ни причинуваше како на деца големо задоволство. Овие вагони се враќаа назад а исто од грчка страна нивните доаѓаа до граница и се враќаа назад. Кога дојде нивниот воз ние озарени од среќе чекавме да ја видиме нашата баба Лена, за која толку сме слушале. Но од возот се уште никој не слегуваше, слезе еден постар човек кого го прашавме дали има уште некој во возот, ни одговори дека има уште една постара жена но дека има некои проблеми со неа. Времето поминуваше но никој не слезе од возот, а гледавме како влегуваат цариници во истиот. Веќе почна да се јавува сомнеж дека нешто лошо се случува со баба ми. После час време видов една стара жена со две вреќи во рацете како излегува од возот и се движи кон нас, тоа беше мојата баба Лена, која претходно сум ја гледал на сликите. Баба ми возбудена цела во солзи успеа да се поздрави со татко ми, кого за прв пат го гледаше како нејзин зет, да не избакнува мене и брат ми Васил нејзините внуци од најмалата ќерка Софија, и некако преплашена побара да се качиме во возот за да тргнеме кон Битола. До тогаш возот ја чекаше само баба ми за тргне назад. Во возот пошто во едниот вагон бевме само ние, ни раскажа што се случуваше додека ние ја чекавме да дојде. Тоа беше прво нејзино излегување од границите на Грција, нормално со грчки пасош кој за оваа прилика беше специјално изваден, но на прашањата на грчкиот цариник, таа не знаела да одговори затоа што грчки не знаела, па стигнала во ситуација и да ја вратат назад, но тоа не се случило зашто влегол цариник кој знаел македонски „нашки“, со кој се разбрала зошто не знае грчки. Зборовите на баба ми беа: „ Синко јас скојлио не сум одена, во нашто село грци нема, дури и попот е од селото и тој ни пее по нашки, така да и да су сакала чендо немаше од деа да науча да говора по грцки“. Мојата баба иако без школо, беше доволно паметна и интелегентна да се справи од оваа ситуација, да дојде да ни се порадува на нас нејзината фамилија, сега далеку од Поздивишта, но сепак блиску до срцето. Од првата средба со баба ми ми остана видувањето на крстот над носот на баба ми. Тогаш за прв пат видов такво нешто, но крстот на

челото беше некоја заштита од турците кои сеуште беа во нашите краишта кога баба ми беше дете. Со баба ми се видовме уште доста пати, но за жал секогаш во Битола, а последните години пред смртта и во Бугарија на гара Елин Пелин каде во далечната 1977 год. почина и да почива во мир, далеку од родната Поздивишта но со својата ќерка Цвета (Антула) и зетот Илија далеку но засекогаш во нашите срца, тие ќе бидат со нас се додека ги споменуваме, нека му е вечна слава.

Втората средба е со мојата тетка Александра од уште подалечниот Ташкент, Узбекистанска република од поранечниот СССР. Таа средба е уште потрогателна се случува повторно во воз, но овој пат сосема неочекувано, изненадно и шокирачки. Ние секое лето одевме на гости кај моите тетин и тетка Цвета и Илија, така да и оваа 1973 год. бевме на гара Елин Пелин, но добивме телеграма од мојот татко, кој работеше во фабриката за фрижидери и тоа лето, дека тетка ми Александра (Леца), ќе доаѓа од Ташкент па ние да се вратиме назад. Заради лошите патишта, врски и неможноста мајка ми да патува со автобус, ние кај тетка ми одевме со воз од Битола до Софија. Патувањето беше патешествие, тргнувавме со шинобус од Битола во 02 и 30 часот, во Скопје стигнувавме наутро, после застанување на сите попатни станици, се прекачувавме во единствениот вагон за Софија, кој тргнуваше со возот за Белград околу 9 часот, и вагонот беше оставан на железничка станица во Ниш, на спореден колосек во Црвен Крст, каде го очекувавме Ориент експрес од Париз за Истанбул преку Софија. После ручек кога возот доаѓаше се прикачуваше и овој вагон и се тргнуваше преку Пирот, Димитровград, се слегуваше кон Софија каде стигнувавме во доцните вечерни часови, некогаш пред полноќ, а некогаш и после полноќ така да за Елин Пелин ни остануваше последниот т.н. пијански воз, со сточни вагони и дрвени клупи во почетокот, кој тргаше околу два часот, така да за пола саат бевме стигнати, покасно имаше повеќе и поубави врски, а овие вагони ги исфрлија од употреба за превоз на луѓе. Да се вратам на нашата средба, по истиот пат тргнавме назад и повторно во Ниш вагонот е откачен и го чекаме возот од Белград за Солун. После долго чекање возот дојде и ние тргнавме за Скопје. После извесно време во нашиот вагон и пред нашето купе поминаа луѓе кои зборуваа грчки,

мајка ми ги праша од каде се и после одговорот дека се од Ташкент, настана молк, на прашањето дали има уште некој тие одговорија дека се заедно со уште две, три фамилии. Заедно со мајка ми тргнавме да ги бараме луѓето во другите вагони. По десетина минути се најдовме пред купето каде ни кажаа дека е последната фамилија од Ташкент, со отворањето на вратата, настана таква тишина, молк, прегрнување и плачење без никаков збор наредните пет минути. Мислам дека човек со послабо срце тешко ќе ги преживее тие пет минути. Две сестри после цели дваесет и пет години се среќаваат во воз на територија Србија, без никаква мисла дека ќе се сретнат баш тука во возот. Тоа е една слика која никогаш нема да ја заборавам додека сум жив, видов она што сум го гледал на филмови кога преживеаните евреи успеале да се видат после 20-30 год. тие успеале да се вратат во нивната татковина Израел, но ние во нашата Егејска Македонија за жал никогаш. Шокот следуваше уште еднаш во Битола. Кога со такси пред нашата зграда стигна дедо ми Методија, но тетка ми беше крајно разочарана затоа што со него не беше и мојата баба а нејзината мајка Лена која сакаше бескрајно да ја види, но и таа желба не и се исполни, така да и двете починаа, но на два краја од светот, далеку од родното огниште. И оваа тетка остана да почива во мир во далечниот Ташкент заедно со тетин ми Ѓорги кого никогаш не сум го видел во живо, и мојот брачед Михали кој загина во сообраќајна несреќа многу млад на 27 години. Последното што го разбравме за тетка ми во Ташкент беше од сега покојниот мој дедо Петар Стојковски Бабец, татко на мојата сопруга Елена, кога тој со Битолски театар беа на една турнеа во далечниот Ташкент. Таа беше последната средба со неа кога ги очекуваше да ги добие документите и да се врати во родната Поздивишта кај својот татко. По кажувањата на мојот дедо условите во кои живееле нашите егејци биле катастрофални, но пречекот кои му го приредиле бил незаборавен, човечки, топол, со многу душа и многу желби да слушнат нешто за Македонија, за татковината. После оваа средба актерот Јосиф Јосифовски кој беше дел од театарот, но и дел од комисијата во Браилово 1948 год. која ги распоредуваше децата по народните рапублики, во таа прилика му призна на мојот дедо, дека ако има сила и храброст во овој момент би си го одземал својот живот, зошто видел како ја дефинирал

судбината на другите луѓе, а средбата беше на почетокот на осумдесеттите години, после повеќе од 35 години. Друг коментар не е потребен, документите никогаш не пристигнале во Ташкент, а мојата тетка која живееше сама и сама го напушти овој свет. Единствената врска со нив во ташкентските гробишта беше еден прекрасен човек, ракометарот Александар Мирзамамедов кој долги години беше во Пелистер и палеше свеќи на гробовите на моите мили тетин, тетка и брачед, нека ви е вечна слава, а тебе убав човеку големо човечко благодарам каде и да си денес на оваа дуња.

Вториот син Васил

На 31.07.1959 год. ни се раѓа второто машко дете, кое го крстивме Васил, името го доби по загинатиот брат на Софија, кој загина во ДАГ на 17 годишна возраст. Сега семејството се зголеми на четири члена, јас продолжив со работа а Софија остана да ги гледа децата, зошто немавме друг наш, сем ние двајцата.

Кажувањата на мојот брат Васил Илиев Склифов - Мавровски

Јас се сеќавам на некои мои работи. Јас сум вториот син на Софија и Ристо. Се викам Васил Илиев Склифов, сега живеам во Софија заедно со моето семејство и тоа Маријана Склифова Вушева, по потекло од Македонија, нејзинот дедо по мајка беше од Крушево, од првите бежанци после Илинденското востание. Имам две деца и тоа Цветанка Василева Склифова. која сега е мажена повторно со човек од Македонија но тој е од Кукушкиот крај Петар Ѓоргиев Голешов и има две деца и тоа Билјана и Веселин, сега живеат во куќа во Гара Елин Пелин. Синот е Христо Василев Склифов сега живее во Софија заедно со својата втора жена Стела Вилмош по потекло од близината на Русе северна Бугарија, и нивната ќерка Василена. Од првиот брак има дете 13 години кое се вика Марио.

За мојот татко Ристо во моите спомени ќе остане вечно како Велик човек, кој со своите совети секогаш не тераше да се мислиме и со своите крилатици остана секогаш со нас и во нас. „ Синко цел живот да јадеш леб и сол, ама мирно да спиеш“,

„Никогаш да не брзаш, пет пати мери еднаш сечи“, „не прави од девет буки едно вретено“, ова значеше повеќе за мене зошто бев доста палав како дете, јас се оженив на 17 години и затоа ми ги кажуваше овие работи, за да се сеќавам на тоа до ден денес.

Инаку од мојот живот во Битола се сеќавам на доста работи но посебно би сакал да кажам за мајсторлукот на мојот татко преку една случка што ја паметам:

Како мајстор многу пати одеше на терен низ цела тогашна Југославија, така да на еден терен не се сеќавам дали беше во Словенија или Хрватска, кога во рекорден рок им го поправи компресорот од големиот ладилник, директорот од истата му понуди како награда конзерва од коњско месо, со тоа што тој не знаеше дека татко ми живееше во Полска, каде коњското месо е специјалитет, а ова се случуваше и од другите ладилници по завршената работа надвор од протоколот да биде награден затоа што ја знаеше својата работа и што е уште поважно ја извршуваше брзо чесно и поштено.

Како дете се сеќавам дека во летото скоро секоја недела одевме по реката Драгор и тоа најчесто во месноста викана „топла вода“. Тука заедно сите тројца а многу често и стрикото Коле со нас, правевме манџа, со маици фаќавме риби, правеме вирчиња да биде водата подлабока за да се капиме.

Една случка нема да ја заборавам. Како многу пати пред тоа ние одевме редовно на игралиште да гледаме секаков спорт. Бевме јас татко ми, стрико ми и брат ми, тие сите беа големи фанови на ФК Пелистер, но стадионот беше во градскиот парк, далеку од кај нас на ул. „Иван Милутиновиќ“, па јас и не бев толку заинтересиран па сакав да одам по нужда но на стадионот тогаш немаше тоалети, па јас продолжив кон градскиот парк каде имаше гужва па си продолжив и стигнав дома. Ме праша мајка ми зошто, и реков ми се смачи па каснав и си легнав. Тие сите тројца ме бараа насекаде но така што брат ми беше највеќе каран, но никако не можеа да ме најдат и многу насекирани си дојдоа дома, каде уште од врата ги пречека мајка ми со зборовите: Ристо каде ви е детето, никогаш повеќе да не го

оставате само да се враќа од игралиште. И така се случи, јас имав само пет години.

Од кога јас заминав за Бугарија кај моите втори родители Антула (Цвета), сестра на мајка ми Софија и Илија, немаше лето тие заедно со брат ми и сестра ми да не дојдат на Гара Елин Пелин каде тие останууваа по 2-3 недели а брат ми и цели 2-3 месеци. Кога потпораснав често ги враќав родителите преку Пиринска Македонија и тоа Благоевград, Петрич, Сандански па Златарево. Често застанувавме по меанчиња на патот, така да еден ден застанавме во Кресновското дефиле, на река Струма да каснеме риба. Многу гости така да порачката ја згрешија па наместо три риби ни донесоа две, а мајка ми кога патуваше не јадеше ништо. Татко ми го праша како можеше толкав човек да ме заборавиш, но ги поделивме рибите, тука не застанавме повеќе и продолжувавме по реката Вардар. Гледајќи ги тие убавини сфатив зошто моите родители биле спремни да го жртвуваат животот за таа китна Македонија.

Моите спомени за Битола се од 1959 до 1966 година кога заминав за Бугарија. Тие спомени се неизбежно поврзани со децата од ул. „Иван Милутиновиќ“ бр. 13, 15 и од ул.„Свети Наум“ бр.1. со нив игравме фудбал, криеница, брканица и тоа многу често на откриената тараса, што во тоа време во Битола го имаа малку деца. Се сеќавам на една случка кога комшијата Ацко Бајовски имаше фелка со грав над неа и јас за да каснам, му кажав да се сврти да го види врапчето и јас му ја зедов фелката и избегав, после бев каран од татко ми, а мајка ми ми направи цело тенџере со грав за да го изедам и никогаш да не ми се повтори, но ние бевме деца.

Како најдобар пријател од тие времиња ми беше Перо Малков со кого можевме да играме по цел ден и да не ни биде досадно, трчавме со волан како со кола, се бркавме со другите, одевме по пазарот, за него долго време не знаев каде е, но разбрав дека станал висок офицер во ЈНА и за време војната од 1993 год. со последните единици на ЈНА, се повлекле со фамилијата и сега живеат во Битола. Му посакувам се најубаво нему и на неговата фамилија.

Во 1970 год. кога имав само 11 години ние со родителите заминавме кај мојата најстара тетка Александра (Леца) во тогашниот СССР, Република Узбекистан во главниот град Ташкент. Од Софија до Москва патувавме два дена и три ноќи, а од московскиот вакзал (станица), до Ташкент уште три дена и три ноќи. Тие таму живееа во грчката маала така ја викаа, или тринаестто градче, тука прв пат го видов мојот тетин Ѓорги кој ми се виде добар човек, а тетка ми Леца уште подобра. Таму беа и моите брачеди Елена и Михали со кои секој ден одвме на капење на едно вештачко езеро во центарот на градот во огромен парк. Инаку ми се виде богато место со такви овоштија зеленчуци што до тогаш ги немав видено, посебно љубениците по 20-25 кгр. многу долги и благи. Со брачедами Лена се видовме уште два пати, вториот пат во Битола, со Михали тоа беше последен пат во Битола затоа што несреќно почина во сообраќајка несреќа во Ташкент на 27 год. Со Лена се видовме во Елин Пелин 1982 год. кога беше дојдена со сопругот Ѓорги и двете деца. Денеска тие живеат во Аталанти на 90 км. пред Атина, каде беше брат ми со родителите во 2003 год. Се надевам дека следната година после долги договарања конечно ќе ги посетиме и видиме. Почивај во мир, Велик Човеку.

Во ова време се случуваат и нашите први средби со нашите родители, со мојот татко и со татко и и мајка и на Софија, тоа беа трогателни средби после десет дванаесет години разделба, кога заминавме деца и млади а сега ги радувавме со внуци и сопруги и зетови. Многу среќно но и многу жално и болно за сите нас оти овие средби не се на нашето родно огниште. Во 1958 год. во Македонија доаѓаат сестра и на Софија со зетот Илија и Цвета Склифови, пошто немаше стан во Битола, тие се населија во Штип, а од кога дојде братот на Илија Кузо Склифов заедно се населија во Тетово.

Јас со Софија немавме државјанство се до летото 1961 год. кога поднесовме барање за југословенско државјанство, пошто решивме да останеме во Битола. До тогаш се водевме како политички емигранти. Со добивањето на државјанството добивме нови документи, лична карта, пасош и друго. Од тогаш повторно станав воен инвалид со сите права кои ми следуваа и претходно.

Нашата најмала ќерка Неда

По ова веќе наредната 1962 год. ни се раѓа и нашата ќерка и последен род Неда на 17.02.1962 год. Името го добива по мојата покојна и сакана мајка, така да сега во семејството сме пет души Ристо, Софија, Спиро, Васил и Неда. Во овој стан останавме да живееме наредните дваесет години, мојата другарка остана секогаш да ги гледа нашите деца а јас со мојата плата да го одржувам пет членото семејство. Децата пораснаа одеа на училиште, средно и запишаа факултет. Тука бевме се до пролетта 1978 година кога добивме нов поголем стан од 55 квадрати на улица Мирка Гинова бр. 13/42, блиску до новата болница. Големиот син Спиро заврши Електро технички факултет, а ќерката Неда беше потешка на учењето, па не заврши гимназија, одеше на курс за дактилографи, шивачки па се вработи во фабриката Елпида Караманди, но покасно испуштена како технолошки вишок.

Периодот 1958 –78 год.

Фрижидери

Наредниот месец во Битола беше дојден Доне Манџукот од Желево, голем пријател на Петре Новачев од с. Ошчима, а живееше во с. Породин, првоборец и тогашен директор на водна заедница. Доне беше голем пријател на татко ми и наш комшија, така да врската негова со Петре ми помогна да добијам работа, а покасно и стан. Кога Доне виде како живееме во хотелот, виде дека никој не работи не однесе право кај Петре ме претстави како негов внук и му ја образложи ситуацијата. Конкретно му кажа на Петре дека оди за Скопје а кога ќе се врати да има работа за внукот т.е. за мене. Му објаснив на Петре што работев во Полска, кои квалификации ги имам, тој ме испрати кај другарот Пандо директорот на заводот за вработување. Откако ме прими, му го предадов писмото од Петре, тој ми кажа дека наскоро ќе бидам известен за работата. И навистина тоа се случи на 26.10.1957 год. кога бев повикан и пратен на пробна работа во тогашната фабрика за фрижидери „Ѓорги Наумов„ во Битола во погон ливница. Желбата на Доне

и моја беше исполнета, така да му благодарам за неговиот ангажман, така да од 28.10.1957 год. јас бев на работа, веќе вработен иако документите не беа преведени на македонски јазик.

Јас уште во ноември 1957 год. се запишав на курс по македонски јазик, и други предмети за да ми се признае дипломата и квалификацијата од Полска. Тоа траеше цели девет месеци, го завршив но имаше проблеми со преведувањето на документите од полски на македонски, така да тоа траеше подолго време, беа испратени во министерството за школство, и од како ги добив заверени и потврдени како КВ бравар јас не застанав тука.

Во ливница останав до март 1958 год. работев разни работи, а после бев преместен во новото одделение наречено Инвестиции и развој. Тука бев до месец мај кога се преместувам во новото одделение Комерцијална служба. Во ова време веќе почнуваат да се произведуваат големи витрини, сандуци за замрзнување на месо и за слаткарниците, тука веќе работев како КВ бравар монтер, послovoќа ми беше Франц и Томе а шеф ми беше Клочко Игор. Јас во тоа одделение останав до расформирањето на истото 1961 год. од таа 1961 год. до пролетта 1962 год. работев во погонот за Апарати за домашни потреби, а по март се префрлив во погонот Индустриски Уреди и компресори. Од 1962 год. работев во погонот цевара, одделение за индустриски компресоти и друга опрема, испитна станица каде со мене работеа следните работници: Богдановски Бранко, Христовски Тоде (Калешко), Амедов Неврус, Матевски Мито, Аџиев Иван, Грозданов Ристо, Грозданов Христијан, Трајковски Цане, Димитровски Владо, Кипровски Благој и други. Нашата работа не беше само во погонот, но бараше и теренска работа како монтажери или по одредени дефекти и рекламации во разни градови по цела Југославија. Такви беа „Месопромет“ Белград, коњска кланица на Батајница, „Митрос“ Сремска Митровица, Велика Плана, Смедерево, Кралево, Чачак, Босанска Градишка, Косово Поле, Урошевац, Кладово „Ѓердап“, Скопје, Штип, Тетово, Гевгелија, Прилеп, Велес, Струга, Охрид, Ресен и во Битола во „Породин“, „Лозар“, кисела вода, конзервна, млекара, кланица, пивара и ладилникот во Довлеџик. Во овие објекти

лично јас ги посетував и вршевме поправки во истите. За овој период низ нашиот погон поминаа повеќе генерации ученици во стопанството кои својот занает го учеа тука со нас, ќе се обидам да се потсетам:

Прва генерација Проевски Цане, Димитровски Владе, Крстевски Крсте (Крцуло), Аџиев Иван и други во други погони.

Втора генерација Грозданов Ристо, Грозданов Христијан, Кипровски Благој, Николовски Мите, Милошевски Петраки, Ташевски Мите и други во други погони.

Трета генерација Благој (Чомбе), Васко, Борче, Благој (Бабушо) и други во други погони кои покасно се префрлија во други единици. На сите овие тогаш деца лично им помогнав да го завршат школото, да научат занает, да станат одлични работници но и луѓе, тоа е мојата најголема гордост. Денеска сите тие со почит гледаат на мене и на мојата фамилија.

Во фабриката заедно со мене работеа повеќе мои комшии од Егејската зграда, со некои од нив бевме заедно уште од ДАГ, Полска и на крајот и во Битола. Да не се заборави тие се: Коле Ѓоргиевски, Ташко Боцев, Аристиди Гацов, Нико Ѓоргиевски, Сотир Асенчаров, Павле Гулевски, Доне Пановски, Васко Ристевски, Вангел Пасков и многу други.

Во фабриката се формира курс за ВКВ бравари и монтери, кого го посетував исто цели девет месеци. Курсот го завршив со полагање на теорија и пракса по сите технички предмети за внатрешна квалификација, а после тоа се формира и специјална школска комисија во електро техничкиот центар „Ѓуро Салај“ Битола. Се пријавив и тука и успешно положив за ВКВ монтер на индустриски компресори, така да сега имав диплома од наша македонска установа. Со тоа и покрај желбата за понатамошно усовршување заврши моето школување во техничките науки. Голема пречка во сето тоа беше семејниот живот мојата грижа за сите нив, немањето време и моите големи обврски, во тоа време се до 1962 год. се водев како ВКВ бравар но кога официјално ја добив дипломата престанаа да ми одбиваат од

платата. Такви беа прописите се бараше книга а не техничко знаење и познавање на работите.

Тука останав до крајот на мојот работен век, до пензионирањето на 28.02.1978 год. Тогаш завршувам со редовното работење.

Инаку за цело ова време јас покрај работата активно учествувам и во останатите активности во фабриката како што е:

Многу пати бев биран за член на работнички совет

Член на разни комисии

Активист во синдикалната организација

Пратеник избран од колективот во групацијата „Раде Кончар“ Загреб, каде и сум наградуван за успешно работење со сребрена плакета
Од формирањето на фудбалскиот клуб сум во раководството на најразлични функции

Во периодот од 1957 -1978 год. низ фабриката поминаа повеќе директори и тоа Лале, Веле русиот, Ѓуш, Герака, Мито Марковски, Гоце, Живко Поповски, Кире Алтипармак и други генерални директори. За техничките директори, управниците не пишувам, зошто бројот е огромен, поминаа плејада на инжинери, економисти, правници, стручњаци кои беа потребни на нашето општество.

Целиот мој ангажман е за работниците, останувам почитуван во колективот до крај, никогаш не сум побарал ништо лично за мене.

Мојот општествен живот

Отсекогаш сум бил активен, почнувајќи од месните заедници, „Тодор Ангелевски“, и покасно во „Естреја Овадија Мара“. Иако во работен однос, со многу работи секогаш најдував слободно време да учествувам активно во Одборите во

комисиите при нив и во двете заедници бевме со Ристо Филовски, Блаже Трпеновски и уште еден Блаже. Со преселувањето во новиот стан се преселив во месните заедници „Коле Лачето“, а покасно во „ Ѓорги Наумов“. Во месната заедница „ Ѓорги Наумов“, бев во разни комисии, а бев назначен и за командир на специјален вод за Територјална Одбрана, се до неговото расформирање. Од оваа месна заедница бев делегиран во општинскиот одбор на борците во Битола и битолско цели четири години. Исто сум а и многу пати со повеќе мандати бев делегат на Војните Инвалиди од Битола, бев во претседателство, и во одборот на клубот „Четврти Јули“ денот на борецот, во разни комисии, со многу активности за кои сум добивал пофалници, признанија и награди од таа организација. Јас и денес ја продолжувам мојата активност и ќе го правам тоа се додека можам.

Спортот во Битола

Единствена светла точка беше само спортот кои беше на високо ниво тогаш и покасно имаше неколку фудбалски екипи како Работник, Пелистер, Битола, Пелагонија, Транскоп, Металец, ракометни клубови Работник, Пелистер, Пелагонија, кошаркашки клубови Работник, Пелистер, атлетика Олимпија, велосипедизам Партизан, бокс Работник, скијање и планинарење во Пелистер, нешто помалку се одеше на Охридско и Преспанско Езеро, но тоа беше во зародиш, имаше доста развиена спортска свест и љубов кон спортот. Лично јас бев голем љубител на спортот, за време на целата моја младост од селото во партизаните, во болниците, фабриките, секогаш учествував во спортот а посебно во град Богатиња 1950 год. кога се формира фудбалски клуб во кој играв и јас заедно со Мичо Јанкула и Танас Војнов, во ова време го засакав и боксот. Боксот во Полска беше на високо квалитетно ниво, трениравме во секоја партиина школа, во воените академии, секаде а најповеќе во градот Швидница, во фабриката за вагони, каде имавме и фудбалски клуб „Стал“, и фабрички боксерски клуб. Јас тука активно учествував во боксерскиот клуб и се обучував по две работи како вештина и лично за мене. Така тоа ми остана засекогаш во крвта до ден денешен, а многу ги сакам фудбалот, боксот, ракометот, кошарката тие се на прво место, па после тоа

атлетиката, мото трки, хокеј на мраз, коњички трки и друго. Последно време сум активен како инвалид во спортовите кои ги играме како: Пикадо, Шах, Стрелаштво, Атлетски вишебој. Јас сум одговорен за овие дисциплини а учествувам активно во пикадо каде сум неколку пати републички првак, со многу награди од повеќе турнири.

Денеска јас не ги напуштам спортските натпревари во градот како што е фудбалот, ракометот, кошарката, боксот со мене секогаш е мојот син Спиро и брат ми Коле, така да ова е веќе традиција.

Мое видување за спортот

Спортот е нешто културно кое го исполнуваше голем дел од животот на татко ми.

Спортот го донесе со себе од далечната Полска, каде во тие времиња истиот беше на многу повисоко ниво отколку во нашите места. Со самото доаѓање во Битола јас како најголем и тогаш единствен син уште во далечната 1958-1959 год. заедно со него сме фотографирани пред градскиот стадион во Битола, кој сеуште беше во изградба. Значи од тие први денови тој ја всади љубовта кон спортот во мене и до ден денешен тоа не се промени, за среќа истото беше и со него се до неговата смрт. Што се гледавме во овој период од педесет години со зборови не може да се искаже. Неговото беше многу едноставно, во сабота и недела од раните утрински часови, околу 10 па се до 14-15 бевме на стадион, а после ручек дома и повторно сега во игралиштето за ракомет, кошарка кое беше осветлено или покасно со изградбата и во спортската сала „Младост“. Во салата негде седумдесеттите посебно осумдесеттите се разви спорт каков што ретко каде го имаше во Македонија. Ракометот уште со влегување во првата југословенска лига 1975 год, претставуваше хит за цела Македонија, затоа што беше континуитет на битолскиот ракомет кој имаше дури три екипи кои се натпреварувааа во македонска лига и тоа Работник, Битола и Пелагонија во кои имаше прекрасни играчи кои дадоа голем допринос во развојот на битолскиот спорт. Во сеќавање се сеуште првите натпревари под рефлектори на градското

ракометно игралиште во втората југословенска лига, првиот асфалт поставен на него, првата трибина од страната на градското шеталиште, за потоа да се загради и од страната на фискултурниот дом и така да стане еден навивачки вулкан за време на ракометните квалификации и покасно во натпреварите во првата лига. Од играчите кои играа долго време во битолскиот ракомет би ги спомнал без да се налутат некој кој нема да биде спомнат, зошто во прашање се многу години и многу генерации:тренерите Љубо Христовски и Барбако кој замина за Скопје а ја водеше екипата на Работник, голманите Боне Трајковски, Кице, Гули, играчите Вангел Симев – Овцата, Атанас Нашоку – Сако, Ристо Костадинов – Чатле, Стојан Дамјановски – Чотата, Стамато, Лазе Баевски, Пеце Црниот, Белката, Пеце Димитровски еден од најдобрите ракометари кои ги имала Битола, но во Пелистер не играше многу, Пајо, Русмир, Карабеговиќ, Жујовиќ, помладите Никола Христовски – Калешот, Стевче Стефановски – Цревото, Дане Бачевски, Цане Крстевски – Цаурот, Абдула Јусуфовски, во времето кога Пелистер беше во првата лига и беше еден од подобрите екипи во истата лига, блиску до неприкосновената во тоа време Металопластика неколкукратен европски првак ние во нашите редови под водство на Силјан Мицевски – Циле имавме познати и признати тренери и уште подобри ракометари како Мунитиќ, Костелиќ, Каменица, Рогановиќ, Магдинчев, Андоновски Крсте, тука играа еден Борко Јовичиќ, Фестиќ, Ванчо Јовановски, Зечевиќ, Савевски, Шуман, Шандор Ходик, прав битолчанец, Пепи Манасков легендата на битолскиот и македонскиот спорт, Виларов, па се до оние што уште значат на овие простори Стевче Алушовски, Иве Марковски, Кире Поповски, Боро Чурлевски, Ице Дамјановски, Звонко Шундовски, Драган Маринковиќ, Аце Станковски, Игор Николовски најблагородниот играч што го познавам од сите овие, Златко Димитровски, Александар Зарков, Кире Лазаров, Наумче и Златко Мојсовски, Влатко Темелков, Петар Ангелов – Диви, Влатко Митков, Ацо Јоновски, Саше Јанкуловски, Макаловски, Петар Мисовски, Тосковски и многу други кои едно време од 1999 год. па се до 2008 год. им бев и председател на клубот, и тогаш на задоволство мое, на мојот татко и на цела Битола во 2001 год. стигнавме да играме во едно европско финале, Челенџ купот. Во исто време женската екипа на

Кометал Ѓорче Петров беше европски првак, така да овој успех падна незаслужено во сенка, зошто таа е екипата која и ден денес ја претставува репрезентацијата на Македонија. Успеавме да ги победиме на својот пат до финалето екипите на Казан (Русија), Пари сен Жермен (Франција), Кукуш (Килкис), (Грција), Фредерисберг од Копенхаген и во финалето изгубивме од Скерн (Данска), екипа која во првиот натпревар успеавме да ја добиеме со 7 гола разлика. Екипата на Пелистер беше во следниот состав: Петар Ангелов, Горбах, Тосковски, Златко Димитровски, Макаловски, Владимир Темелков, Златко Мојсовски, Наумче Мојсовски, Ацо Јоновски, Игор Николовски, Владимир Митков, Ристо Калајџиевски, Звонко Шундовски, тренер на екипата Богдан Маковеј, помошници Стевче Стефановски и Зоран Атанасовски тренер на голманите, и тогашниот управен одбор на клубот јас како претседател, Гацов Петар, Ацо Делов, Стево Пејковски, Миле Крстевски, Коле, Цанче.

Настани во мојот живот

1928 год - моето раѓање
1932 год. – се роди мојата единствена сестра Софија
1933 год – одам во забавиште во селото (Нипија), Хитлер иди на власт во Германија
1934 год – прво одделение во селото
1935 год – второ одделение во селото, и прво пасење на говедата
1936 год – трето одделение во селото, воена диктатура на Метаксас
1937 год – четвртто одделение во селото, се роди последниот најмал брат Никола
1938 год – по казна даскалот цел клас не остава во исто одделение
1939 год – петто одделение во селото, почнува Втората светска војна
1940 год – шестто одделение во селото, Италија ја напаѓа Грција
1941год –тројна окупација на Грција од Германија, Италија и Бугарија. Италјаните доаѓаат во селото, глад и умирање во големите градови во Грција

1942 год – работа по нивите за прехрана и припрема за востание
1943 год – излегуваат првите партизани но и пушкари, вооружени од Калчев, првите жетви од Желево во Костур, капитулација на Италија 09.09.1943 год
1944 год – летото мајками е давена од германците во вирот, покасно тие бегаат од селото, идат партизаните, конфликт со енглезите во Атина во есентта.
1945 год – доаѓање на кралската влада во Грција повторна окупација, крај на втората светска војна
1946 год – се жени братот Спиро, ја поправаме куќата татко ми, брат ми и јас, повторно војна
1947 год – излегуваме партизани во планина, прво брат ми Спиро па јас
1948 год – умира нашата сакана мајка, братот Коле е однесен во Унгарија со децата, а сега сите сме во партизани, заробен во Албанија долго е татко ми
1949 год - јуни загинува брат ми Спиро, јас сум ранет 28.08. и однесен во Албанија, татко ми и сестра ми останууваат во селото
1950 год – Згоржелец партиина школа
1951 год – Воена школа 500
1952 год – Швидница работам во фабрика за вагони
1953 год - Швидница работам и учам курс во фабрика за вагони, умира Сталин
1955 год – се женам со Софија Роси од с. Поздивишта, доаѓа и братот Коле од Унгарија
1956 год- партиска школа во Вроцлав, Софија е со Коле и Танас, револуција во Унгарија
1957 год – се раѓа синот Спиро 09.04., на 28.08 тргнуваме за Македонија, доаѓаме во Битола на 09.09., живееме во хотел „Солун“,
1958 год – јас се вработив во фабриката за фрижидери „Ѓорги Наумов“, добивме нов стан на ул „Иван Милутиновиќ“ бр.13/12, посетувам курс по македонски јазик, не посетуваат родителите од Грција
1959 год – се раѓа вториот син Васил на 31.07
1960 год – повторно на гости од Грција татко ми Мијал, па мајка и Елена, татко и Методија, па сестрата со зетот на Софија, Цвета и Илија Склифови
1961 год – се жени брат ми Коле, Цвета и Илија Склифови прво се во Штип па во Тетово

1962 год – се раѓа третото дете, ќерка Неда 17.02 по името на мајка ми
1963 год – синот Спиро тргнува на училиште, Цвета и Илија Склифови заминаа за Бугарија, силен земјотрес во Скопје 26.07
1964 год – умира татко ми Михаил на 61 година, за прв пат сме на летување во Бугарија, Поморје со сестрата и зетот на Софија
1965 год – за прв пат се гледам со сестра ми Софија после 1947 година, трагедија
1966 год – синот Васко заминува во Бугарија, сестра ми заминува за стално во Канада семејно
1967 год – пролет одам за Италија Трст за трговија
1968 год – за прв пат патувам во СССР кај брачедот Илија Јану во Воронеж, и кај сестрата на Софија Александра во Ташкент, август интервенција во Чехословачка од Варшавскиот пакт
1969 год – полагам за ВКВ монтер и добивам диплома
1970 – 1978 год – сум на работа во „Ѓорги Наумов“ фабрика за фрижидери.
1976 год – синот почнува да студира на Електротехнички факултет во Скопје, синот Васко се жени со Маријана Вушева во Софија
1977 год- почина баба Лена во Гара Елин Пелин, Бугарија мајка и на сопругата
1978год –01.03. се пензионирам, добиваме нов стан,поголем од првиот, подалеку од центарот прво како РЕМО 2 ул. „Партизанска“, за потоа да добие ново име Мирка Гинова бр. 13/42 каде уште живееме, се раѓа внуката Цветанка од синот Васко
1979год– со сопругата одиме да бериме по планините билки и смрека ја продаваме за да помогниме за децата, се раѓа внукот Христо од синот Васко
1981год– синот Спиро со Елена Стојковска Бабец стапуваат во брак на 10.05 а истата година на 10.09 се раѓа нивниот син и наш внук Васко,
1983 год – ќерката Неда учи во гимназија
1984 год – 04.11. синот оди во ЈНА, прво во Ниш па во Врање
1985 год – ќерката Неда се мажи за зетот Здраве
1986 год.- синот Спиро се вработува во РЕК Битола, како електро инжинер
1987 год – се жени Мијал син на брат ми Коле, доаѓа сестра ми Софија од Канада

1991 год – се раѓа внуката од ќерката Неда, Маре
1998 год – синот Спиро е директор за производство во РЕК Битола 1998-2002
1999 год – внукот Васко се запишува на НАТФИЗ – академија за артисти во Софија
2002 год – синот Спиро е пратеник во Македонскиот парламент 2002-2006 год.
2003 год - внукот Васко завршува Академија во Софија, со Спиро одиме десет дена во Грција, кај внуката Елена во Аталанти, Атина, Пелопонез, цела Грција

Моето видување за татко ми Ристо Мавровски

Мои лични размисли за некои случувања во мојот живот поврзани со татко ми егзодусот, животот во Битола, спортот и останати случувања за кои татко ми не проговорил. Би прозборил за неколку настани кои длабоко ми се врежале во моите спомени и неповратно остануваат во мене до крајот на мојот живот.

Мојот однос со татко ми беше многу интензивен, бевме упатени еден на друг за цело време, затоа што моите баби и дедовци по татко ми не ги запомнив, имав можност само еднаш да го видам мојот дедо Мијал, бев многу мал (три години), и тоа беше само ден два. Дедо ми и баба ми по мајка Лена и Методија ги видов повеќе пати, но не растевме со нив, видувањата беа инцидентни. Во нашето растење како деца бавме за цело време со родителите и тоа не направи уште поблиски. Мојот татко за мене беше и родител и пријател и брат и се на овој свет. Неговите совети и крилатици, неговиот труд, чесноста, искреноста, љубовта кон сите беше огромна. Се до неговата смрт и покрај тоа што веќе бев во парламентот на Р. Македонија, неговите критики, совети и укажувања ми беа многу важни и премногу ги респектирав и уважував. После неговото физичко заминување сеуште не можам да го заборавам, а многу работи едноставно заминаа со него. Верувам дека и денес е некаде каде мисли, не чува и секогаш ќе биде со нас, во нас и во времето на кризи ќе помага.

Ми остана во незаборавно сеќавање нашето одење на прошетки низ и околу градот, секогаш сите пет души заедно, во една голема преубава количка донесена од Полска. Во сабота и недела во лето обавезно одевме на капење на реката Драгор, во месноста викана Топла Вода, но заедно со татко ми слегувавме и до капалиштата како Славија, Киташ, Пајтонче, што денеска ги нема. Мојот татко по потекло од Желево, беше планински човек и планината од секогаш ја сакаше, секогаш со друштво или сам шеташе до Неолица, за жал тука и заврши неговиот живот, за тоа накрајот, Снегово во пролет, Тумбе Кафе секогаш, Пелистер на езера, по планинарските домови, Бегова чешма и Копанки. Едно време со мајка ми береа билки и останати дарови од природата како што беа боровинки, смрека, печурки, тоа беше кога татко ми замина во пензија, а јас студирав во Скопје.

Се сеќавам на раѓањето на мојата сестра 1962 година, во старата болница во центарот на градот, јас со пет години го чував брат ми Васил со три години, а татко ми со нас заедно за да ја посетиме мајка ми на болница. Не оставаја да се влези во болницата така да од улица ја довикувавме и видовме мајка ми. Бевме многу радосни што за доручек татко ми ни купуваше секогаш бурек.

Моето школување воглавном беше многу лесно, одличен ученик за цело време, меѓу најдобрите во генерацијата, татко ми не беше оптеретен со тоа, но секогаш кога завршуваше школската година во основното училиште Дамјан Груев, јас ја носев книшката со сите петки, обврзно беше одењето на ќебапи во кафеаната кај дрвениот мост. Вака беше се дотрета година на факултет, кога после една потешка сообраќајна несреќа и мое недоразбирање за една неправда од професорката Катерина Чундева, бев спремен да се вратам во Битола. Но и тогаш моите родители тоа него дозволија и јас завршив. Татко ми никогаш не прашуваше дали положив или не, беа 54 испити, но секогаш ме храбреше и покрај тоа што ретко се случуваше да не положам. Мислам дека еден од најголемите радосни моменти за него беше присуството на одбранара на дипломската работа на Електро Технички факултет, кај професорот Властимир Гламочанин. Татко ми со кумот Ташко Чапканов озарени ја

напуштија салата, горди после моите одбрани и презентација на трудот. Во 2011 година магистрирав на Техничкиот Факултет во Битола, сега сум магистер по индустриски менаџмент, нешто што му го посветив посмртно на мојот татко и моите прекрасни внуци.

Потоа следуваше одење војска во тогашната ЈНА, во касарната Филип Кљаиќ во градот Ниш, Србија. На мојата заклетва беа дојдени моите родители заедно со сопругата Елена.

Како што пишувам јас предходно се оженив со Елена Стојковска, ќерка на Петар и Милица Стојковски. Таткото на Елена е прославениот актер, еден од најголемите во битолски театар и во целото македонско глумиште, Бабецот. Човекот по кој го запаметив театарот со првата култна детска претстава Хајди, која сме ја гледале во прво одделение, а Бабецот режираше и го играше дедото. Од тогаш не сум пропуштил ниту една театарска претстава како во Битола, така и за време на моето студирање во Скопје, во Драмски и Народен театар каде имав абонентна карта. Пред самиот брак се јавија некои проблеми. Двајцата бевме сеуште студенти, но татко ми пресече и ова денес што го живееме со моето семејство крајно му благодарам. На нашата свадба беа присутни сестра ми Неда, стрико ми Коле, стрината Василка, брачед ми Мијал, тетка ми и тетин ми Цвета и Илија, брат ми за жал не беше, беше во војска, моите кумови Ташко Чапканов со сопругата Нада и децата Марина и Миле кој беше со сопругата Ефимија. Тие подоцна станаа кумови на мојот син Васко, а нивните синови Ташко и Димитри станаа кумови на децата од синот Васко. Свадбата беше прекрасна во с. Бистрица во тогаш една од најрепрезантативните кафани Кај Кубурот 1981 година, каде после 24 години и мојот син се ожени за актерката Јулијана Мирчевска. На свадбата беа присутни сите мои другари од Егејската зграда, Петар Гацов-Талентот со сегашната сопруга Љупка, Васко Ѓоргиевски-Тохари со сестра му Елена, Ташков Борче-Труманот, Сиваков Трајче-Папата, Алеко Петков-Таљата, двајцата во Австралија, Васко Филиповски-Буљата, Ѓорги Стерјовски-Џонсоно, Никола Мамакис, Љупчо Јовановски-Пантеро, Кире Кукулуковски-Коската, Стево Елков-Бебек сега во Канада, Васил Сиваков-Цикецот. Моите

пријатели од школските клупи, деверот Веселин Талевски, Бог да го прости, Томче Трајковски-Ќемата, Ристо Чолаков-Чолако сега доктор во Америка.

Свадбата на мојот брат Васил во Софија, Бугарија во далечната 1976 година, кога јас за прв пат после прва година студии морав да одам на првата студентска војна вежба, за време на олимпијадата во Монтреал, Канада. Следниот ден од како заврши вежбата заедно со родителите и сестра ми заминавме со автобус на свадбата. Имаше два музики, прекрасни македонски песни, брат ми само 17 години, но одлуката беше негова и се се заврши во ред. На 35 години брат ми стана дедо, зошто неговата ќерка Цветанка со омажи со Петар Голешов. Така да историјата се повтори, но нивните семејства се множат се успешни и Бог да ги чува.

На свадбата на мојата сестра со зетот Здраве Петковски, бевме повторно сите заедно со стрико ми со семејството, беа дојдени тетка ми Софија и тетин ми Коле од Канада, роднините на татко ми од Тетово, Дафина, Митра и се беше прекрасно. Денеска нивните две деца Методија се ожени за Елена, и Марика се возрасни успешни и воспитани возрасни луѓе кои бескрајно ги сакам како мои.

Нашите патувања како мали во Тетово, заедно со семејството кај тетка ми, се незаборавни, потоа патувањата со воз или автобус за Бугарија, прво во Гара Елин Пелин па потоа во Софија, оставија вечни спомени и преубави моменти кои не се забораваат. Уште многу пати со мојата кола бевме да ги видиме нашите брат и тетин ми и тетка ми. А едно време и синот Васко кој студираше во Софија на НАТФИЗ, академија за актерство, која ја заврши како еден од најдобрите. Бевме присутни на многу негови претстави а сите на дипломската претстава кога министерот им ги предаде дипломите а ние сите бевме пресреќни.

Едно патување ќе остане запаметено, за жал се покажа и последно, кога заедно со татко ми и мајка ми заминавме во Грција во 2003 година. Целта на патувањето беше посета на брачеда ми Елена која живее во Аталанти, гратче на 90

километри пред Атина. Беше крајот на месец мај и почетокот на јуни. Тргнавме негде околу 5 и 30 часот, на граница проблеми, ми го загубија зелениот картон, а беа упорни да видат дали стварно носиме сервис за ручање, или нешто друго. Сервисот беше од тетка ми Цвета, а ние требаше да го пренесеме. Откако расчепкаа се, ги замолив се да вратат назад, зошто јас тогаш имав дипломатски пасош, како член на Собранието на Р. Македонија, и после кратка расправија се си дојде на свое место. Моите ме замолија да не се расправам зошто она нивното "знаеш какви се Грците". Нејсе кај 11 часот, со едно запирање за појадок под Олимп, стигнавме во Аталанти, каде многу брзо ја пронајдовме куќата на брачеда ми Елена. Радост, Среќа, Веселба со целото семејство во новата куќа. Веќе третиот ден ние заминавме за археолошкото наоѓалиште Делфи, се наоѓа на многу голема висина, патот со многу кривини и угорници. Делфи со голем музеј, уште поголем амфитеатар и премногу туристи. Оттука заминавме и почнавме да слегуваме кон Коринтскиот залив, во местата Галаксиди со огромен луна парк, и ручавме во с. Кири. Водата прекрасна ние со колата Лада 110, застанавме и во прекрасното море со топла вода се капевме со татко ми долго време. Вечерта се вративме а веќе наредниот ден се капевме во местото Скала недалеку од Аталанти, водата прекрасна. Веќе наредниот ден заминавме за Атина, до таму стигнавме за еден час, но во Атина за 10-15 км ни требаа цели два часа. Тоа беше пред олимпијадата 2004 година, така да многу улици се поправаа, се преправаа згради, фасади, прав хаос. Некако стигнавме до Акропол, на кого исто се работеше, многу кранови, прашина и многу туристи. Меѓу нив и една група од Полска со кои татко ми се изнаприкажува. Не беше многу воодушевен од тоа што го виде, реше „само камен и ништо друго". Наредниот ден веќе заминавме за Солун каде ручавме, и продолживме за Калитеа каде спиевме. Следниот ден го прошетавме првиот и вториот крак, и тоа многу повеќе го бендиса, тука се капевме беше преубаво. После два дена заминавме за с. Пожарско (Аридеја), тука спиевме. Наредниот ден ручавме на водопадите во Воден, каде потоа идевме повеќе пати со татко ми и беше многу задоволен. Потоа заминавме преку Костур, Поздивишта и стигнавме во с. Желево. Тука бевме повеќе пати секогаш се возбудуваше, при секоја посета. Првиот пат ја пропушти улицата каде се неговите

куќи, но се вративме и беше трогателно, да гледаш нешто што било полно со живот а сега да е запустено, без живот едноставно да нема никој. Во селото имаше една брачеда кај која бевме, кај стрина ми Танасица на Брода во кафаната и на гробиштата на гробовите на најмилите. Секогаш тешко го преживуваше секое одење, и живо се сеќаваше на минатите времиња во ДАГ и местата каде војувал, се ранувал и го носеле по болници, така да се враќавме со уште поголема сета и тага.

Големината на татко ми ја гледав во неговиот однос кон баба ми и дедо ми од мајка ми, ги сакаше и почитуваше како свои, а и тие него го прифатија како нивно дете. Неговиот однос со брат му, стрико ми, Коле. За него кажа дека му е најголемата слабост во животот, но тој му беше и татко и брат и пријател, нивната врска беше нешто посебно, секогаш заедно и во радост и во тага, и во болест и во градби, за жал и во смртта. Само после 5 месеци од смртта на татко ми замина и мојот сакан и почитуван стрико Коле, човекот што го сакав, единствениот роднина, човекот кај кого единствено сакав да одам да преспијам заедно со мојата стрина Василка нема никогаш да ги заборавам или одделам од моето семејство. Неговиот однос кон своите го видов и кога дојдоа на посета во Битола Чичко ми Илија Јану, од Воронеж Русија, тетка ми Александра со децата Елена и Михали, тетка ми Цвета со тетин ми Илија со брат ми Васил, и ние четворица единаесет луѓе во 33 квадрати. Невозможна мисија, моите спиеја на отворено на балконот беше лето, а другите кој каде најде, за јадење на два пати, но беше преубаво, незаборавно, а татко ми главен во сето ова. Стрикото Илија Јану е доктор на историски науки на универзитетот во Воронеж, човекот кои ги направи првите врски меѓу нивниот и универзитетот Кирил и Методиј во Скопје.

Една тема за која нема ништо напишано во своите белешки е таа со мојот брат Васил и негоовото заминување во Бугарија кај моите мили тетка Цвета со тетин Илија, каде продолжува да живее како нивно дете се до нивната смрт, а брат ми со своето семејство и понатаму живее во Бугарија. За оваа ситуација не сме говореле многу, но само еднаш во автобусот со кој се враќавме во Битола од Софија, кога на моето прашање зошто,

ми одговори дека тие уште во Полска се договориле да го сторат тоа, брат ми да живее со моите тетка и тетин, затоа што тие не можеле да имаат деца, но тоа го замислувале сите заедно да живееме во Битола или Македонија. Се случи една непредвидена работа, по доаѓањето на моите тетка и тетин во Тетово, тетин ми паѓа во затвор, заради една глупост, напишал наводно на ѕидот во фабриката Тетекс: Долу Титовиот ревизионизам и бил осуден, така да после тоа тие со уште 6 други семејства заминале за Бугарија во местото Гара Елин Пелин, на 40 километри од Софија кон Пловдив. Тука добиле работа, сместување и бенефиции, така да брат ми прво одделение започна да учи таму, во Битола беше се до забавиште. Секогаш одеше со мене како помал, но до ден денс тој е мојата најголема слабост, човекот без кого не можам а да не го видам или слушнам барем на кратко. Татко ми прв и последен пат го направивме тој разговор, му беше тешко, но тој никогаш не го гледал поинаку брат ми отколку мене и сестра ми затоа го почитувам решението кое го донеле, а тоа е уште една големина на татко ми.

Националното чувство и гордоста дека е македонец ја искажувал илјада пати и тоа го всадил длабоко во нас. Се сеќавам на многу разговори со мојот тетин Илија Склифов од с. Загоричани за многу битки, за нивните чувства, за зборовите на тетин ми на секое испраќање „ Поздравете ми ја Македонија“, но еден разговор од 70 – тите со еден соборец Јани во град Јамбол, Бугарија каде преспавме. Разговорот беше за граѓанската војна во Грција, разговараат три соборци Јани без нога, татко ми скоро без рака, и тетин ми ранет во главата, и почна големата филозофија кој е крив, зошто е крив, кој треба да одговара, но на крајот една мисла Македонија ги обедини и не направи да стане голема караница. Муабетот беше тежок за слушање, во меѓувреме нааучив многу работи за кои само слушав, така да сега имам изграден став за кој ќе пишувам некогаш.

Сведок на неговите чувства за овие работи беше пред општина Битола, за прв пат во слободна и независна Македонија војник со македонска униформа. Татко ми не се воздржа отиде го

бакна војникот и долго долго плачеше и остана без зборови, а војникот изненаде но среќен и задоволен.

За цело време татко ми беше многу активен, но тргнувајќи од се она што има доживеано во животот со политика никогаш јавно не се занимаваше. Единствено ми даде подршка со мојата кандидатура во 2002 година за пратеник, кога идеше на митинзите и разговаравме и ме советуваше, но не послушав или не разбрав се што ми кажуваше и сега уште повеќе ја ценам неговата големина. Неговите ангажмани беа во организации како сојуз на борци и тоа во спортските игри или кога нешто треба да организира, тука секогаш спремни за помош: Вангел Чалдаров, Тодор Атанасовски, Никола Стефановски, Александар Поповски во Скопје Ташко Чапканов. За ова секогаш беше спремен, спортскиот дух не го напушташе вежбаше на балконот пикадо и имаше освоено многу награди. Друго нешто беше Здружението на македонците од егејскиот дел на Македонија, каде заедно со чичко Александар Поповски беа заедно за цело време. Помагаше секогаш, ни една средба на Здружението на македонците од егејскиот дел на Македонија во с.Трново не можеше да започне без нашето семејно присуство на истите, а покасно идеа и кај мене во вилата.

Проблемите се разбира непотребни се случуваа заради неговата дружељубивост и желбата да комуницира и да се дружи. Како дете се сеќавам дека имаше дојдено едн циркус во кој беа и некои актери од Полска. Татко ми ги покани дома, се дружевме прекрасно, сеќавања на убави времиња, но непријатно изненадување само после ден два. Од МВР дојде инспектор кој се распрашуваше што правеле луѓето од Полска, зошто дошле и многу други глупи прашања. Татко ми целиот изненаден и зачуден, просто не можеше да верува што се случува. Следниот пат беше доаѓањето на дедо ми Методија, кога исто дојде инспекторот со прашања за кои и ден денес не ми е јасно како е да му се постават на еден старец од 70 години. Дедо ми се возбуди, а кога татко ми се врати од работа и разбра за оваа случка замина во МВР и после расправии, од кај нив повеќе никој не дојде дома да се распитува.

Би почнал со една од првите фотографии во Битола, јас на две години на велосипедот од татко ми пред западната капија на градскиот стадион под Тумбе Кафе, незаборавно, момент кој во моето живеење ме направи од моите 5-6 години да не пропуштам ни еден натпревар во сите спортови, дури многу пати и тренинзите на сите спортски екипи во Битола, а покасно со моето одење во Скопје на факултет тоа продолжи и понатаму. На овие натпревари скоро секогаш бевме татко ми, стрико ми и јас. Татко ми како член на управата во фудбалскиот клуб при фабриката за фрижидери „Ѓорги Наумов“ кои се натпреварувааво тогашната регионална лига со фабричкиот автобус одевме скоро на сите натпревари во гости. За да покасно во животот, со мојата кола одевме и секаде по селски утакмици во с. Новаци, с. Логоварди, с. Кравари, с. Добрушево, с. Кукуречани и многу други. Со развојот на спортот почнавме да одиме во сите градови во Македонија, а редовно бевме во Прилеп кога Победа играше во трета лига а Пелистер беше во втора лига, затоа што Победа во Прилеп играше во сабота, а Пелистер во недела. Покасно станав претседател на ракометниот клуб Пелистер, за ова пишував нешто порано, татко ми од секогаш заедно со стрикото влегуваа први во салата, ги гледаа натпреварите на младинската екипа, па потоа и сениорите значи од 16 – 20 часот, секоја сабота. Боксот беше нешто посебно што го интересираше и секогаш го пратеше. Тука беше и еден негов ученик Мите, но тоа беше меѓу првите генерации каде од Беломорскиот дел беа Мите, Лазе Ѓаковски, ненадминат техничар, браќата Робеви, Ташко и Трифун кој имаше и професионална кариера во Канада, Кочо Стерјов и многу други кои дојдоа покасно како како Лаличо, Илче Белџигеров, Сеад Амедовски, Пупучо, Седат Керимов, браќата Рустемов, Шериф и Седат, Дилабер Јусуфов, Османи, Салиху, Драган Костиќ, потоа професионален европски првак, Иле Бучко, Бебио, заедно со селекторот на Македонија, Христо Димитровски, и многу други да не се налутат, што нема да ги споменам во моето пишување. Во зградата имаше и други деца што се занимаваа професионално со спорт како Васил Анастасовски – Циле, кој играше фудбал за Пелистер, Овче Поле и долги години во Канада, Кочо Малков фудбал во Пелистер, со џудо се занимаваа со голем успех Миле и Пеце Гулевски, Томче Гацов, Ице и Кире Дамјановски со ракомет во

Пелистер, првакот во Македонија во карате и првиот што работел со нон-чаки, Панде Петков, Бог да го прости, почина млад, со боди билдинг меѓу првите во Битола Стасе Ралев, Трајче Сиваков, Лазе Бебиот, Мишако и многу други. Во Битола 60-тите и 70 –тите се одржуваа мотокросови и тоа на ливадите во с. Буково, с. Братиндол каде после години продолжи да се одржува до денес. Се одржуваа авто трки околу реката Драгор во самиот град. Спортот беше важен сегмент од нашето живеење.

Останувам должен да го напишам и крајот на мојот татко. Секогаш кога зборувавме, велеше дека му е благодарен на Бога што го оставил жив, зошто на последното ранување, беше тешко ранет и фрлен за закопување. За среќа помина брачедата Севда Станишева со еден постар човек и го препознаа татко ми. Старецот му ги извадил чевлите запалил еден весник и го доближил до табаните, татко ми изреагирал, така да со првиот нареден камион, наместо да го закопаат, беше испратен за Албанија во болница, каде е опериран. Операцијаја правеше некој доктор од Бугарија, траеше повеќе од 9 часа, докторот беше дојден преку Црвениот Крст, успеа да му ја спаси раката да не му ја ампутираат, но со последици до крајот на животот. Секоја промена на времето десната рака на татко ми потемнуваше, со големи болки. Многу често и после 30 години од едно друго ранување, при бричењето на брадата му излегуваа парчиња железо, од ранувањето во главата. Затоа знаеше да каже Бог ме зачува, ме остави да Ве имам сите Вас кои треба да го продолжите моето дело, и ако некој ме праша каде сакам да починам би рекол дека тоа е на некоја планина. За жал на 17 јули 2004 година мојот татко како многупати до тогаш замина Неолица но овој пат сам. Од луѓето што беа таму ми кажаа дека после доаѓањето му се слошило, но се повратил, се почувствувал подобро и заминал да бери чај. За жал никогаш не стигнал над Неолица и тука починал. Дали тоа беше неговиот избор, дали Бог ги услиши неговите кажувања не знам, но знам дека мојот татко само физички замина од овој свет. Засекогаш останувaш со Нас и во Нас Велик човеку, нека ти е лесна земјата, остави нешто со што треба да се гордееш Ти, а уште повеќе ние твоите наследници.

ТЕ САКАМ ТАТКО МИ, МНОГУ МИ НЕДОСТИГАШ!!!

ВИДУВАЊА НА РИСТО ЗА СВЕТСКАТА ВОЈНА

Моите видувања за почетокот на втората светска војна, работите за кои учев по војните школи и курсеви ќе ги споделам со вас.

Во периодот за првата светска војна 1914 -1918 год. кон крајот на истата се случува еден голем настан кој го менува текот на историјата во светот. Во царска Русија која исто учествува во војната, се случува позната Октомвриска револуција која ја поведуваат меншевиците и бољшевиците на чело со Владимир Илич Ленин после која наместо царска Русија ја имаме Русија на советите или се формира славниот Советски Сојуз. Таа е првата слободна социјалистичка држава на светот. Благодарејќи на неа и во западниот свет се формираат комунистички партии во периодот 1918-20 год. Како одговор на ова западниот свет започнува една општа граѓанска војна против Советскиот Сојуз која бескрајно ја подржува очекувајќи повторно да се врати стариот систем преку белогардејците. Но тоа не им успева после четири годишната војна, непријателот е поразен а Советскиот Сојуз станува уште посилен, но во 1922 год. Ленин е ранет и тој умира 1924 год. Неговото тело беше балсамирано, за прв пат во поновата историја, и изложено да го гледаат луѓето од светот меѓу кои еден бев и јас лично. На местото на Ленин доаѓа хероичниот Јосиф Висарјонович Сталин кој е на власт се до 1953 год. кога умира.

Од првата светска војна како поразени страни беа силите Германија, Бугарија, Австроунгарија, Италија, а победници беа Англија, Франција, Полска, Србија, Русија и многу други помали државички. После ова сите победници заедно со Америка се здружија против мечката од истокот за да можат да ја совладаат, но тоа не им успева. Во 1929-30 год. западниот свет доживува голема економска криза, а тие прават економска блокада против Советскиот Сојуз. Ни со ова блокада западот не успева да ги покори и тоа им прави проблеми во сопствените земји од прогресивните елементи во нив, кои ги бараат своите

права. Но западот не мирува бара нови начини за рушење на советите.

Во 1933 год. во Германија на избори победува Национал социјалистичката партија на чело со Адолф Хитлер. Во Италија победува Фашистичката партија на чело со Дуче Мусолини. На балканот се воспоставува воена диктатура во Југославија, во Грција исто се воспоставува воена диктатура на чело со Метаксас. Така да се ова е предуслов за една нова поделба на светот што се случи многу брзо. Во Европа 1937 год. Хитлер прави ајншлус (припојување) на Австроунгарија, во 1936 год. Италија ја напаѓа Абисинија сегашна Етиопија и ја покорува. Во Шпанија 1936 год. имаше парламентарни избори на кои победуваат социјалистите и сакаа да прогласат власт на работниците и селаните. Но поради незадоволството на Хитлер и Мусолини го праќаат тогашниот генерал на кралската војска, Франко и со помош од Германија и Италија прават граѓанска војна во Шпанија. Таа војна трае скоро три години, покрај учеството на фашистичките сили од другата страна учествуваат силите од работничките партии т.е. доброволците од цела Европа кои ги формираа работничките бригади. За жал напредните сили ја изгубија војната а Франко стана голем диктатор по чин Генералисимус. Набрзо после тоа Германија ја анексира Чехословачка, а Италија ја присвојува Албанија 1939 год. Англија и Америка се неутрални во овие случувања, но потајно работат против советите а економски го подржуваат западот. Во Азија Јапонија ја напаѓа Кина, а на 01.09.1939 год. без никаква најава и причина Германија ја напаѓа Полска, за разлика од претходно Франција и Англија застануваат на страната на Полска и така започнува втората светска војна, и тоа во Европа, Азија и Африка.

Од едната страна се силите на оската Рим Берлин Токио на која се приклучува Бугарија на цар Борис, квинслишки влади во Романија, Југославија, Франција, Украина и други. 1940 год. Германија почнува да ги окупира сите западни земји, Скандинавија вклучувајќи ја и Франција, така да сега останува нападот на Англија. Во исто време склучениот договор за ненапаѓање меѓу Германија и Советскиот Сојуз, му овозможува на советите да објават војна на Финска за свои поранешни

територии. Октоври поточно 28.10.1940 год. Италија и објавува војна на Грција преку Албанија, така да слободна останува само Југославија. Пролетта 1941 год. на 06.04.1941 год. нападната и освоена за една недела е и Југославија па силите на оската продолжуваат кон Грција, а и таа набрзо капитулира. На балканот останува уште Турција неутрална но повеќе на страна на германците. Во месец мај 1941 год. остануваат слободни уште Англија и Советскиот Сојуз. Но иако Хитлер се гледаше кон Англија, цело време мислеше кога ќе го нападне Советскиот Сојуз од кого доаѓаше најголемата закана. Хитлер ја започна војната со советите многу порано, преку петтата колона која направи многу штета во советите, притоа во многу чистки беа погубени и испратени во прогон во Сибир многу вистински прави комунисти кои му пречеа на Хитлер. Тој цело време работеше на планот Барбароса со кој на 22.06.1941 год. го нападна Советскиот Сојуз, но со ова ја започна најголемата битка во историјата на светот видена до денес. Така да сега судбината на војната се пренесе во рацете на советскиот народ, црвената армија, и целото меѓународно движење. Со тоа Хитлер ја направи најголемата грешка, и од тој ден веќе почна да ги губи своите позиции во Европа и во светот. Првиот голем пораз на германците беше пред Москва кога беа протерани цели 240 км. назад, и се покажа ранливоста на непобедените до тогаш германци. Тоа предизвика лавина на партизански движења во Југославија со Тито, Грција, Албанија, Франција, Скандинавија и останати делови од Европа. После првата следеше уште поголема победа во Сталинградската битка кога елитни германски единици беа поништени. Во Африка англоамериканските сили им нанесоа големи порази на германците, во исто време декември 1941 год. кај Перл Харбур Јапонија ја напаѓа Америка, така да и таа се вклучува во војната. Од 1942-43 год. текот на војната се менува сега оската Берлин Рим Токио веќе почнува да напукнува.

На другата страна сега се сите останати кои се борат против оската. Во 1943 год. се одржува првата средба во Техеран, на трите големи водачи Сталин, Черчил, Рузвелт овој пат средбата ја закажал Черчил. За оваа конференција е битно што Сталин побарал од сојузниците да отворат втор фронт, но за жал тоа се случи многу покасно, а сојузниците од месец јули до септември

1943 год. се истоварија на Сицилија и со тоа ја приморааа Италија на 09.09.1943 год. да потпише капитулација. Тоа време партизанското движење е во голем подем а Црвената армија веќе се ближи до границите на Полска, Унгарија и Романија. Летото 1944 год. советските армии влегуваат на полска територија и продолжуваат према Германија, истата ситуација е и према Румунија.

На 09.09.1944 год капитулира Бугарија, црвената армија стигна на грчките граници, но на барање на Тито се вклучува во завршните битки во Југославија. На барање на Димитров во тие борби се вклучува и отечествената бугарска армија, која со свои единици учествува во борбите од Македонија до Хрватска.

Есента 1944 год. англоамериканците, французите и канаѓаните вршат инвазија на Нормандија и го отвораат вториот фронт, од причини што советската Црвена армија е длабоко во Европа и навлегува во Германија. Стравот од новиот непријател Сталин ги тера на овие потези. Следи втората средба на големата тројка но овој пат на Јалта. Тука е направена победничката карта на Европа после поразот на Германија и силите на оската.

Пролетта 1945 год. Црвената армија е веќе на германска територија и беа ослободени Романија, Бугарија, Полска, Унгарија, Чехословачка, голем дел од Австрија, така да на крајот на месец април 1945 год. советите го напаѓаат Берлин, последното упориште на нацистите, Хитлер се самоубива, а големиот пропагатор на нацизмот Гебелс прво го убива своето семејство и на крајот и себеси, за да не биде заробен за сите злостори кои тои ги стори. Така на 09.05.1945 год. германската команда потпишува бесусловна капитулација и војната во Европа завршува, сем во Југославија каде последен ослободен град е Загреб на 15.05.1945 год. Досега најжестоката војна со многу жртви, ранети, огромни материјални штети и нарушени меѓународни односи за наредните неколку децении.

Но војната продолжува на далечниот исток, во Јапонија каде американците со фрлањето на атомските бомби на Хирошима и Нагасаки ги принудуваат Јапонците на безусловна капитулација. Тука има илјадници невини жртви и човештвото

покажува уште посурова сила од било кога порано, за жал врз невино цивилно население.

Најголемиот терет од оваа војна го понесе Советскиот Сојуз со негде околу 20 милиони жртви, уште повеќе ранети и осакатени, за материјалните загуби никогаш не се утврдија до крај. Полска со 7 милиони жртви, скоро сите евреи во полските гета, 90% уништеност на материјалните добра. Југославија со 1,7 милиони жртви, ранети и осакатени и во меѓунационалните и меѓуверски војни кои одзедоа голем дел од овие жртви, ранети и оскатени. Оштетени голем дел од Босна, Србија, Хрватска. Англија и Франција и покрај учеството од почетокот на војната, сем материјалните загуби од бомбардирањата, човечките загуби се многу помали. Америка имаше воени загуби во оружје и војници, но материјални штети на нејзина територија немаше. На Балканот покрај Југославија настрадаа и Грција, Албанија.

Од страна на оската најголеми загуби претрпе Германија, па Јапонија, Италија, со поголем број жртви и разурнувања, додека Бугарија, Романија, Унгарија, Шпанија поминуваат со материјални штети од бомбардирањата, а малку човечки жртви. Тоа е кратко она што се случуваше во Европа и светот од 1939-45 год.

Што добија сојузниците од оваа војна. Прво Германија се дели на четири зони, американска, англиска, француска и советска. Австрија е поделена на три дела американска, англиска и советска. Во Азија делбата на Јапонија е на американска и дел земаат советите на северот, тука народни републики стануваат Северна Кореа, Кина, Монголија така да од една советска држава 1918 год. сега стануваат многу и тоа: Виетнам, Лаос, Камбоџа, во Африка се: Етиопија, Либија, Ангола, Конго Бразавил, Јемен потоа Куба така да покасно се формира третиот свет. Светот се подели на два дела социјалистички и капиталистички.

После војната во Европа се раѓаат нови народни демократски држави како што беа Полска, Југославија, Унгарија, Чехословачка, Романија, Бугарија, Албанија. Само Грција останува пак под западно влијание, и тоа под англичаните, кои го носат повторно кралот на власт, а сите оние кои се бореа за

демократска Грција и учествуваа на албанскиот фронт, се бореа против германците, италјаните, бугарите и нивните слуги сега се принудени пак да се спремат за долга и исцрпувачка граѓанска војна, која беше долга и сурова.

Ова го пишувам многу покасно во девеесетите за да кажам дека во светот се случи според мене големо предавство т.е. пресврт и тоа во 1989 год. од страна на Михаил Горбачов, кои во историјата ќе биде познат по големите реформи и перестројката во Русија. Тој успеа да го разурне берлинскио sид, да ги растури сите социјалистички држави, против тежата Варшавскиот договор, и сето ова се реперкуира и во Југославија. Станаа граѓански војни во Словенија, Хрватска, покасно Босна и Херцеговина и накрајот и во Македонија.

Македонија станува независна држава после 1990 год. на парламентарни избори, станува држава со сите нишани: војска, полиција, парламент од повеќе партии и од тогаш се гради плуралистичко општество. Тоа е нов капитализам, со човечки права и слободи но бргу ни дојде голема безработица, слаба економија и претстои голема борба за опстанок и развој на државата.

Мои видувања за изгубената граѓанска војна

Во овој период после падот на Вичо, грците се нафрлија на Грамос и по многу тешки крвави борби се се заврши на 26.08.1949 год. со повлекување на единиците на ДАГ во Албанија, така завршува големата граѓанска војна која се води од 1945 до 1949 год. со победа на монархофашистите, а единиците ба ДАГ со ранети, болни, здрави борци се наоѓаме на територија на Албанија по логорите Сукт, Елбасан, Бурели и други места.

Моето видување за нашиот пораз ги кажував неколку пати, но уште еднаш: последиците од овој пораз се катастрофални, многу ранети, убиени, затворени, уништени цели села, оставено е многу оружје, муниција, воени матерјали кои не можеа да ги понесат со себе. Монархофашистите беа поспремни во сите елементи на борбата, против нашите единици. Главниот штаб

на ДАГ во зимата 1949 год. презеде офанзива со кој а се обиде да го изненади непријателот и тоа во Карпениси, со мал успех, во Сботско, Арадеа, Воденско со пораз на ДАГ, во Негуш со доста загуби и мобилизирани, и најголемата грешка нападот на Лерин во февруари 1949 год. Тука се докажа дека главниот штаб не е дораснат да води борби со помоќен и по вооружен непријател, посебно во населени места, така да на овој начин ја уништија цела 114 бригада, а затоа дежурен кривец беше нејзиниот командант Георгијадис кои беше осуден и стрелан за да се скрие немоќта на главниот штаб. Меѓу борците кружеше и информацијата дека е стрелан да нема сведок против министерот на војската, Вландата, кои беше одговорен за таа битка, а се кажува дека нападот е предаден, нема изненадување зошто наши борци пребегаа во редовите на монархофашистите. Наместо нападот да се одложи, неговата реализација беше катастрофална така да крајот почна тука. На почетокот пред да почни војната се најголемите грешки. Потпишани се договори помеѓу ЕАМ, ЕЛАС со англичаните за предавање на оружјето, се покорија на нивните наредби, што после се одразува на теророт над егејска Македонија, затворите и логорите се наполнија со напредни кадри. Партијата КПГ не беше спремна да дигне вооружено востание, долго време се двоумеа и не се спремаа. Од кога започна војната, партијата не успеа да го крене пролетерјатот по градовите, што требаше да биде ударна сила во оваа револуција, исто се случи и со борците од ЕЛАС то кои требаше да се носители. Така да оваа војна се сведе на селаните и македонците од егејскиот дел на Македонија, уште на почеток немаше резерви, формирањето на големи единици, така да непријателот почна да ја чисти територијата уште во 1948 год. и тоа од Крит, Пелопонез, Стара Грција па се до Епир, Грамос, Вичо, Пиреја и Кајмакчалан, но во 1949 год. монархофашистите успеваат да ги истераат нашите единици од Вермо, Епир и Кајмакчалан, така да остана само Вичо и мал дел од Грамос. Последната офанзива со најмодерно оружје и подршка од американците почна и заврши во август 1949 год кога се истерани сите наши единици во Албанија, со што ние доживуваме пораз а монархофашистите победа.

Мое видување за помошта од Америка и крајот на Граѓанската војна во Грција

Во првата половина на месец мај, во месноста Дрепано, во околината на градот Кожани беа донесени стотина затвореници. Тие под засилена стража, во смени, денонoќно градеа бункери. Бункерите по големина, издржливост и моќ исти како оние што лани беа изградени на Грамос. И сега се градени на Мали Мади, Бела Вода, Лунѕер, Јамата, Баро, Рото, Лисец, Поленатa и други ридови во секторот Вичо. На штотуку изградениот полигон, без одлагање почна засилена обука и вежби во кои учествуваа единиците на II, IX, XI, XV дивизија како и офицерите на I, VIII, X владини дивизии. Тука се совладуваа воените вештини и новите оружја – базуки и топови од 75 мм, што пред извесно време од Америка пристигнаа во Грција. Учеа како во активни ноќни и денски борбени услови да ги совладуваат силно утврдените упоришта на противникот во содејство со тенковите, артилеријата и воздухопловството. Предност на воздухопловството, кое снабдено со нови бомби и ракети, вежбаше уништување на утврдени позиции – бункери, командни и набљудувачки пунктови...Потоа вежбите беа со артилерија и накрај со пешадијата. Вежбите траеја скоро еден месец а со нив, пред се пилотажата со усовршените воени авиони, од типот Дакота, Харвард и Спитфаер, се одвиваа под будно око на американски и британски воени специјалисти и инструктори, со кои директно командуваше американскиот генерал Ван Флит. Два дена по завршување на обуката и вежбите, во големата сала на градскиот совет, претворена во воен оперативен штаб беа повикани сите команданти на батаљоните, полковите, бригадите и дивизиите како и високи офицери од военото воздухопловство. Состанокот го водеа главниот командант, маршалот Александрос Папагос, началникот на Генералниот штаб Козмас, командантите на I, II, III корпус – Цакалотос, Манидакис и Григоропулос. Во првиот ред генерал Ван Флит со своите соработници. Генерал Козмас со растреперен глас му изрази голема благодарност на мошне почитуваниот генерал Ван Флит и неговите соработници кои помогнаа да се изготви оперативниот план, што го носи криптонимот “ΠΥΡΣΟΣ“, - (Факел).

Господо преминувам на планот. Наша главна цел е реонот Вичо. Меѓутоа, со намера да се постигне стратешко изненадување, се определивме за второстепени чекори. Првиот е, со силите на XI дивизија да се исчисти реонот на Кајмакчалан, каде според наши информации делуваат околу 800 комунистички бандити. Со овој чекор на противникот му ја одземаме можноста од Вичо да се префрли на Кајмакчалан. Борбените дејствија во овој реон, според оперативниот план, ќе почнат на 4 и треба да завршат на 8 јули. Веднаш по тоа главните сили на XI дивизија ќе се стават на располагање на Вториот корпус со цел да учествуваат во борбите во реонот на Вичо. Вториот чекор има поголемо значење. Да го натераме противникот да помисли дека нашиот главен удар е насочен на Грамос.

Оттука предвидовме силите на Првиот корпус, поточно Првата и Осмата дивизија, со 73-та бригада 8-от, 15-от, и 24-от полк, во содејство со артилеријата и воздухопловството да извршат силни удари на утврдените упоришта на противникот со цел да го заковаат за неговите позиции и на овој начин да го спречат да се префрли на Вичо, кога таму ќе почне главната офанзива. Според информациите северен Грамос противникот го брани со 4900 мажи и жени и располага со 16 топови, два минофрлачи од 120 мм и со поголем број противтенковски и противавионски цевки за кои нема доволно гранати. Оваа операција ќе почне ноќта меѓу 2-ри и 3-ти и мора да заврши на 9-ти август. Овој предел е ридско – планински и на многу места покриен со шума. Во споредба со Грамос, тука ги нема високите камени чуки, длабоките клисури и бројните козји патеки. Главни планини се Бела Вода на север, Вичо на исток, Мали-Мади на на југ и Чука и Лисец на запад. Реката Бистрица која извира под селото Псодери, течејќи на југ, го дели овој предел од планината Врба и натаму од Преспа и Преспанското езеро. Во близина на селото Брезница свртува на југоисток, правејќи разделница меѓу Мали-Мади на југ и Јамата, Баро, Роте и погоре Полената. За овој предел карактеристично е тоа што го пресекуваат две многу важни сообраќајници. Едната од Костур преку село Апоскеп се влече покрај брегот на река Бистрица и северно од селото Брезница се вкрстува со сообраќајницата што води од Костур преку Мањак, Тиквени, Четирок, Света Недела,

Косинец, Смрдеш, Брезница, Желево, Псодери од каде се спушта по планината Бигла завршува во Лерин. Од картата се гледа дека пред Желево се дели и продолжува за Преспа. Оваа сообраќајница во делот меѓу Смрдеш (грчко-албанска граница), Псодери - Бигла и Желево - Преспа за нашиот противник има непроценливо значење. По оваа сообраќајница се врши целокупното снабдување со оружје и храна кое со камиони е пренесувано од Албанија и од Југославија до магацините вкопани лево и десно од патот. Брзиот пробив на нашите тенкови по овие сообраќајници значи, на противникот да му се прекини и затвори патот за бегство во Албанија и Југославија, значи затворање на обрачот... Со што ќе ни се спротистави непријателот. Бункерите исти како оние на кои вежбавме во полигонот Дрепано, целата одбрамбена линија е со мински полиња и пречки од бодликава жица. Реонот на Вичо непријателот ќе го брани со следниве сили: X дивизија со 18 и 103 бригада. Поконкретно нивните сили се распоредени како што следи. На северниот дел од фронтот Бела Вода – Бигла – Лунѕер – Кулкутурија 4 пешадиски баталјони, 8 ридски, 5 полски и 5 противтенковски топови. Вкупно 1450 борци од кои триесет посто се жени. Централниот фронт Поленаta – Плати – Кула и Рото, 3 пешадиски баталјони, 12 ридски, 4 полски и 10 противтенковски топови. Вкупно 1250 борци. Втората линија Баро – Јамата – Лисец - Моро – Чука 3 пешадиски баталјони, 6 ридски и 6 противтенковски топови. Вкупно 1060. Јужниот фронт Мали –Мади 3 пешадиски баталјони, 6 ридски, 3 полски и 6 противтенковски топови. Вкупно 1250. Резерва 105 бригада (1000 борци) во реонот на селото Смрдеш и офицерската школа (500 борци) во реонот на селата Брезница – Трнаа. Во помошни сили имаат 1500 лица. Во длабочина се организирани две одбрамбени линии. Првата влече од Бигла – Лунѕер и со ровови, бункери и мински полиња ги поврзува ридовите Јоргова Глава – Голината – Чука – Лисец – Баро – Јамата. Зад оваа одбрамбена линија се наоѓа џадето што ги поврзува Смрдеш, Брезница, Желево, Псодери. Втората одбрамбена линија на север се потпира на север со Бела Вода, се спушта јужно и ги покрива Превалот и Врба и завршува во котлината на Смрдеш. Крајното одмбрамбено упориште е во Преспа, а тоа се ридовите меѓу селата Штрково и Раби и отаде – полуостровот со селата Нивици, Винени, Орово и Граждено. Нашите анализи и

истражувања потврдија дека моралот на непријателот е висок. Ова е постигнато со неговите лански борбени успеси на Грамос и Вичо, (битката на Мали–Мади), некои успешни битки за помали градови, и пролетното заземање на Грамос. Во текот на зимата и пролетта непријателот изврши реорганизација на своите единици, го подобри снабдувањето со облека и храна. Ваквата состојба му даде за право на повисокото раководство да мисли дека 1949 година ќе биде година на нивната победа, па оттука моралот кај нашите противници е на доста високо ниво.

Која е нивната цел? Нивна цел е да го сочуваат тој последен "слободен простор", цврсто бранејќи ги планините Бела Вода – Вичо – Мали-Мади. За време на офанзивата со активна одбрана да го заковаат непријателот на одбрамбените позиции и кога ќе се создадат соодветни услови за промена на состојбата, да тргнат во противофанзива со цел да ги уништат нашите национални сили.

Со кои сили ќе нападнеме ние? Во борбена состојба се ставени II, IX, X, XI, пешадиска дивизија, вкупно единаесет бригади, III дивизија за гонење со две пешадиски бригади, еден лесен пешадиски полк, шест баталјони на националната гарда. Артилерија: 4 полкови полски топови, 3 одделенија средни топови, 5 одделенија ридски топови, скоро половината од расположивите тенкови и борни коли со кои располагаме и 90 авиони. Како резерва на врховниот командант останува XV дивизија во Рупишта и 32-та бригада во Дервен. Основна и главна борбена задача на Вториот корпус е: совладување на непријателските позиции и уништување на противничките сили. Офанзивата во реонот Вичо ќе се одвива во четири фази. Прва фаза: –10 август 1949 година. Дента, по авионското бомбардирање и артилериска подготовка, во 10,00 часот во насока Дервен – Кулкутурија – Поленатa – ридот 1685 тргнува 22-та пешадиска бригада со цел да ги совлада позициите на Поленатa – кота 1685 што се наоѓаат зад првата одбрамбена линија и да создадат благонаклонени услови и бази за напад и да навлезе во одбрамбената линија над селото Статица, да го изненади непријателот и да ги совлада ридовите Чука – Лисец. Втора фаза: ноќта меѓу 10-11 август синхронизирани напади. Од Буковик тргнува X пешадиска дивизија со цел да ги совлада

позициите на непријателскита линија Јамата – Баро – кота 1709. Од Дервен – Кулкутурија XI пешадиска дивизија продолжува со нападот на линијата Чука – Лисец. Истовремено третата бригада за гонење врши напад на кота 1695 – Бигла – Лунѕер – Гогова Глава, а на југ, во напад на Мали-Мади, тргнува 36-тата бригада. На крајниот север, од селото Долна Клештина преку Буф во насока на Герман тргнува 21-та бригада со цел да го затвори евентуалното бегство кон Југославија и по заземањето на преспанското село Раби да го затвори патот кон преминот наречен Кула што се наоѓа меѓу двете преспански езера. Време на започнување на нападот 20,00 часот на 10 август. Трета фаза: (12-13 август 1949), префрлување на нашите сили на линијата Врба – Превал – Корбеч, навлегување во котлината на Преспа и спречување на бегство на непријателот кон Албанија и Југославија. Четврта фаза: (14-16 август 1949), чистење на полуостровот отаде езерата и на целиот реон на Вичо. За подршка на пешадијата предвидени се две моќни артилериски групи. Северната група – Лерин и јужната – Костур со сите видови топови. Од истите насоки подршка ќе даваат и механизирани единици, пред се тенковите. Почетокот на офанзивата ќе му припадне на нашето славно воздухопловство чија цел е во утринските часови да ги нападне и уништи утврдените точки на непријателот, во продолжение да ги уништува неговите артилериски и минофрлачки гнезда, да врши извидувачки летови со цел од воздух да информира за движењата на противникот и да ја фотографира актуелната состојба на фронтот. Вкупно ќе учествуваат деведесет борбени авиони.

По секоја цена, на почетокот на офанзивата да се сочува содејство на воздухопловството, артилеријата, пешадијата и механизираните единици. Ова пред се важи при нападот на Поленатa и ридот 1685 каде првенствено ќе напаѓа III дивизија за ридско гонење, додека задача на IX, X, XI дивизија е да го спречат бегството на непријателските сили кон Албанија...

Господо!!! Грчката армија никогаш до сега не располагала со толку борбена сила во луѓе и борбени средства и техника. Благодарение на нашите пријатели и сојузници, Соединетите Американски Држави, со чиј офицерски и стручен тим

командува драгиот и почитуван генерал Ван Флит, ние сме сестрано подготвени да го сотреме непријателот. Нас не интересира едно: Победа! Нема да има никакви преговори. Ќе говори само оружјето. Нема капитулација. Ќе има само пораз од кој тие никогаш нема да се подигнат! Господо чест ми е да објавам дека офанзивата ќе почне на 10 август во 5 часот наутро. Овации од сите страни.

Пред картата застана генерал Ван Флит, обраќајќи се на присутните. - Ете господо генерали само толкав простор треба да совладате. Две шепи. Две шепи простор, покажувајќи на картата, и ништо повеќе. Војската ви ја облековме и добро ја нахранивме и ви ја снабдивме со најдоброто оружје што го имаме. Сега имате се! Авиони – од најновите. Топови и минофрлачи – нови. Базуки и напалм бомби! – тој подвикна и долго се загледа во присутните. – имајќи такво оружје треба да приберете храброст и за само пет денови, господо, за само пет денови морате да ставите крај на војната. Тука – тој покажа на картата ќе бијат 90 авиони и покрај бомбите ќе фрлаат и напалм, ќе грмат стотина артилериски цевки и уште толкав број минофрлачи, ќе јуришаат скоро 80 илјади војници потпомогнати со над двесте блидирани коли и тенкови! Не повеќе, туку само пет денови! Комунистите да не ги извадите од рововите и од бункерите. Тие да останат таму, ама мртви... Реков пет денови и во овие пет денови ако не го уништиме непријателот, adios amigo, ние си одиме... Американскиот даночник за вас и за оваа војна потроши голема пара.

** Ова се извадоци од книгата на генерал мајор Д. Зафиропулос, “Антибандитската Војна 1945 – 1949“, која го опишува крајот и катастрофалниот пораз на Демократската Армија на Грција и несогледливите последици за македонскиот народ во неа.

Што се случуваше со македонскот население во оваа војна. Нашето македонско прашање се решаваше спрема ситуацијата на фронтот, се даваа многу права кога им требавме, училишта на мајчин јазик, самоопределување до отцепување, чисти воени единици, но само за кратко, кога во 1948 год. во март се собраа децата и се однесоа по народните републики, а во 1949 год.

старо младо и се што остана се префрли во Албанија, тогаш КПГ и ДАГ ја направија најголемата грешка, не откорнаа за секогаш од нашите родни огништа, и можност монархофашистите да ја реализираат својата цел. Целосно истребување и егзодус невиден во поновата историја. 1949 год. во важност беше паролата НЕПРИЈАТЕЛОТ НА ВИЧО НЕМА ДА СТАПНИ, и ГРАМОС Е НАШ ЗА СЕКОГАШ. За жал и покрај сето оружје немаше доволно борци да ја зачуваат таа огромна територија. Останаа борци од женски род, помали единици, цело население беше вклучено во борбата но сепак тоа беше малку да се зачуваат големите слободни територии. Од редовите на ДАГ борците пребегнуваа во Југославија, кај монархофашистите, голема штета се нанесе со резолуцијата на ИБ, зошто 1949 год. Југославија, ги затвори граници за премин, што предизвика и дополнителни непотребни жртви на наша страна.

Помошта на страната на монархофашистите беше голема од сите западни земји, во се што беше потребно, меѓународната ситуација беше на нивна страна, владееше студената војна така да директната помош од Советскиот Сојуз изостана, за разлика од американците кои многу јавно со се застанаа на страната на монархофашистите.

По поразот на ДАГ раководството на КПГ се нафрли со секакви клевети против македонските раководители и команданти во редовите на ДАГ, сакајќи да се оправдат за поразот а вината да ја префрлат на македонските раководители кои божем биле на страната на Југославија а против ДАГ, што е голема лага и клевета, што покасно излезе на видело, се работеше за обратното. Тоа раководство беше директно виновно за поразот и тоа Никос Захаријадис, Михали Парцалидис, Вландата, Гуша, Маркос и некои други, но овие се директните виновници.

Мое видување за раководството на ДАГ

Кој се генералниот секретар на партијата Никос Захаријадис и генерал Маркос?

Од двајцата Средноазијци кои ја поведоа Граѓанската војна, со мамката на КПЈ/КПМ (НОФ и АФЖ), дека ќе ни создадат нова свест, едниот се викал Никос Захаријадис, роден е на 27 април 1903 година во Одрин (Адријанопулис)., Источна Тракија. Татко му бил вработен како службеник – експерт во француската трговска компанија за тутун „Рези“, со седиште во Цариград. Никос Захаријадис од 1911 – 1912 година живее во Скопје во населбата Ибни Пајко, каде неговиот татко работел во претставништвото на споменатата компанија „Рези“. Во Скопје Захаријадис заоди на училиште. Во 1913 година се преселуваат во Солун. Во 1922 и 1923 година како морнарски работник допатува во Советскиот Сојуз, каде се зачленува во КПСС. Во 1924 со размена на населенијата меѓу Турција и Грција, семејството Захаријадис се преселува во Грција. Во 1924 година го посетува познатиот комунистички универзитет за народите од Источна Европа КУТВЕ во Москва. Захаријадис бил лидер на грчкото комунистичко движење и генерален секретар на КПГ, од 1936 до 1956 година. Захаријадис упорно го култивираше во редовите на КПГ култот и сета доверба во апсолутната непогрешност на КПСС и на Сталин, факт, како што и самиот призна, многу скапо го плати грчкото комунистичко движење, грчкиот и македонскиот народ и самиот тој. Се самоуби како робијаш во градот Соргун во Сибир 1973 година.

Другиот се викал Маркос Вафијадис, роден во 1906 година во село Тосије во Мала Азија. Завршил четвртто оделение. Во граѓанската војна (1945-1950), Захаријадис го избра и го направи генерал и председател на привремената влада за еден ден и кога сака да го потроши. Тоа го стори во август 1948 година. Генерал Маркос Вафијадис познат по својот став (стратегија и тактика), дека вооружената борба треба да се развива во мали ефикасни партизански воени единици. Не фронтално. Тој го прогласи за болен, го суспендира и го прати во прогонство, во градот Пенза, СССР. Захаријадис со смената на Маркос Вафијадис, ја презеде целокупната команда и настојуваше да создаде вооружени единици на ДАГ за фронтална борба и тактика против националната армија на Грција, која беше 10 пати поголема и потмогната од Америка и Англија.

Тие двајцата за време на војната градејќи го „новиот свет“ сурово газеа врз достоинството на Македонците, ги валкаа нивните национални чувства и упорно го негираа македонскиот национален идентитет.

Пролог *

Ликовите на фотографиите чиниш испливуваат, живнуваат, го отсликуваат животот што сега ми се јави во духови и сенки. Низ фотографиите го барам тоа што беше, луѓето со нивните радости, таги и болки. Беа, ги нема. Барам семејства. Беа, ги нема. Го барам тоа што некогаш беше. Сега го нема.

Духови и сенки на духови...

Гледам на ликовите од фотографиите и правам напор да ги видам патиштата по кои се витосаа.

Во кои земји?
Во кои непознати ширини на светот ги растури времето
Кое време?
И како?
Колено по колено
Поединечно-еден зад друг.
И збирно, во куп, и толпа...
Време....
Што е време и што се луѓето во времето?
Времето убива.
Времето ранува.
Времето лекува.
Времето заборава.
Времето не остава траги.
Времето уништува.
Времето е убиец.
Дали е сведок?
Времето одминува.
Времето носи, однесува.
Времето памети.
Времето докажува,

Времето потврдува,
Времето прифаќа и отфрлува.

Се вели во времето на тој и тој,
Во времето на големите бури,
Во времето на таа војна,
Во времето на тие и тие болести.
Тука сме. На празно, на голо, олишено место.
И времето е изминато, одминато,
А тука, сега, во сегашното, денешното,
Во ова миговно време,
Сега сме во одминато време.
Сега сме во времето поделено на сега и вчера.
Време...
Чие време и какво време?..
Тука сме - во изминато време,

Време без луѓе, без куќи,
Тука сме во сегашното време без живот,
Само лединa и јата гаврани.
Време.
Чие време?
Какво време?време на што?време мерено со што?
Време обележано со што и како?
Изгубени во времето.
Согорени во времето.
Времето носи.
Што носи?
Време на радости.
На глад.
На страв,
На жртви, на лаги, на пцости.
Време на клетви, кодошења и измами.
Време на колнења, на чекање.
Време стегнато меѓу времињата.
Какви?
Време за паметење.
На што?
Време на постоење,
Време на истрајност.

Време на чување на времето.
Тука времето се мерело со време
За копање темели, за делкање камен, за sидање
И редење керамиди, за орање и сеење, жнеење,
Време на берење плод, време на свадби, празници,
Растење и стареење, време на радости и таги,
Време на животот...
Потоа дојде и време на војни.
Време на лошо време
И време на големи ветувања и лаги
Време на одлачување на чеда од мајки
И време на искоренување.
Време на молчење на камбаните.
Време без вера во Бога.
Каде застана времето?
Сега има само време
За намнисување на изминатото време
И време да не се заборави далечното време.
Тука сега има само сега.
Дали ќе трае само толку, колку што ќе останеме
Наведнати над пепелиштето
И остатоците од темелите на нашите куќи?
Време во нас останато засекогаш вгнездено
И запечено во спомените.
Време над кое се превалува и превртува маглата
И правот на заборавот....
Време за одмаглување.
Време за обеспрашување на правот
Што налегна над времето.
Време на зреење.
Време потребно за да дојде друго време

* Петре Наковски, „На пат со времето“, Скопје, 2010 година.

Епилог

Голем љубител сум на природата, планините, и секогаш кога наоѓаме слободно време со другарка ми одиме до Неолица, околните планини, пиеме студена изворска вода, каде

поминуваме многу убави моменти кои ме потсетуваат на мојата младост.

За се што поминав во овој период во град Битола најмногу ми помогна мојата сакана другарка Софија, таа беше се и домаќинка, и економист, и педагог кон воспитувањето на децата и спрема мене, секогаш најдуваше време и начин да ми помогне и во работата и во приватниот живот, само со слога и меѓусебно разбирање успеавме иако посиромашно да излеземе на крај со се. Го изучивме синот Спиро, колку можевме и ќерката, ги оженивме и омаживме и така станавме дедо и баба со нашите најмили ни внучиња. Сега секој си ја гледа сопствената фамилија.

Во животот не пијам алкохол, не пушам цигари, не сум љубител на слатки, многу слабо одам на кино претстави, прво од економски аспект а второ не секогаш сакам да седам во затворен простор подолго време. Од пред три години чувам внуче од ќерка ми Менде и со него ми минува времето.

За се што јас постигнав, а мислам не сум постигнал ама ништо, останав доживотно работник, но не сум разочаран, по што чесно и поштено сум ги вршел сите поставени задачи прво за сите, а после за мене. Од фабриката не сум земал ниту динар помош, а стално сум давал секаде и секому, давав придонеси за градот Битола и продолжувам да давам за подобар град, за вработување, давав за обнова на град Скопје по земјотресот, останав без стан, без кола и други неопходни работи, но душата ми е чиста како солза. Најголемо богатство ми е моето скапоцено семејство, живеам и се трудам да им помогнам на сите мои.

КРАТЕНКИ

АФЖ	АНТИФАШИСТИЧКИ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ
ГШ	ГЛАВЕН ШТАБ
ДАГ	ДЕМОКРАТСКА АРМИЈА НА ГРАЦИЈА
ЕАМ	НАЦИОНАЛЕН ОСЛОБОДИТЕЛЕН ФРОНТ
ЕДА	ГРЧКА ДЕМОКРАТСКА ЛЕВИЦА
ЕЛАС	ГРЧКАНАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА АРМИЈА

ПОН НАЦИОНАЛНА СЕГРЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МЛАДИТЕ
ПГ ЗЕМЈОДЕЛСКА ПАРТИЈА НА ГРЦИЈА
ИБ ИНФОРМБИРО
ЕППЕ ЦЕНТРАЛЕН КОМИТЕТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ БЕГАЛЦИ ОД ГРЦИЈА
КЗ КРИВИЧЕН ЗАКОН
КОЕМ КОМУНИСТИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА
КПГ КОМУНИСТИЧКА ПАРТИЈА НА ГРЦИЈА
КПЈ КОМУНИСТИЧКА ПАРТИЈА НА ЈУГОСЛАВИЈА
КПМ КОМУНИСТИЧКАПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
МАИ ЕДИНИЦИ ЗА ЗАШТИТА НА ВНАТРЕШНОСТА
НОВ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА ВОЈСКА
НОД НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ
НОМС НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН МЛАДИНСКИ СОЈУЗ
НОФ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ФРОНТ
ООН ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ
ПБ ПОЛИТБИРО
ПДВ ПРИВРЕМЕНА ДЕМОКРАТСКА ВЛАДА НА ГРЦИЈА ФОРМИРАНА 1947 ГОДИНА НА ГРАМОС, КОЈА НИКОЈ ДРУГ НЕ ПРИЗНАВА ОСВЕН ТАА САМАТА СЕБЕСИ.
ПЕЕА ПОЛИТИЧКИ КОМИТЕТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕ
ПЗ ПРИНУДЕН ЗАКОН
СНОФ СЛАВЈАНОМАКЕДОНСКИНАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ФРОНТ
УДБ УПРАВА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
ЦК ЦЕНТРАЛЕН КОМИТЕТ
ЦС ЦЕНТРАЛЕН СОВЕТ.

Литература

1. „На пат со времето“ – Петре Наковски, 2010 година, Матица Македонска Скопје;

2. „Македонците низ пеколот на црвеното губилиште“ – Стојан Кочов, 2007 година, Матица Македонска Скопје;

3. „Кратка историја на село Желево, Македонија“ – Стојан Томов, Торонто, Канада;

4. „Поздивишта“ – Фана Мартинова, Буцкова и Ристо Шанев, 1988 година, Нова Македонија Скопје;

5. „Ден на Разделените“ – Здружение на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија, 1993 година, Редакција Нова Македонија Скопје;

6. „Грчката болница на островот Волин“, – Бригаден генерал д-р Мјечислав Барчиковски, организатор и главен хирург на специјалната болница под шифра „250“, Варшава;

7. „Антибандитската Војна 1945 – 1949“ – Генерал мајор Димитри Зафиропулос, 1956 година, Атина.

8 Лични белешки и кажувања на: мојот татко Ристо Мавровски, на мојата мајка Софија Мавровска, на мојот брат Васил Илиев Склифов, на мојата сестра Неда Мавровска.